ЕДИНЕЧЕН
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
**АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**

# 2025

Февруари 2026




90 ГОДИНИ
АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
*Здравјето пред сè*

ЕДИНЕЧЕН
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
**АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**

# 2025

ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2025

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

# СОДРЖИНА


**АЛКАЛОИД во 2025** .......... **6**
**Организациска Структура** .......... **8**
**Корпоративно управување** .......... **10**
Собрание на акционери .......... 12
Надзорен одбор .......... 13
Внатрешна ревизија .......... 17
Надворешна ревизија .......... 18
Управен одбор .......... 19
Управување со ризици и бизнис-континуитет .......... 25
Деловна етика .......... 29
Заштита на личните податоци .......... 31
Портфолио и правна интелектуална сопственост .......... 32
**Акционерство** .......... **36**
**Интегриран менаџмент - систем и квалитет** .......... **37**
Квалитет .......... 37
Безбедност и здравје при работа .......... 38
Животна средина .......... 39
**Бизнис-опкружување и иден развој** .......... **42**
Фармација .......... 42
Хемија, козметика, билка .......... 45
Снабдување .......... 46
Транспорт .......... 48
Инвестиции .......... 49
**Човечки ресурси** .......... **52**
**Одржлив развој** .......... **57**
**Единечен финансиски извештај за работењето** .......... **59**
Клучни финансиски показатели .......... 59
Селектирани финансиски показатели .......... 59
Општи податоци .......... 60
Управување со финансиски ризик .......... 60
Инвестиции .......... 62
Дивиденда .......... 62
Финансирање – кредити .......... 62
Големи зделки .......... 63
Трансакции со поврзаните субјекти .......... 63
Акционерски капитал .......... 66
Надоместоци на раководството .......... 67
Продажби .......... 67

# **АЛКАЛОИД** во 2025

**224,7 милиони ЕУР**
приходи од продажби и
**32,2 милиони ЕУР**
нето-добивка

**17 % раст**
на нето добивка

**18 % раст**
на ЕБИТДА во износ од
55,1 милиони ЕУР

**РК Алкалоид - победник на ЕХФ Европскиот куп за мажи за сезоната 2024/25**

Инвестиции во основни средства во износ од **16 милиони ЕУР**

**Нова микробиолошка лабораторија** за контрола на квалитет **вредна 3,1 милиони евра**

**„АЛКАЛОИД“ со значаен напредок во областа на одржливоста – доделен бронзен медал од EcoVadis**

**Фондацијата Трајче Мукаетов доделени 40 нови стипендии**

**„АЛКАЛОИД“ одбележа половина век информатичка технологија**

**ШК АЛКАЛОИД - ЕВРОПСКИ ВИЦЕШАМПИОН за 2025**


НАДЗОРЕН ОДБОР
КЕ Внатрешна ревизија
УПРАВЕН ОДБОР
ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР
Офицер за корпоративна усогласеност и Офицер за заштита на лични податоци
Корпоративен секретар
Офицер за сајбер безбедност
Кабинет на ГД
Акционерство, имотни прашања
ПЦ Фармација ПЦ ХКБ
ПЦ ХКБ
СБЕ Фармација
Кластер Источна Европа
Бизнис развој
Глобален развој
Глобални мед работи и безб на лекови
Контрола на квалитет Фармација
Оперативна идеалност
Иновации, стратешки проекти M &As
Снабдување АПИ, ексипиенти и фин дозирани форми
БЕ Производство
Цврсти форми
Цефалоспорини
Производство течности
Производство фармацевтски суровини
Технички операции за производство
Производство полуцврсти форми
Пакување лекови
Оддел за квалитет
Континуирано подобрување
Планирање производство Фармација
БЕ Кластер Западен Балкан
Болнички продажби
Регион Македонија
Регион Србија и Црна Гора
Регион Косово и Албанија
СБЕ Хемија, Козметика и Билка
Хемија
Козметика
Билка
Продажби ПШП
Продажби Хемикалии

# 2025 ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА АД АЛКАЛОИД СКОПЈЕ



# Корпоративно управување

АЛКАЛОИД АД Скопје и во 2025 година продолжи со доследна примена на начелата за добро корпоративно управување, утврдени во Статутот и во внатрешните акти, како и со имплементација на добрите практики низ сите процеси во компанијата.

Годишното собрание на акционери, одржано на 1.4.2025 година, беше организирано во согласност со Статутот, внатрешните акти и со Законот за трговските друштва. Во рамките на активностите беше извршено техничко усогласување на Статутот во делот на шифрите и називите на дејностите, во согласност со Националната класификација на дејностите – НКД рев. 2.1, која се применува од 1.1.2025 година.
Во текот на подготовките за Собранието, интердисциплинарната група во компанијата продолжи со систематско пополнување на прашалниците објавени на Македонската берза, во насока на известување за усогласеноста со Кодексот за корпоративно управување.

Во согласност со стратешката заложба за одржлив развој, во декември 2025 година беше организиран ESG-месец, со цел подигнување на свеста за ESG-темите во компанијата и во капитално поврзаните друштва, како и јакнење на ангажираноста и самодовербата на вработените преку презентација на постигнатите резултати и реализираните активности во 2025 година.

**АЛКАЛОИД АД Скопје е друштво организирано според двостепен систем на управување. Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор. Управиот одбор има најшироки овластувања во управувањето со компанијата, додека, пак, Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор. Процесот на управување во АЛКАЛОИД е целосно во согласност со законите во Република Северна Македонија, како и со домашните и со меѓународните добри практики.**

Во мај 2025 година претставници на ESG-одборот спроведоа обука за вработените за Кодот за етичко и деловно однесување, Политиката за забрана на злоупотребата на детскиот труд и трудот на младите лица, Политиката за заштита и унапредување на човековите права, Политиката за модерно ропство и Политиката за недискриминација и промовирање различност, еднакви можности и инклузија. Обуката имаше цел потсетување на клучните принципи од областа на човековите права и на нивната практична примена во секојдневното работење.

Членовите на управните органи продолжија активно и конструктивно да ги извршуваат своите надлежности, во согласност со Статутот и со деловниците за работа. Во 2025 година органите беа активно вклучени во следењето на ESG-стратегијата, управувањето со ESG-ризиците, како и во процесите на проценка и известување поврзани со ESG.

Во текот на 2025 година АЛКАЛОИД АД Скопје ја продолжи заложбата за воспоставување одржлив синџир на снабдување преку континуирано очекување од постојните и идните добавувачи, но и од нивните партнери, да применуваат еколошки и социјални стандарди и принципи на добро корпоративно управување.

**Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје е сочинет од членови од кои 33% се жени, а Управниот одбор, е сочинет со членови од кои 20% се жени. Составот на членовите на Надзорниот и Управниот одбор нема да подлежи на промени до истекот на мандатот на членовите. Органите на друштвото континуирано вршат анализи и истражувања со цел детерминирање на соодветни кандидати за членови на Надзорниот и Управниот одбор. Континуирано се посветува внимание и работи на преземање мерки за да се обезбеди соодветна застапеност на жените во органите на управување. Друштвото ќе продолжи со залагањата и активностите со цел поголема застапеност на жените во органите на управување во следните мандати.**

# Собрание на акционери

Собранието на акционери е највисок орган на управување во АЛКАЛОИД АД Скопје. Во согласност со Законот за трговските друштва, на секој акционер запишан во акционерската книга од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас. На собранието на акционери се носат суштинските одлуки за компанијата, во согласност со закон и тука акционерите ги остваруваат своите права во друштвото.

Управниот одбор свикува годишно собрание на акционери најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, но не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание. Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите, а материјалите за собранието се достапни за акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

Во согласност со финансискиот календар на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2026 година, годишното собрание на акционери ќе се одржи во првата седмица од април 2026. Јавниот повик, како и материјалите за годишното собрание на акционери ќе бидат објавени на системот СЕИ-НЕТ на „Македонска берза“ и на официјалната интернет-страница на АЛКАЛОИД АД Скопје во рубриката „За инвеститорите“.

# Надзорен одбор

Во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија и со Статутот на друштвото, Надзорниот одбор врши надзор врз работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје од 1998 година, кога е и за првпат воспоставен.

Членовите на Надзорниот одбор се состануваат на годишно ниво, со цел да ги разгледаат предлог-одлуките изготвени од Управниот одбор во поглед на работењето на друштвото за тековната година и да произнесат свој став дали тие треба да се усвојат или да се одбијат од Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Состав на Надзорниот одбор:



**ПРОФ. Д-Р МИОДРАГ МИЦАЈКОВ**

**Претседател на Надзорниот одбор**

Доктор по право, професор и поранешен декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј’“ во Скопје. Претседател на Одборот од 1998 година.



**БОЈАНЧО КРАЛЕВСКИ**

**Член на Надзорниот одбор**

Дипломиран инженер по хемија. Член на Одборот од 1998 година.



**ЛИДИЈА СОФРЕВСКА-АНДОНОВА**

**Член на Надзорниот одбор**

Магистер по економски науки при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Член на Одборот од 2023 година.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Надзорниот одбор има овластување да врши надзор над управувањето со Друштвото, кое го врши Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото.

Членовите на Надзорниот одбор не членуваат во органи на управување на други друштва.

Во текот на 2025 година Надзорниот одбор ги одржуваше своите седници во полн состав: претседател проф. д-р Миодраг Мицајков и членовите Лидија Софревска-Андонова, независен член, и Бојанчо Кралевски. Надзорниот одбор одржа 10 (десет) седници и донесе 30 (триесет) одлуки.

На одржаните седници Надзорниот одбор ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања, во согласност со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје и со Законот за трговските друштва.

На одржаните седници посебен акцент се стави врз разгледувањето на неревидираните единични финансиски извештаи и неревидираните консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и на периодичните финансиски извештаи, и тоа за периодот 1.1. – 31.3.2025 година, 1.1. – 30.6.2025 година, 1.1. – 30.9.2025 година, и тоа по сите структури: биланс на успехот, биланс на состојбата, известување за паричниот тек и известување за промените во капиталот.

Во согласност со Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонската берза, Надзорниот одбор ги разгледа и расправаше во врска со кварталните извештаи за клучните деловни ризици во АЛКАЛОИД АД Скопје за 2025 година.

На седниците на кои на дневен ред беше разгледувањето на неревидираните единични финансиски извештаи и на неревидираните консолидирани финансиски извештаи, на покана на претседателот на Надзорниот одбор присуствуваа и претседателот на Управниот одбор и генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и раководните лица од соодветните стручни служби, со цел подетално да се образложат сите позиции од доставените неревидирани единични финансиски извештаи и неревидирани консолидирани финансиски извештаи, за да може Надзорниот одбор соодветно да одлучува.

Претседателот на Управниот одбор, во согласност со своите дефинирани надлежности, даваше дополнителни образложенија за материјалите доставени на седниците, а врз принципот на добро корпоративно управување се водени отворени дискусии во однос на материјалите во врска со точките од дневниот ред, како и на сите значајни прашања од делот на работењето на Друштвото.

Од непосредно извршениот увид во доставените финансиски извештаи и од излагањата на претседателот на Управниот одбор и генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и на раководните лица од соодветните стручни служби, Надзорниот одбор има донесено одлуки со кои се усвојуваат неревидираните единични и неревидираните консолидирани финансиски извештаи на Друштвото, како и неревидираниот единичен и неревидираниот консолидиран биланс на успехот на Друштвото.

Надзорниот одбор, исто така, изврши и редовен увид во управувањето со Друштвото, кое го врши Управниот одбор, и го разгледа годишниот извештај за работата на Друштвото за претходната година (единичен и консолидиран), при што се констатира дека работењето и водењето на Друштвото се успешно извршени, што е очигледно и од остварените позитивни финансиски резултати во текот на претходната година.

Надзорниот одбор ги разгледа доставените заклучоци од оцената за работењето на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на претходната година и констатираше дека големината, составот и функционирањето на Управниот одбор им овозможуват ефективност и ефиканост на членовите на Управниот одбор.

Надзорниот одбор позитивно ја оценува соработката која ја имаше со претседателот и со членовите на Управниот одбор во остварувањето на своите надлежности утврдени со Статутот на Друштвото и со Законот за трговските друштва, со цел градење заеднички ставови во насока на остварување на зацртаните планови за успешен развој на Друштвото за 2025 година.

Надзорниот одбор изврши увид и во книгите и во документацијата со која располага Друштвото, а кои се однесуваат на неговото финансиско работење, состојбата со имотот и на хартиите од вредност. При нивната проверка констатираше дека и во тој дел работењето на Друштвото е успешно и во рамките на законската регулатива.

Во согласност со позитивните законски одредби од Законот за трговските друштва, Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонската берза, Статутот и од другите внатрешни акти на Друштвото, Надзорниот одбор донесе одлука со која се утврдува профилот на Надзорниот одбор. Имено, профилот содржи минимални услови кои треба да ги исполнуваат членовите на Надзорниот одбор од аспект на знаењето, квалификациите, вештините и на искуството што ги поседуваат членовите, поединечно и заедно, за успешно извршување на своите функции.

Надзорниот одбор донесе одлука со која се дава претходна согласност за предлогот на генералниот директор за повторно назначување на корпоративниот секретар Димитар Ристовски од страна на Управниот одбор на Друштвото.

Исто така, Надзорниот одбор го разгледа бизнис-планот на Друштвото за 2026 година, во кој се содржани планот за продажбите, планираниот биланс на успехот по функција, планот за трошоците по видови, планот за работната рака, планот за капиталните издатоци, планираниот биланс на состојбата и планираниот паричен тек.

Надзорниот одбор оцени дека се работи за бизнис-план кој е квалитетно изработен, базиран на реалните очекувања и кој јасно ги дефинира целите на сите нивоа на раководење во Друштвото, со што се обезбедува интегрирање на сите напори во остварувањето на заедничките цели на Друштвото.

Бизнис-планот за 2026 година е базиран на очекувањата, проекциите и можностите на тековните и на новите пазари и производи достапни на Друштвото во моментот на изготвување на планот.

Надзорниот одбор, во согласност со чл. 415в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото, како негова независна организациска единица, во кој се претставени активностите на Службата извршени во периодот јануари – јуни 2025 година.

Надзорниот одбор го усвои и даде оцена дека полугодишниот извештај за 2025 година е квалитетно и содржински изработен, во согласнот со законските одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, и дека во него се опфатени описот на извршените ревизии за работењето на Друштвото, оцената на соодветноста и ефикасноста на системите за внатрешна ревизија, како и наодите и предложените мерки на Службата.

Исто така, Надзорниот одбор ја одобри Повелбата за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје изготвена од Службата за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје

Во согласност со годишниот план за внатрешна ревизија за 2025 година, Службата за внатрешна ревизија до Надзорниот одбор достави и квартални извештаи за периодот јануари – март, април – јуни и јули – септември 2025 година, во кои се наведени активностите што ги има извршено Службата за внатрешна ревизија во кварталните периоди. Идентификуваните наоди на Службата за внатрешна ревизија се во насока на натамошно подобрување на процесот на ефикасност во работењето. Наодите се дискутирани со раководните лица во организациските делови кои се предмет на тестирање и се во целост прифатени.
Надзорниот одбор, по разгледувањето на кварталните извештаи од Службата за внатрешна ревизија, донесе одлуки за нивно усвојување.

Во согласност со чл. 415б од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор го разгледа годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2026 година и донесе одлука со која тој се одобрува.
Во годишниот план за работа наведени се предметот на ревизијата, со опис на содржината на планираната ревизија по одделни области, и распоредот на контролите во текот на 2026 година, со планираното времетраење за спроведување на контролите.

Во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва Службата за внатрешна ревизија како независна организациска единица во друштвото поднесе годишен извештај за својата работа за претходната година. Во годишниот извештај презентирани се активностите на Службата за внатрешна ревизија, извршени во претходната година во согласност со усвоениот годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија.

Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија ги содржи следните информации:

- опис на извршени активности;
- наоди/препораки од извршени поединечни ревизии;
- консултантски активности;
- информации за Службата за внатрешна ревизија

Надзорниот одбор е на мислење дека годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, со што го одобри горенаведениот извештај и го приложи до Собранието на акционери.

Работењето на Надзорниот одбор во текот на 2025 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговски друштва, Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза, Статутот и другите внатрешни акти на АЛКАЛОИД АД Скопје.

# Внатрешна ревизија

Службата за внатрешна ревизија претставува независна корпоративна единица организирана од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје. Вршењето внатрешна ревизија е во согласност со барањата на Законот за трговските друштва и со усвоената Повелба за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Внатрешната ревизија му помага на АЛКАЛОИД АД Скопје да ги оствари своите цели преку користење систематски, дисциплиниран пристап за процена и за подобрување на ефикасноста во управувањето со ризиците, како и на контролите и процесите на раководење. Основната цел е зголемување и заштита на вредноста на АЛКАЛОИД АД Скопје преку обезбедување објективни (базирани на ризици) и доверливи ревизорски, консултантски и аналитички услуги.

Внатрешната ревизија цели да биде додадена вредност за АЛКАЛОИД АД Скопје и препознаена како еден од носителите на корпоративната култура и на компаниските вредности, односно ценет партнер и доверлив советник на заинтересираните страни (Надзорниот одбор, Управниот одбор, високиот менаџмент, акционерите). Во нејзини рамки се ангажирани стручни професионалци, соодветно обучени и сертифицирани за извршување ревизорски активности, кои редовно ги исполнуваат барањата за континуирано професионално усовршување.

Своите активности Внатрешната ревизија ги извршува во согласност со стратешкиот и со годишниот план, кои се изготвени врз основа на најзначајните ризици, а се одобрени од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје. Во текот на 2025 година за сите извршени активности беа изготвени и доставени одделни детални извештаи, квартални извештаи (доставени до генералниот директор и до Надзорниот одбор), како и годишен и полугодишен извештај на Внатрешна ревизија, кои се предмет на одобрување од Управниот и од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во согласност со планот за 2025 година, беа спроведени 24 ревизорски и консултантски ангажмани, и тоа во следниве области: производство, продажби, кредити, корпоративно управување, нефинансиско известување, клучни индикатори за успех, ESG и др. Покрај во овие области, ангажмани за внатрешна ревизија, преку директни посети, беа спроведени и во друштвата на АЛКАЛОИД АД Скопје во странство. За сите спроведени активности во посебни детални извештаи беа претставени утврдените недостатоци и предложените подобрувања.

Раководителот на Внатрешна ревизија има редовна комуникација со Надзорниот одбор и учествува на сите негови состаноци на кои се разгледуваат информации поврзани со работата на Внатрешна ревизија.

# Надворешна ревизија

Собранието на акционери го избира независниот надворешен ревизор. Друштвото детално ги уредува сите прашања поврзани со надворешната ревизија, особено критериумите за утврдување и за одржување на независноста и на објективноста на надворешниот ревизор, постапката за избор и критериумите при изборот, планот за работа, фреквенцијата и начинот на известување од надворешниот ревизор, како и други прашања од интерес за ангажманот и за активностите на надворешниот ревизор.

Овластениот ревизор не може да извршува други услуги за друштвото кои може да претставуваат закана за неговата објективност и независност во годината додека врши ревизија, како и најмалку во претходните две години.

Доколку други вработени во ревизорската куќа каде што работи овластениот ревизор извршуваат друга работа за друштвото и за друштвата поврзани со него, која не претставува ревизија, друштвото мора да обезбеди системи за зачувување на независноста и на објективноста на ревизорот.

Друштвото е должно да има ревизорско мислење за финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржување на собранието на акционери. Овластениот ревизор го избира Собранието на акционери пред истекот на деловната година за која што се врши ревизија. Управниот одбор е должен да му овозможи на овластениот ревизор увид во целокупната документација. Овластениот ревизор на финансиските извештаи поднесува извештај за извршена ревизија според меѓународните ревизорски стандарди.

Управниот одбор ги доставува извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка, финансискиот извештај и предлог-одлуката за распределба на добивката до Надзорниот одбор заради нивна проверка.

Надзорниот одбор е должен да ги провери годишните сметки, финансиските извештаи и предлогот на одлуката за распределба на добивката. На барање на Надзорниот одбор, овластениот ревизор е должен да присуствува на состанокот на Надзорниот одбор.

Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на 1.4.2025 година за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2025 година го назначи ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО, Скопје (PwC).

# Управен одбор

Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето на Друштвото, односно во вршењето на сите работи врзани со водењето и со тековните активности на Друштвото, па дејствува во сите околности во име на Друштвото во рамките на предметот на работењето.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор управува со Друштвото и, во тие рамки, го води работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје на сопствена одговорност.

**Состав на Управниот одбор:**



**ЖИВКО МУКАЕТОВ**

**Претседател на Управниот одбор и Генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје**

По струка е дипломиран машински инженер. Магистрирал на Chartered Institute of Marketing во Лондон, Велика Британија. Член е на Управниот одбор од 2004 година, а за претседател на Управниот одбор е назначен во 2007 година. Одговорен е за севкупното работење на Групацијата АЛКАЛОИД.



**ВИКТОР СТОЈЧЕВСКИ**

**Член на Управниот одбор и Директор на Финансии**

Дипломиран економист. Член на Одборот од јануари 2013 година. Одговорен е за финансиските операции на компанијата.



**ОЛИВЕРА ПАНЕВА**

**Член на Управниот одбор и одговорна за обезбедување квалитет и за интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД на корпоративно ниво.**

Дипломиран доктор по медицина. Постдипломски студии по фармаковигиланца на University of Hertfordshire, Hatfield, Велика Британија. Член е на Одборот од април 2023 година. Одговорна за обезбедување квалитет и за интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД на корпоративно ниво.



**ЃОРЃИ ЈОВАНОВ**

**Член на Управниот одбор и Директор на Акционерство и имотни прашања на компанијата.**

Дипломиран економист.
Член на Одборот од 2006 година.
Одговорен е за акционерството и за имотните прашања.



**ЌИРЕ ИЦЕВ**

**Член на Управниот одбор и Директор на Службата за општи работи.**

Дипломиран машински инженер на Машинскиот факултет. Член на Одборот од 2007 година. Одговорен е за целокупното работење на Одделот за општи работи.

Управниот одбор во текот на 2025 година ги вршеше активностите во рамките на своите надлежности во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на Друштвото, носеше одлуки за деловната политика и го водеше работењето на Друштвото.

Членовите на Управниот одбор не членуваат во органи на управување на други друштва.

Управниот одбор се состануваше редовно, при што во текот на 2025 година одржа 27 (дваесет и седум) седници и донесе вкупно 184 (сто осумдесет и четири) одлуки/заклучоци.

Во извештајот за работата на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2025 година се изнесуваат поважните одлуки што ги има донесено Управниот одбор, и тоа:

- одлука за попис и за формирање комисии за попис на основните средства и на изворите на средства и усвојување на извештајот за извршен попис во АЛКАЛОИД АД Скопје;
- одлуки за усвојување на предлог-годишна сметка на Друштвото, предлог-консолидирана годишна сметка на Друштвото и предлог-годишен извештај (единичен и консолидиран) за работата на Друштвото;
- одлуки со кои се усвојуваат годишните сметки за претходната година на друштвата чии основач е АЛКАЛОИД АД Скопје.

Управниот одбор на своите седници месечно ги разгледуваше билансот на успех на АЛКАЛОИД АД Скопје по трошковни места и извештајот за тековното работење на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје.

На седниците, на покана на претседателот на Управниот одбор, присуствуваа и раководните лица од Планирање производство фармација и управителот на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје.

Управниот одбор донесе одлуки/заклучоци со конкретни задолжувања за раководните лице на профитните центри во АЛКАЛОИД АД Скопје и за управителот на АЛКАЛОИД КОНС, а, пред сѐ, во насока на максимално ангажирање заради исполнување на зацртаните плански задачи, интензивирање на наплатата, контрола на резервите, како и заради намалување на трошоците.

Исто така, Управниот одбор, во согласност со Законот за трговските друштва, ги разгледа и расправаше за неревидираните единични и неревидираните консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за неревидираните периодични финансиски извештаи, и тоа за периодот 1.1. – 31.3.2025, 1.1. – 30.6.2025 година и 1.1. – 30.9.2025 година, при што оцени дека Друштвото има остварено позитивни финансиски резултати.

Во согласност со Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонската берза, Управниот одбор ги разгледа и расправаше во врска со кварталните извештаи за клучните деловни ризици во АЛКАЛОИД АД Скопје за 2025 година.

Во согласност со Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза, Управниот одбор, врз основа на евалуацијата на својата работа, изготви оцена за ефективноста и за ефикасноста на работењето на Управниот одбор во текот на претходната година.
Исто така, Управниот одбор ги достави заклучоците од оценувањето до Надзорниот одбор, кој констатира дека големината, составот и функционирањето на Управниот одбор овозможуват ефективност и ефиканост на членовите на Управниот одбор.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на Друштвото, Управниот одбор, во рамките на својата надлежност, донесе предлог-одлуки во согласност со предложениот дневен ред за Годишното собрание на акционери на Друштвото, што се одржа на 1.4.2025 година.

Управниот одбор, имајќи ја во вид подобрата и пофункционална организација на работењето на Друштвото, донесе одлуки за измени во внатрешната организација и систематизација на работните места и во методологијата за утврдување на сложеноста на работните места. Воедно, се донесе и нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во АЛКАЛОИД АД Скопје.

Беа донесени и следниве одлуки со кои се одобрува:

- исплата на регрес за годишен одмор;
- исплата на еднократен годишен надомест за лојалност и за присуство на работа на вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје за претходната година;
- исплата на новогодишен надомест.

Во текот на 2025 година Управниот одбор на своите седници ги донесе и следниве значајни општи акти на Друштвото:

- Правилник за начинот и постапката за пријавување надворешна комуникација
- Политика за интегриран менаџмент-систем на АЛКАЛОИД АД Скопје
- Правилник за претставници на работниците за безбедност и здравје при работа на АЛКАЛОИД АД Скопје
- Политика за системот за заштита на личните податоци на АЛКАЛОИД АД Скопје
- Политика со опис на техничките и организациските мерки (Политика за информациска сигурност)
- Политика за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица на АЛКАЛОИД АД Скопје
- Политика за управување со безбедносни инциденти
- Политика за сигурносна копија и за враќање на податоците
- Методологија за проценка на ризици
- Правилник за начинот на вршење видеонадзор во АЛКАЛОИД АД Скопје
- Политика за корпоративно користење технологии/алатки базирани на вештачката интелигенција
- ESG-стратегија на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2026 година

Во согласност со одредбите од Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонската берза, Управниот одбор донесе одлука за повторно назначување на корпоративниот секретар Димитар Ристовски, по претходно добиена согласност од Надзорниот одбор.

Управниот одбор, во согласност со новодонесената политика за корпоративно користење технологии/алатки базирани на вештачката интелигенција, донесе одлука за назначување офицер за сајбер-безбедност.

Управниот одбор донесе одлука со која се донесуваат основите на бизнис-планот на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2026 година.

Управниот одбор донесе одлука со која го усвои бизнис-планот на Друштвото за 2026 година и даде насоки за негово спроведување.

Во него се содржани планот за продажбите, планираниот биланс на успехот по функција, планот за трошоците по видови, планот за работната рака, планот за капиталните издатоци, планираниот биланс на состојбата и планираниот паричен тек.

Управниот одбор оцени дека се работи за бизнис-план кој е базиран на реалните очекувања, проекции и можности на тековните и на новите пазари и производи, политиката на управување со ризик и на зголемувањето на ефикасноста на сопствените ресурси. Бизнис-планот за 2026 година е базиран на очекувањата, проекциите и можностите на тековните и на новите пазари и производи достапни на Друштвото во моментот на неговото изготвување.

Воедно, донесен е и финансиски календар на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2026 година.

Во согласност со чл. 375 ст. 3 и со чл. 366 ст. 3 од Законот за трговските друштва, Управниот одбор донесе одлука за назначување лица со посебни овластувања и одговорности (раководни лица) во Друштвото за 2026 година.

Исто така, Управниот одбор го усвои финансискиот извештај на Фондацијата „Трајче Мукаетов“ Скопје за претходната година и ја донесе Програмата за работа на Фондацијата за 2026 година.
Во Програмата се утврдуваат износот, начинот, условите и постапката за користење на средствата на Фондацијата наменети за стипендирање, донирање и за финансирање талентирани студенти, научни работници и проекти од областа на медицината и фармацијата.

Во согласност со Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза, Управниот одбор го усвои ESG-извештајот за животна средина, општествени прашања и управување на АЛКАЛОИД АД Скопје за претходната година.
Воедно, донесена е и Програмата за работа на ШК Алкалоид за 2026 година, а одобрени се и програмите за работа на РК Алкалоид ракомет Скопје и на РК МУЛТИ ЕСЕНС Скопје за 2026 година.

Во однос на работењето на друштвата чии основач е АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор донесе одлуки за назначување и за продолжување на мандатите на директорите/управителите на друштвата во странство чии основач и единствен сопственик е АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во согласност со чл. 415в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, Службата за внатрешна ревизија, како независна организациска единица во Друштвото, до Управниот одбор поднесе годишен извештај за својата работа за претходната година. Во него се претставени активностите на Службата за внатрешна ревизија извршени во претходната година во согласност со усвоениот годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија.

Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија ги содржи следниве информации:

- опис на извршените активности;
- наоди/препораки од извршените поединечни ревизии;
- консултантски активности;
- информации за Службата за внатрешна ревизија.

Управниот одбор, по разгледувањето на годишниот извештај, донесе одлука со која тој се одобрува за работа на Службата за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје, како независна организациска единица, за претходната година.

Исто така, во согласност со чл. 415в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, Управниот одбор го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото, во кој се претставени активностите на Службата извршени во периодот јануари – јуни 2025 година.

Управниот одбор, по разгледувањето на полугодишниот извештај, донесе одлука со која го усвои и даде оцена дека полугодишниот извештај за 2025 година е квалитетно и содржински изработен, во согласност со законските одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, и дека во него се опфатени описот на извршените ревизии за работењето на Друштвото, оцената за соодветноста и за ефикасноста на системите за внатрешна ревизија, како и наодите и предложените мерки на Службата.

АЛКАЛОИД АД Скопје, како основач и единствен содружник на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, ги врши надлежностите на органите на Друштвото, и тоа:

- управен одбор на основачот како собир на содружници на Друштвото;
- контролор како орган на надзор во работењето на Друштвото.

Собирот на содружници на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје во текот на 2025 година одржа 12 (дванаесет) седници и донесе 22 (дваесет и две) одлуки.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, донесени се следниве позначајни одлуки:

- одлука за попис и за формирање комисии за попис на основните средства и на изворите на средствата;
- одлука за усвојување на извештајот за извршен попис на основните средства и на изворите на средствата;
- одлуки за усвојување на годишната сметка на Друштвото, годишниот извештај за работата на Друштвото и на неревидираните финансиски извештаи на Друштвото;
- одлука за распоредување на добивката;
- одлука за усвојување на извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за претходната година од овластен ревизор од ревизорското друштво „ПрајсвотерхаусКуперс ревизија“ ДОО;
- одлука за повторен избор на контролор на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје;
- одлука за повторен избор на управител на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје;
- одлука за исплата на регрес за годишен одмор;
- одлуки за назначување раководни лица;
- одлука за исплата на еднократен годишен надомест за лојалност и за присуство на работа на вработените во АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје;
- одлука за исплата на новогодишен надомест.

АЛКАЛОИД АД Скопје како основач и единствен содружник на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје ги врши надлежностите на органите на Друштвото, и тоа:

- управен одбор на основачот како собир на содружници на Друштвото.

Собирот на содружници на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје во текот на 2025 година одржа 7 (седум) седници и донесе 7 (седум) одлуки.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, донесени се следниве позначајни одлуки:

- одлука за попис и за формирање комисии за попис;
- одлука за усвојување на годишната сметка на Друштвото;
- одлука за распоредување на добивката;
- одлука за исплата на регрес за годишен одмор;
- одлука за исплата на еднократен годишен надомест за лојалност и за присуство на работа на вработените во БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје;
- одлука за исплата на новогодишен надомест.

Воедно, работењето на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2025 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва, Статутот и во другите внатрешни акти на Друштвото.

# Управување со ризици и бизнис-континуитет

## Управување со ризици

### Клучни ризици за 2025 година

### *Процес на управување со ризици*

Компанијата користи комплексен систем за управување со ризици за навремено идентификување на заканите и можностите, со цел заштита на ресурсите, оптимизација на работењето и одржување висока репутација кај засегнатите страни. Овој систем е воспоставен во согласност со меѓународните стандарди ISO 9001, ISO 31000, ISO 14001, ISO 45001 и ISO 50001, поддржан со повеќе од 500 интерни документи и целосно усогласен со барањата за корпоративно управување на Македонската берза.

### *Управувачки тела и релации*

| | |
|---|---|
| **Надзорен одбор** | Надзор над управувањето со друштвото и над ефикасноста на системот за управување со ризици |
| **Внатрешна ревизија** | Проверка на системот за управување со ризици и на неговата ефикасност |
| **Управен одбор** | Управување и формирање Одбор за управување со ризици и континуитет |
| **Генерален директор и Одбор за ризици** | Обезбедување услови за управување со ризици |
| **Офицер/Тим за ризици** | Примена и контрола на управувањето со ризици |
| **Организациски единици** | Навремено и ефикасно идентификување на ризиците, усогласеност, етика и грижа за вработените, имотот, животната средина и за засегнатите страни |

## *Систем за управување со ризици*

Системот за управување со ризици на компанијата често ги класифицира ризиците во две главни групи, за да овозможи ефикасно мапирање и контрола:

1. Индивидуални ризици – овие ризици се специфични за одредена активност, процес, проект, организациска единица или оддел. Најчесто се на оперативно ниво и ги идентификуваат и управуваат организациските единици. Тие се однесуваат на секојдневните пречки или отстапувања во извршувањето на задачите (на пример, оперативна грешка, недостиг на резерви во одреден магацин, технички дефект на една машина). Овие ризици се менаџираат со воспоставување внатрешни контроли и процедури во рамките на конкретниот оддел. Нивниот потенцијален ефект е обично локализиран.

2. Клучни (агрегатни) ризици – ова се ризици кои имаат значително, широко влијание врз целата компанија, нејзината стратегија и врз нејзините клучни цели. Тие се формираат со сумирање или со интегрирање на потенцијалните ефекти од повеќе индивидуални ризици. Овие ризици се на највисоко ниво (стратешко или на ниво на претпријатието, т.н. Enterprise Risk Management – ERM). Со нив управуваат највисоките тела во компанијата (УО и ОРиК). Тие бараат системски пристап и се следат преку известувања до Надзорниот одбор бидејќи директно влијаат врз одржливоста и континуитетот на работењето.

## Клучни ризици

Клучните ризици за групацијата, како и дефинираните контроли и мерки се прикажани во следнава табела:

| Клучни ризици | Контроли и мерки | Промена |
|---|---|---|
| *Нарушување на угледот на групацијата (стратешки ризик)* | код на етичко и деловно однесување, интерен канал за пријавување нерегуларности (AlkaSpeakUp), изработка и анализа на можните сценарија, редовна комуникација со вработените, купувачите, потрошувачите, регулаторите, добавувачите и со јавноста, унапредување и одржување на висока компаниска култура | ↔ |
| *Неусогласеност со очекувањата на акционерите и со ЕСГ (стратешки ризик)* | Кодекс за корпоративно управување; известување за ценовно чувствителни информации; политика за дивиденди; Годишно собрание; управување со ризиците и со континуитетот во работењето; корпоративен секретар за заштита на законитоста | ↓ |
| *Повреда на законските барања, корупција и судска пракса (усогласеност)* | Внатрешен билтен за информирање на раководството и на вработените; офицери за усогласеност и заштита на личните податоци и корпоративен секретар; Кодекс за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција; Антикорупциска политика; Политика за заштита и за унапредување на човековите права | ↓ |
| *Нарушена безбедност на вработените и имотот (оперативен ризик)* | Анализа на внатрешните и на глобалните геополитички настани; план за управување со итни ситуации и евакуација; анализа на ризикот на работните места; мерки за заштита на вработените; мерење на бројот на повреди и инциденти; едукација на вработените и посетителите; современи техники за надзор и пристап до физичките локации | ↔ |
| *Компјутерски криминал и нарушување на базите на податоци (ИТ-ризик)* | Контролиран и авторизиран пристап до системот; анализа на детектираните дефекти и на потенцијалните опасности; план за интерна и за екстерна компјутерска комуникација; дигитализација на процесите; интеграција на различните системи; вложување во современи мрежи и средства за комуникација; подигнување на свеста на вработените за заштита од сајбер-напади | ↔ |
| *Неможност да се привлечат или да се задржат најдобрите таленти (вработени)* | Учество на саеми за вработување и кариера; еднакви можност за сите; годишен буџет за едукации; програма за кариерен развој; мерење на задоволството на вработените; стипендирање студенти – Фондација „Трајче Мукаетов“; дуално образование и практична работа; зголемување на квалификациите и вештините на вработените; обезбедување благосостојба за вработените | ↔ |

Значење на симболите за промена на клучните ризици

- ↑ зголемување
- ↓ намалување
- ↔ без промена

| | | |
|---|---|---|
| *Неможност за развој на нови производи и за задоволување на потребите на клиентите и активности на конкуренцијата (стратешки ризик)* | Планирање и анализа на продажбите; анализа на портфолиото, животниот циклус и профитабилноста на производите и пазарите, како и на потребите на купувачите, посредниците и потрошувачите; етички маркетинг; развој и воведување нови производи и пазари; дистрибуција на производите; следење и соодветна стратегија за конкуренцијата; едукација и развој на вештините на вработените | ↔ |
| *Нарушен квалитет на производите и на процесите, интелектуална сопственост, животна средина, лиценци, сертификати и дозволи за работа (стратешки ризик)* | Годишно и периодично преиспитување на процесите и на контролите; преиспитување на IMS и на KPI од раководството; екстерни инспекции и контроли со позитивен исход; редовни интерни проверки/самоинспекции; процедури за управување со неусогласеностите; корективни мерки и мерки за подобрување; процедури за ослободување серија на производ; управување со рекламации и отповик на производи од пазарот; усогласеност со регулативата и со стандардите за животната средина; примена на мерки за намалување на влијанијата и на аспектите врз животната средина; управување со отпадот; мерки за намалување на ризиците од влијанието на климатските промени, синџирот на снабдување, употребата на водата, потрошувачката на енергија и горива, заштитата на патентите и примената на принципите за континуирано подобрување | ↔ |
| *Достапност на суровините, материјалите и услугите и пораст на цените (оперативен)* | Планирање на потребите; анализа на економските и на геополитичките услови; капацитети и услови за складирање; сигурносни резерви; дисперзија на набавките; алтернативни добавувачи и суровини; брзо приспособување на промените; алтернативни транспортни рути; управување со енергијата и со потребите за енергија; Кодекс за етичко работење на добавувачите | ↔ |
| *Неефикасно производство и проблеми со клучната опрема (оперативен ризик)* | План за производство; квалификувани вработени; анализа на капацитетите; елиминирање на тесните грла; континуирано подобрување; подготовка на производството; производствен контролинг и мерење на ефикасноста и на приносот; превентивно и корективно одржување на опремата; резерва на клучните резервни делови; модернизација на технологијата за производство; систем за мониторирање на неусогласеноста во производството; мерење на трошоците за неквалитет | ↔ |
| *Економски нарушувања и достапност до пазарите на капитал (финансиски ризик)* | Буџетирање, проекции, анализа на сценарија и следење трендови; одржување на потребното ниво на парични средства; обезбеден пристап до изворите на финансирање; интегриран ЕРП-систем; заштита од измами и кражби; контролиран пристап до информации; анализа на профитабилноста и на финансиските показатели; стриктна кредитна политика; контрола на трошоците; попис на имотот, парите, средствата и обврските; поделба на должностите; хеџирање на ризиците; комуникација со финансискиот сектор и со потенцијалните инвеститори; консолидација на резултатите од работењето; сеопфатна даночна анализа и приспособување на промените | ↔ |
| *Прекини во работењето поради внатрешни и надворешни фактори (оперативен ризик)* | Анализа на глобалните геополитички настани; стратегија и план за бизнис-континуитет; план за управување со итни ситуации; план за евакуација и сигурносни резерви; изработка на БИА и планови за континуитет во работењето; решенија за алтернативно производство и договори за заемна соработка; континуиран надзор над ескалацијата во кризните подрачја во светот и анализа на влијанието врз работењето | ↓ |

Значење на симболите за промена на клучните ризици

- ↑ зголемување
- ↓ намалување
- ↔ без промена

# Деловна етика

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која сите свои деловни активности ги темели врз усогласеноста со локалните и со меѓународните прописи, внатрешните акти и врз доброволната заложба и посветеност за почитување на етичките принципи и стандарди од раководната структура и од вработените.

## Код за етичко и деловно однесување

АЛКАЛОИД АД Скопје продолжува да применува високи етички норми и стандарди во сите деловни операции. Кодот за етичко и деловно однесување, поддржан од системот на усогласеност, претставува основа за градење етичка корпоративна култура и овозможува секој вработен и раководно лице да носи одговорни и етички одлуки во секојдневното работење, во насока на заедничката мисија и визија за корпоративен интегритет.

Платформата AlkaSpeakUp е канал за комуникација преку кој вработените и надворешните соработници можат да пријават незаконско или неетичко однесување. Пријавите се разгледуваат и се постапува по нив од Комисијата за корпоративна усогласеност во согласност со однапред утврдените правила и принципи.

Во последниот квартал од 2025 година, со ангажман на експерти од Одделот за информатичка технологија и телекомуникации и врз основа на корисничките барања од офицерот за корпоративна усогласеност и од Комисијата, беше дизајнирана нова платформа AlkaSpeakUp, чија примена започнува во 2026 година. Новото решение ги надминува техничките ограничувања на претходната платформа и обезбедува подобрени функционалности за квалитетно поднесување пријави, но и за поефикасно водење постапки врз основа на поцелосни и структурирани податоци.

Клучна карактеристика на новата платформа е вклучувањето на капитално поврзаните друштва, со што се централизира имплементацијата на Кодот на ниво на групацијата. Постапките ќе ги водат централните тела за корпоративна усогласеност со соодветна поддршка од локалните офицери за усогласеност во друштвата од кои потекнува пријавата.

Со започнување на примената во 2026 година податоците од постојната платформа ќе бидат архивирани и ќе останат достапни за проверки од надлежните засегнати страни и аудити.

## Антикорупциска политика

АЛКАЛОИД АД Скопје е целосно посветено на одржување на највисоките стандарди на правно и етичко однесување. Антикорупциската политика дополнително ги појаснува одредените начела уредени во Кодот за етичко и деловно однесување и во Кодексот за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција.

Политиката ги уредува аспектите на превенција и на санкционирање недозволени исплати и поткуп на јавни службеници и носители на јавни функции, но и на другите форми на корупција, вклучувајќи ги и основните принципи на интеракција со државните институции и со општеството. Со нејзината примена компанијата континуирано ја зајакнува заложбата за корпоративен интегритет и за репутација заснована на чесност, фер однесување и личен интегритет кај сите вработени и раководни лица, но и кај сите други лица поврзани со компанијата на која било основа.

## Кодекс за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција

Кодексот за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција поставува стандарди за соработка со здравствената заедница и е од особено значење за компанијата. Тој ги уредува принципите на промоција, комуникација и на интеракција со здравствените работници, здравствените организации и со здравствената заедница во целина.

Компанијата се залага за континуирана едукација на медицинските претставници и преку обуки обезбедува нивна усогласеност со релевантните индустриски кодекси и со важечките законски прописи.

# Заштита на личните податоци

АЛКАЛОИД АД Скопје континуирано ја одржува и ја унапредува својата стратегија за заштита на личните податоци, обезбедувајќи високо ниво на безбедност, доверливост и усогласеност со релевантните законски прописи и со добрите практики. Во 2025 година компанијата продолжи со имплементација на технички, организациски и процедурални мерки, со посебен акцент врз зајакнувањето на контролите во средините каде што се складираат, обработуваат и се разменуваат лични податоци.

Во текот на годината беше забележан значаен регулаторен развој: Агенцијата за заштита на личните податоци донесе нов Правилник за безбедност на обработката на личните податоци, кој започна да се применува од 1 јули 2025 година. Во согласност со новите барања, АЛКАЛОИД АД Скопје спроведе активности за усогласување на работењето со пропишаните стандарди, вклучително и донесување и ажурирање на релевантните интерни акти и процедури, со цел систематско и одржливо управување со безбедноста и приватноста.

Паралелно, АЛКАЛОИД продолжи со редовно спроведување на проценката на обработувачите и потенцијалните партнери (due diligence) преку систематска проверка на нивната усогласеност со Законот за заштита на личните податоци и со применливите стандарди, пред воспоставувањето и во текот на соработката, со што се зајакнува контролата над третите страни и се минимизираат ризиците поврзани со обработката на личните податоци надвор од компанијата.

Во 2025 година продолжија и активностите за подигнување на свеста кај вработените за правилно постапување со личните податоци, при што обуките беа редовно спроведувани, а темата беше интегрирана и како составен дел од стандардната програма за воведување на секој нововработен. Дополнително, во тесна соработка со офицерите за заштита на личните податоци и со одговорните лица во другите држави, продолжија координацијата и усогласувањето на системите и на процесите за заштита на личните податоци во капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД, со посебен акцент врз Босна и Херцеговина, Албанија и Косово, во насока на изедначување на практиките, унапредување на контролите и применување стандардизиран пристап спрема усогласеноста.

Со преземените мерки во 2025 година АЛКАЛОИД АД Скопје ја потврди својата посветеност на високите стандарди за заштита на личните податоци и за информациска безбедност, обезбедувајќи сигурна и стабилна околина за своите вработени, партнери и клиенти преку навремено усогласување со регулативата, зајакнати механизми за контрола на третите страни и преку континуирана едукација.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Портфолио и правна интелектуална сопственост

## Глобални Медицински работи и Безбедност на лекови

### Фармација

Правата од интелектуална сопственост (ИС) се важен и вреден аспект во сопственоста (асетот) на еден бизнис. Во ера на постојани промени и иновации, ИС претставува централен елемент во обезбедувањето сигурност, во поттикнувањето иновативност, во промовирањето напредок и во проширувањето на бизнисот.

Добро воспоставените и заштитени права од ИС им помагаат на потрошувачите да направат паметен и сигурен избор во однос на безбедноста, доверливоста и на ефикасноста при купувањето. Од друга страна, гарантираат дека производите се автентични и со висок квалитет каков што препознаваат и очекуваат потрошувачите. Накратко, правата од ИС ги стимулираат сигурноста и удобноста кои ги бараат потрошувачите и на кои се потпираат пазарите.

Знаејќи го ова, ние сме посветени на градењето силни и препознатливи брендови преку кои можеме да гарантираме стандард и квалитет за нашите производи, кои се лесно препознатливи од потрошувачите. На овој начин ја зачувуваме репутацијата на компанијата и ја осигуруваме стабилноста на нашиот раст и развој.

Импресивното портфолио на трговски марки на АЛКАЛОИД се состои од приближно 3.600 пријавени или регистрирани трговски марки во повеќе од 100 земји, покривајќи повеќе од 10 класи на добра и услуги. Нашата стратегија е да се регистрираат трговски марки за сите производи и услуги од интерес во сите земји во кои се комерцијализирани.

**ПРЕГЛЕД НА ТРГОВСКИ МАРКИ ПО ЗЕМЈИ**




**Следејќи ја иницираната заштита во чест на јубилејот 50 години од заштитата на компаниското лого, во 2025 година се здобивме со заштита на компаниското лого како трговска марка во Тајланд.**

Изминатите години бележиме постојано проширување на портфолиото, со зголемени активности за пребарувања и за утврдување на ризикот за нови имиња и со подготовки за нови пријави во различни јурисдикции, а притоа, секако, со одржување и со заштита на постојните регистрации и обнови.

**МЕНАЏИРАЊЕ СО ПОРТФОЛИОТО НА ТРГОВСКИ МАРКИ**




Во 2025 година ги регистриравме првите четири трговски марки на територијата на Канада, како и првата трговска марка на територијата на Катар, со што АЛКАЛОИД го проширува своето портфолио на трговски марки на овие нови територии од интерес.

Во насока на проширување на портфолиото на трговски марки на светско ниво, покрај веќе заштитеното компаниско лого, на територијата на Мексико во 2025 година поднесовме пријави за заштита и на две нови трговски марки.

Изминатата година се здобивме и со заштита на речиси 20 нови трговски марки на територијата на Казахстан, со што АЛКАЛОИД успешно го прошири своето портфолио на трговски марки во оваа земја на азискиот континент.

Следејќи ја иницираната заштита во знак на 45-годишнината од постоењето на еден од нашите најпрепознатливи брендови, брендот Becutan, во 2025 година се здобивме со заштита во Соединетите Американски Држави, Индија, Украина и во Ерменија. Целта на ова проширување е да се добие еден глобално препознатлив бренд кој ќе гарантира за безбедноста и за квалитетот на производите на повеќе континенти.

Becutan

Нашите *umbrella brands* заземаат значајно место во рамките на портфолиото и ним им посветуваме посебно внимание во пристапот за одржување и заштита, како и за планирање нови пазари и производи кои би ги покривале (во табелата се дадени дел од поголемите брендови).

| Umbrella brand | Број на земји | Број на трговски марки |
|---|---|---|
| ALKALOID – Company brand | 108 | 330 |
| BECUTAN | 50 | 463 |
| BECUTAN KIDS VITS | 36 | 59 |
| CAFFETIN | 26 | 156 |
| GATTART & Gastro Guard | 38 | 58 |
| BlokMAX | 15 | 43 |
| Multi Essence | 35 | 32 |
| SATTWA | 8 | 28 |
| GOOD NATURE | 11 | 20 |
| Medical | 1 | 6 |
| GLOSS | 2 | 54 |
| Young Derm | 8 | 16 |
| BLACK UP | 8 | 30 |

Во насока на поддршка од АЛКАЛОИД за македонскиот спорт преку основањето на ракометните клубови АЛКАЛОИД и МУЛТИ ЕСЕНС, актуелна е заштитата од АЛКАЛОИД на логоата кои гордо ги носат овие тимови.

АЛКАЛОИД поседува околу 15 валидни права на индустриски дизајн регистрирани во 6 земји од регионот за 1 класификација. Нашата стратегија е да ја заштитиме новата форма на надворешниот изглед на производот, секогаш кога се исполнети условите, во сите земји каде што има интерес за комерцијализација.

**ПРЕГЛЕД НА ПРАВАТА НА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН ПО ТЕРИТОРИЈА**

| Територија | Број на права на индустриски дизајн |
|---|---|
| Северна Македонија | 4 |
| Босна и Херцеговина | 2 |
| Хрватска | 2 |
| Косово | 3 |
| Црна Гора | 2 |
| Словенија | 2 |

Како дел од нашата посветеност за усогласеност со правата на интелектуална сопственост и за одговорно користење на интелектуалните творби, одделението Портфолио и правна интелектуална сопственост континуирано продолжува да ја зацврстува стратегијата за добивање лиценци за авторски права.

Оваа иницијатива е усогласена со нашите пошироки цели за корпоративна одговорност и ја одразува нашата посветеност на деловната етичка практика.

Менаџирањето на портфолиото на трговски марки, индустриски дизајни и на авторски права ни е приоритет, при што нашиот фокус е насочен кон тоа да осигуриме дека ги имаме најдобрите луѓе, најдобрите алатки и најдобрата стратегија за менаџирање, одржување и за заштита на нашето портфолио. Посветуваме внимание на едуцирање на кадарот, следење на најновите технологии во сферата на правото и на AI, истражување на најдобрите стратегии и сл.

Како примарно софтверско решение, одделението Портфолио и правна интелектуална сопственост го употребува софтверот Патриција за менаџирање на ИС, производ на Patrix IP helpware, и постојано го надградува, со цел подобрување на сите процеси и активности поврзани со ИС.

Продолжуваме со употреба на платформата CompuMark како софтверска алатка за детални податоци за TM, со чија помош се утврдува потенцијалниот ризик за постојните брендови и трговски марки, како и степенот на ризик од нови пријави на трговски марки, со што се овозможува побрзо лансирање нови производи.

Свесни сме дека вредноста на портфолиото на трговски марки ги вклучува довербата и лојалноста на потрошувачите, имиџот на брендот и репутацијата. Поради тоа, продолжуваме со примена на стратегијата за заштита на брендовите преку користење на TM Watch и преку континуирано следење на потенцијалните повреди, со што се овозможува навремено преземање активности за заштита на нашите брендови, а со тоа и за зголемување на нивната вредност.

Нашиот фокус продолжува да биде во насока на тоа да ги следиме трендовите на пазарот и да ја развиваме нашата стратегија, за ИС најдобро да го следи растењето на бизнисот.

# Акционерство

**Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.**

| ПАЗАРЕН СЕГМЕНТ: | БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА – ОБИЧНИ АКЦИИ |
|---|---|
| ISIN | MKALKA101011 |
| Шифра на ХВ | ALK |

Основната главнина на АЛКАЛОИД се состои од 1.431.353 акции со номинална вредност од 25,56 ЕУР од акција или вкупен износ од 36.585.382,68 ЕУР. Заклучно со 31.12.2025 година АЛКАЛОИД АД Скопје има 6.464 акционери. Акциите се слободно преносливи. За акционери се сметаат сите лица запишани во акционерската книга, која, во согласност со законската регулатива, се води во Централниот депозитар за хартии од вредност. Акционерите под еднакви услови имаат еднаква положба во друштвото. Секој акционер има право на еден глас во Собранието на друштвото – по еден за секоја обична акција, како и право на исплата на дивиденда.

Од акциите 99,7 % (1.428.125) се обични акции, од кои 59 се резервирани за поранешни сопственици, додека, пак, 0,23 % (3.228) се приоритетни акции, исто така, резервирани за поранешни сопственици, кои треба да докажат право на сопственост над имот кој сега е во сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Обичните акции им даваат на сопствениците право на:

1. глас во Собранието на друштвото;
2. исплата на дел од добивката (дивиденда);
3. исплата на дел од остатокот од ликвидациската, односно од стечајната маса на друштвото.

Акциите на АЛКАЛОИД се едни од најтргуваните и најликвидните акции во текот на 2025 година, според статистичките извештаи на „Македонска берза“ АД Скопје. Направени се 4.833 трансакции, а истргувани се 50.054 акции во вредност од 1,38 милијарди денари.

Како една од водечките акции на Македонската берза, акцијата на АЛКАЛОИД учествуваше со 27,09 % во прометот на официјалниот пазар во 2025 година. Цената на акцијата се движеше од 24.000,00 денари до 31.099,00 денари, со просечна цена од 27.468,23 денари од акција, што претставува раст од 22,76 % во споредба со просечната цена на акцијата во 2024 година.

# Дивиденда

АЛКАЛОИД АД Скопје редовно исплаќа дивиденда на годишно ниво од 1995 година, кога компанијата беше реструктуирана.

Исплатената нето-дивиденда од акција во последните пет години:

| 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| **360,00 денари**<br>**+11,1 %** | **396,00 денари**<br>**+10,0 %** | **441,00 денари**<br>**+11,4 %** | **486,00 денари**<br>**+10,2 %** | **567,00 денари**<br>**+16,7 %** |

# Интегриран менаџмент - систем и квалитет

## Квалитет

АЛКАЛОИД АД Скопје има сеопфатно дизајниран и коректно применет интегриран менаџмент-систем (ИМС), кој ги применува барањата на стандардите cGxP, ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 45001:2018, ISO 13485:2016, ISO 22716:2007, FSSC 22000, HACCP, HALAL, а од 2025 и барањата на стандардите ISO 50001:2018, IFS Food и IFS HPC.

Главната цел на ИМС е да потврди дека АЛКАЛОИД АД Скопје континуирано произведува производи со највисоко ниво на квалитет, безбедност и ефикасност, кои ги задоволуваат барањата на нашите потрошувачи, релевантните законски барања, како и барањата на интернационално воведените стандарди и водичи.

Високото раководство, преку одговорноста и посветеноста за исполнување на оваа цел, како и преку ефикасното лидерство и промоцијата на соодветната култура на квалитет, охрабрува активно учество и правилно однесување од целокупниот персонал на сите нивоа во компанијата, со крајна цел иновации и континуирано подобрување на ИМС.

Нашата стратегија за квалитет се фокусира на усогласеноста со принципите на добрите пракси (cGxP) и регулативи, кои го дефинираат квалитетот на нашите производи од фармацијата, хемијата, козметиката и од билкарството, предводени од процесниот пристап на циклусот PDCA (планирај–направи–провери– дејствувај), со цел континуирано подобрување на нашите производи, процеси, услуги, ИМС и на задоволството на корисниците.

Редовно, на годишно ниво, врвното раководството го преиспитува ИМС преку предефинирање на влезните елементи, вклучително и на КПИ (клучни индикатори на перформансите), како и преку интерните проверки и самоинспекции за потврда на усогласеноста и за утврдување на можностите за континуирано подобрување на производите, процесите и на системот.

Усогласеноста и ефикасноста на ИМС се потврдуваат преку екстерни инспекции од регулаторните институции и преку проверки од сертификациските тела, од нотификациското тело и од нашите партнери.

Во 2025 година АЛКАЛОИД АД Скопје за првпат се сертифицираше, во согласност со барањата на интернационалните стандарди ISO 50001:2018 (за енергетски менаџмент), IFS Food (International Featured Standard Food) и IFS HPC (International Featured Standard Household and Personal Care) и за првпат доби лиценца за производство на воден раствор на уреа под трговската марка Ad Blue.

Во 2025 година се извршени 32 аудити/инспекции на АЛКАЛОИД АД Скопје.

- Успешно се завршени 4 инспекции од МАЛМЕД за обнова на сертификатот GMP за производство на цефалоспорини, за обнова на сертификатот GMP за производство на фармацевтски суровини, за обнова на сертификатот GMP за производство на шампонот „Кетоконазол“ во производствениот погон за козметика, како и за пуштање во употреба на новиот простор и на новата опрема за нова микробиолошка лабораторија за ПЦ Фармација.
- Успешно е завршена инспекцијата EU GMP за обнова на сертификатите EU GMP од Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Словенија (ЈАЗМП) за двете производствени локации на фармацевтските дозирани форми – на бул. „Александар Македонски“ бр. 12 и на бул. „Партизански одреди“ бр. 98А.
- Успешно се реализирани 13 проверки од сертификациски тела: 5 проверки од Quality Austria и проверки од нотификациското тело DEKRA, SGS (GFCO), Ecocert, Pro-Cert, Kosher-Ortodox Union Certification, а за првпат и од VDA – Ad Blue и од DNV – IFS HPC.
- Успешно е реализирана GMP-проверката од АЛКАЛОИД ИНТ и од АЛКАЛОИД ДОО Белград на реконструираниот погон за производство на течности во ПЦ Фармација.
- Успешно е реализирана проверката SMETA (Sedex Members Ethical Trade Audit) од Intertek.
- Успешно се завршени 11 аудити од партнерите Alvogen, Qulifyze, Aversi, Orifarm, JAMP, Naturapharma, Farmak, Synoptis, Umsebe, Cheplapharm, Johnson Matthey.
- Успешно е завршен аудитот ЕАЕУ за GMP-усогласеност со барањата на Евроазиската унија.

Корпоративната функција на Обезбедување квалитет се одвиваше тековно во 2025 година, преку примена на корпоративните ОК-политики, континуирани обуки и преку интерни проверки на системите за квалитет во капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД, со цел натамошно усогласување на интегрираниот менаџмент-систем и на процесите за обезбедување квалитет.

# Безбедност и здравје при работа

„Алкалоид“ континуирано инвестира во подобрување на условите за работа следејќи ги современите меѓународни стандарди, добрите индустриски практики и законските барања, при што безбедноста и здравјето при работа претставуваат врвен приоритет. Посебно внимание се посветува на заштитата на вработените, надворешните изведувачи, добавувачите и на посетителите кои престојуваат или извршуваат активности во нашите објекти.

Цврсто сме убедени дека безбедната и здрава работна средина е основа за задоволни, мотивирани и продуктивни тимови, што директно придонесува за стабилни деловни резултати, одржлив развој и за успешна реализација на стратешките цели на организацијата. Затоа, безбедноста и здравјето при работа не ги третираме само како законска обврска, туку како суштинска корпоративна вредност и како составен дел од одговорното управување.

Системот за управување со безбедност и здравје при работа (БЗР) претставува интегрален дел од нашата корпоративна култура и од управувачките процеси. Неговото функционирање се темели на принципите на превенција, континуирано подобрување, транспарентност и активно учество на сите вработени, без оглед на нивната работна позиција или на организациското ниво.

Нашите активности за обезбедување безбедни и здрави работни места ги опфаќаат следниве области:

- употреба на сигурна, сертифицирана и технички исправна работна опрема и на средства за лична заштита;
- редовна и систематска процена на ризиците за работните места, со навремено информирање на вработените за потенцијалните опасности и за применливите мерки;
- организирање почетни и периодични обуки со цел унапредување на знаењата, вештините и свесноста на вработените за безбедно работење;
- поттикнување и развивање култура на безбедно однесување, пријавување небезбедни состојби и на превентивно дејствување;
- редовно одржување, инспекција и контрола на работната опрема, инсталациите и на работните простории;
- континуирана интерна комуникација и промоција на теми поврзани со безбедноста и здравјето при работа;
- анализа на инциденти и на избегнати несреќи, како и усвојување мерки за постојано подобрување врз основа на утврдени наоди и препораки.

Преку редовна соработка и преку отворен дијалог меѓу раководството, стручните лица за безбедност при работа и претставниците на работниците, се обезбедува навремено препознавање на ризиците и практична примена на решенија кои одговараат на реалните услови за работа.

## Усогласеност со законската рамка и известување

Системот за управување со безбедност и здравје при работа е целосно усогласен со важечката национална законска и подзаконска регулатива, како и со релевантните меѓународни стандарди. Остварувањето на целите, индикаторите за перформансите и резултатите од системот редовно се следат, анализираат и транспарентно се прикажуваат во ESG-извештајот.

Со ваков интегриран и одговорен пристап, нашата компанија останува цврсто посветена на својата визија – да обезбеди работна средина која е безбедна и насочена кон долгорочна благосостојба на сите засегнати страни.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Животна средина

Стратешки приоритет на компанијата е континуираното намалување на влијанијата врз животната средина, со цел придонес кон зачувувањето и унапредувањето на функционалноста на екосистемите и заштита на јавното здравје. Овој пристап е интегриран во долгорочното стратешко планирање и во оперативните процеси на компанијата.

Компанијата повеќе од две децении применува воспоставен Систем за управување со животната средина, преку кој систематски се идентификуваат и се управуваат значајните аспекти и поврзаните влијанија. Системот промовира еколошка одржливост, превенција на загадувањето и усогласеност со применливата регулатива и со меѓународните стандарди и е целосно имплементиран на сите производствени локации на компанијата. Во 2025 година АЛКАЛОИД се сертифицираше во согласност со барањата на Системот за управување со енергетски менаџмент ISO 50001, како дополнување на напорите за подобрување на енергетската ефикасност и за намалување на емисиите.

## Eco Vadis – глобално доверлив провајдер за оценување на одржливоста на бизнисот

Во 2025 година АЛКАЛОИД се здоби со реномираниот бронзен медал за одржливост на платформата Eco Vadis, при што сегментот за животната средина е оценет со 86/100 бода, со што се потврди сериозната заложба на нашата компанија во секоја сфера од работењето.

## Членство во UN Global Compact

Во 2025 година АЛКАЛОИД АД Скопје се приклучи кон UN Global Compact – иницијатива на Обединетите нации која ги обединува компаниите што се залагаат за одговорно и одржливо работење.

Членството во UN Global Compact за нас претставува природно продолжение на вредностите што веќе ги негуваме во секојдневното работење. Тоа е и јасна порака дека сакаме континуирано да ги унапредуваме нашите политики, процеси и практики и да бидеме транспарентни во начинот на кој го мериме и го прикажуваме нашиот напредок.

## Градење капацитети од областа на животна средина

- Учество во работилници за изработка на нацрт-НИП за POPs-трајни органски загадувачи на Република Северна Македонија
- Учество во промоцијата на Водичот за декарбонизација организиран од Стопанската комора на Северна Македонија и од Европската инвестициска банка (ЕИБ)
- Обука за ESG-извештај и за ESG-процес на собирање мерни индикатори од сегментот на животната средина – обука за капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје
- Екодијалог кон ЕУ: поттикнување еколошки промени преку инклузивно застапување политики – бизнис-секторот во зелена транзиција – климатска акција и заштита на природата – студија на добри практики од локалниот бизнис-сектор АЛКАЛОИД АД Скопје: одржливост во секоја молекула
- SDG Clinic – предавачи во областа на етичкиот аудит и зелените инвестиции на АЛКАЛОИД АД Скопје, организирано од UNDP Северна Македонија и од Правниот факултет Скопје
- Почетна работилница за финансирање на биодиверзитетот (БИОФИН) во Република Северна Македонија. Програма за развој на Обединетите нации (УНДП) преку Иницијативата за финансирање на биодиверзитетот – БИОФИН, во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање
- Примена на стандардите за обелоденување на одржливоста според IFRS – работилница на Македонската берза за IFRS-стандарди за одржливост
- Напредна програма за обука за ESG организирана од AmCham, Американската стопанска комора на Северна Македонија
- Шеста меѓународна конференција на Македонската асоцијација за управување со цврст отпад (MaSWA) „Патот до одржливо управување со отпадот“
- Циркуларна економија и декарбонизација, организирано од „Титан Усје“ АД Скопје и од Стопанската комора на Северна Македонија
- Обуки од областа на ВИ и развивање алати и можности за користење на ВИ во процесите на одделот Животна средина
- Одржлив животен стил во Организацијата на UNSSC (Обединетите нации)

## Пристап на двојна материјалност

- Влијание врз животна средина
- Користење на природни ресурси, емисии на стакленички гасови
- Загадување на вода, почва и воздух
- Влијание врз климатските промени
- Загадување и исцрпување на локални водни ресурси
- Деградација на екосистеми

## Финансиско влијание / можности

- Намалување на трошоци, оптимизација на ресурси, минимизирање регулаторни казни
- Трошоци за третман и депонирање, можност за рециклирање и циркуларна економија
- Капитални инвестиции за енергетска ефикасност, регулаторни обврски, можности - долгорочна отпорност
- Трошоци и ризик од регулаторни санкции, оперативна отпорност
- Препознавање и имплементација на одржливи практики во набавка и производство

## Еколошки ризици

Компанијата континуирано ги следи, ги евалуира и ги дефинира мерките за управување со ESG-ризиците како дел од унапредувањето на целокупниот систем за управување со ризици. Процесот овозможува подлабоко разбирање на ризиците и на можностите низ организацијата и придонесува за подобрување на деловните процеси преку воспоставување појасни механизми за управување и за известување за ESG-ризиците.

## Ризици / влијанија кон животна средина

- Физички климатски ризици: акутни и/или хронични елементарни непогоди, екстремни температури и временски настани → можни прекини во производство и логистика, зголемени трошоци, влијание врз осигурителните обврски, деградација/ограничување во достапноста на ресурсите.
- Несоодветно управување со емисии и отпад → влијание врз вода, воздух и почва.
- Зголемена потрошувачка на вода, енергија и суровини.
- Ризик од несоодветни еколошки практики кај добавувачи.

## Финансиски ризици и можности

- Зголемени оперативни трошоци поради климатски промени.
- Регулаторни санкции и трошоци од непочитување на еколошки стандарди.
- Транзициски ризик → премин кон технологии со пониски емисии и капитални инвестиции.
- Зголемени трошоци за ресурси и енергија
- Можности → оптимизација на потрошувачката, зголемена енергетска и водна ефикасност, долгорочна финансиска отпорност.

## Контрола, превенција и транзиција

- Континуирани проценки на ризик, мониторинг на индикатори, мерење и контрола на емисии и постапувањето со отпад.
- Усогласеност со законски и интегрирани еколошки дозволи.
- Интеграција на ризиците во стратегијата, политиката и бизнис процесите за поставување цели, насоки во зелената транзиција и мерење напредок.
- Следење на трендовите во промените на барањата за одржливост од страна на пазарите, технологиите и воспоставување интеракција/соработка меѓу компаниите, институциите и засегнатите страни.

Повеќе може да прочитате во
ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.

# Бизнис-опкружување и иден развој

# Фармација

## Водење бизнис во свет на постојани промени

И покрај релативно тешкиот почеток на годината, „Алкалоид“ успеа да оствари консолидиран раст на продажбите во ПЦ Фармација од 11 % во 2025 во однос на 2024 година. Најголем раст има кај кардиолошките и невролошките препарати, кои се зголемени за 11 %, потоа ОТЦ препаратите со зголемување од 7%, додека антибиотиците се на исто ниво како минатата година.

- Оствarивме раст на повеќето од нашите B2C-пазари преку органски раст на бизнисот, особено на пазарите со големо портфолио на производи. Поголем беше предизвикот на пазарите каде што антибиотскиот бизнис на „Алкалоид“ има голем удел во вкупните продажби, особено во Романија и во Бугарија.
- Во 2024 г. ја отворивме подружницата во Казахстан, која во три квартали од 2025 активно се занимаваше со маркетинг и продажби. Иако имавме одредено доцнење на операциите од регулаторни причини, поточно институционално одобрување на цените на нашите производи, во 2025 г. го изградивме тимот низ целата држава, нашата канцеларија во Алмати функционира како секоја друга и подготвени сме да почнеме да покажуваме раст.
- Останување посветени на развојот на бизнисот со нашиот прв лек со додадена вредност (Value Added Medicines - VAM)– патентираниот Течен омепразол. Во наредниот период сме фокусирани на отворање на нови пазари и на дополнително унапредување на дистрибутивните мрежи и остварување подлабоки соработки со сите чинители во државите каде што производот е веќе присутен.
- Имајќи го во предвид капацитетот и способноста на нашиот тим од R&D да реализира вакво портфолио на производи, продолжуваме со маркетирање на нашите business-to-consumer пазари и business-to-business активности во Европа и пошироко.

# Нашиот глобален развој

Глобалниот развој останува посветен на начелата за QbD (Quality by Design) и на зголемувањето на бројот на нови in-house производи.  Тимот продолжува со континуирано инвестирање во знаењето и во кадарот, оптимизација на процесите и на опремата, како и со воведување нови технологии, особено енергетски поефикасни и поисплатливи, притоа следејќи ги и исполнувајќи ги сите регулативи и нови европски барања во фармацевтската индустрија.

Глобален развој развива и регистрира производи во сите сегменти на генеричкиот бизнис, и тоа:

- Генерички производи *(Generic Medicines)*
- Специјални генерички производи со одредена предност *(Specialty Generics)*
- Медицински производи со додадена вредност *(Value-added Medicines (VAM))*

Во 2025 година, во согласност со најновите регулаторни барања во фармацевтската индустрија, го воведовме новиот софтвер AlkaLSS, кој ги обединува сите регулаторни податоци и документи, роковите за регулаторните активности, како и податоците од нашите досиеја во една централизирана платформа. Таа ќе претставува единствен извор на вистината за да ја потврди усогласеноста со стандардите, т. е. со регулаторните барања, а воедно и за да ја зголеми ефикасноста во работењето.

Во насока на определеноста на компанијата за целосна дигитална трансформација, во фаза на воведување е и софтверската платформа за дигитализација на сите лабораториски процеси (Laboratory Information Management System – LIMS). Платформата овозможува централизирано управување и обезбедување интегритет и следливост на податоците и на процесите поврзани со контролата на производите, регулаторната усогласеност, намалувањето на оперативните трошоци и со стимулацијата на процесите за континуирано подобрување.

Како дел од растот на компанијата, со задоволство може да кажеме дека во 2025 година се добиени повеќе од 100 нови маркетинг-авторизации за наши генерички лекови, како и за лек со додадена вредност (Value Added Medicines - VAM) во 33 земји, а нашите производи се регистрирани вкупно во 51 земја.

Горди сме да истакнеме дека R&D тимовите, во овој момент се составени исклучиво од домашен кадар, во чиј раст и развој инвестираме и од технички аспект и во однос на меките вештини. На овој начин градиме кадар кој долгорочно го гледаме во нашата компанија, но континуирано работиме на привлекување на домашен и меѓународен кадар и знаење.

# Нашите инвестиции во истражување и развој



# Хемија, козметика, билка

Сегментот *хемија, козметика и билкарство* учествува со 9 % во вкупните консолидирани продажби, поточно *хемија* учествува со 2 %, *козметика* со 6 %, а *билкарство* учествува со 1 %. Вкупните продажби кај сегментот хемија, козметика и билкарство се на исто ниво во споредба со остварените во истиот период од 2024 година. За издвојување е растот на продажбите во сегментот Хемија кој учествува во продажбите на ПЦ ХКБ со 21% и во споредба со остварените продажби во истиот период од 2024 бележи раст од 11%. Во сегментите Козметика и Билка падот се должи на намалените и ограничени цени и маржи на речиси целото портфолио во Македонија, Србија и во Црна Гора кои беа на сила во одреден период од годината.

Во 2025 година сегментот ХКБ се фокусираше на иницијативи дизајнирани не само за заштита на краткорочните перформанси, туку и за градење долгорочна структурна профитабилност:

- Оптимизација и обединување на портфолиото на производи овозможувајќи помала комплексност на производството, подобрена преговарачка моќ во снабдувањето и подобро усогласување со трендовите на потрошувачите.
- Намалување на тежината на пакувањето и отпадот, со цел подобрување на перформансите за одржливост и зголемување на конкурентноста кај клучните малопродажни партнери.
- Трансформација на моделите за пристап до пазарот во неколку критични географски подрачја, обезбедувајќи поефикасни структури на трошоците и поголема близина до крајните клиенти.
- Воспоставување нови стратешки партнерства со водечки меѓународни трговци на мало и со дистрибутери, зајакнувајќи го нашиот извозен отпечаток во PL и во брендирани производи.
- IFS-сертификација и позиционирање на бизнисот како кредибилен и подобен партнер за производство на производи PL (private label) за големите глобални малопродажни синџири.
- AdBlue-сертификација овозможувајќи поширок влез на регионалните пазари и диверзификација на портфолиото.
- Проширување на нивото на соработка со стратешките партнери во две насоки: проширување на бројот на пазарите (Германија, Швајцарија, Индија) и проширување на портфолиото кое е предмет на повеќедецениска соработка.

# Снабдување

Во текот на извештајниот период компанијата ги реализираше активностите за снабдување во целосна согласност со интерните акти, процедурите и важечката законска регулатива. Основната цел беше обезбедување навремено, економично и квалитетно снабдување со стоки и услуги, со почитување на принципите на транспарентност, отчетност и ефикасно користење на ресурсите.

Во рамките на годишната програма беа спроведени следниве клучни активности:

- реализирање постапки за снабдување во согласност со годишниот план за производство;
- склучување нови договори за соработка и следење на исполнувањето на постојните договорни обврски од страна на добавувачите;
- контрола на испораките во однос на квалитет, количина и рокови;
- координација со други организациски единици и активно учество во корпоративни проекти;
- водење на соодветна документација согласно барањата на системот за квалитет ИМС.

Сите активности беа извршени согласно дефинираните процедури и воспоставените интерни контроли.
Снабдувањето беше реализирано во рамките на одобрениот буџет, при што беше обезбедена целосна контрола врз трошоците преку споредба на понуди, анализа на цените, следење на договорените услови и други релевантни мерки.

Идентификуваните ризици — како можни доцнења на испораките, варијации во квалитетот, зависност од одредени добавувачи, пазарни флуктуации и логистички пречки — беа редовно следени и управувани. Преземени беа активности за нивно намалување, меѓу кои:

- ангажирање и евалуација на алтернативни добавувачи,
- подобрена динамика на снабдувањето,
- унапредена комуникација и координација со договорните партнери.

Во наредниот период планирано е дополнително унапредување на процедурите, дигитализација на дел од евиденциите, континуирана едукација на вработените и подобрување на аналитичките процеси поврзани со трошоците и перформансите на добавувачите.

Во текот на извештајниот период компанијата ги следеше и оценуваше активностите за снабдување преку дефинирани KPI, со цел обезбедување континуитет на производството, оптимизација на трошоците и навремена испорака на репроматеријали и услуги.

Активностите за снабдување обезбедија континуирана и ефикасна поддршка на производствениот процес, без негативно влијание врз динамиката и квалитетот на производството. Остварувањето на KPI во текот на извештајниот период укажува на стабилно, контролирано и ефикасно работење, без значајни отстапувања.

Во текот на 2025 година во четирите погонски целини и нивните магацини беа реализирани приближно 17.300 операции за прием на репроматеријали од сите типови и групи, што претставува речиси 530 милиони единици влезен производ.

# Магацинско работење

Во текот на 2025 година компанијата ги реализираше магацинските активности во согласност со утврдените интерни процедури, стандардите за квалитет и безбедност при работа, како и со важечките законски и регулаторни барања. Основната цел беше обезбедување навремено, точно и безбедно управување со суровини, репроматеријали, полупроизводи и готови производи, со што се обезбедуваше непрекината поддршка на производствените процеси и на испораките кон клиентите.

Магацинското работење е организирано преку јасно дефинирани процеси за прием, складирање, интерно движење и издавање материјали и готови производи. Сите операции се евидентирани преку системот „АлкаСАП“, што овозможува висока степен на следливост, контрола на резервите и минимизирање на ризикот од процесни грешки.

Клучните активности во рамките на магацинското работење опфатија:

- прием и проверка на логистичката документација на влезните материјали и стоки;
- правилно и безбедно складирање согласно техничките и регулаторните барања;
- издавање материјали за потребите на производството и подготовка на готови производи за испорака;
- водење магацинска евиденција и следење на резервите;
- спроведување редовни и вонредни пописи;
- одржување на ред, организација и безбедност во магацинскиот простор.

Вработените кои ги извршуваат магацинските активности беа континуирано вклучени во обуки поврзани со процесите на магацинското управување, безбедноста при работа и со ГМП-стандардите. Овие активности придонесоа за зголемување на ефикасноста, дисциплината и одговорноста, како и за намалување на оперативните ризици.

Магацинското работење во извештајната година беше стабилно, дисциплинирано и ефикасно, со значаен придонес за непречено функционирање на производството и за навремена логистичка поддршка.

Во наредниот период фокусот ќе биде насочен кон натамошна оптимизација на процесите, унапредување на системите за управување со залихите, модернизација на магацинската инфраструктура и зголемување на степенот на дигитализација и автоматизација.

# Транспорт

Во текот на 2025 година компанијата обезбеди континуирана и ефикасна транспортна поддршка на сите деловни активности преку навремено планирање, организирање и реализација на товарен и патнички транспорт, професионално управување со возниот парк и контрола на транспортните трошоци, согласно интерните процедури и важечките регулативи.

Во рамките на извештајниот период беа реализирани следниве клучни активности:

- обезбедување сигурна и ефикасна транспортна поддршка за непречено одвивање на деловните процеси;
- планирање и координација на товарниот и патничкиот транспорт за потребите на компанијата;
- управување со возниот парк и одржување на неговата техничка исправност;
- водење и контрола на патните налози, поминатите километри и потрошувачката на гориво;
- следење и анализа на трошоците за гориво, сервисирање, патарини, осигурување и регистрација.

Во текот на 2025 година за потребите на компанијата биле ангажирани вкупно 13.384 возила од различни транспортни категории, при што 59,5 % од сите транспортни операции биле извршени со возила во сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје. Од вкупниот број ангажирани возила, само 0,7 % биле нецелосно искористени според својот волумен/капацитет. Истовремено, од сите реализирани транспортни операции — спроведени и со сопствен возен парк и со надворешни партнери — 99 % биле навремени товарења, а 96 % навремени истовари.

Следењето на KPI и систематското управување со идентификуваните ризици овозможија стабилно, предвидливо и контролирано извршување на транспортните процеси во текот на целата година.

Во наредниот период фокусот ќе биде насочен кон:

- дополнителна оптимизација на трошоците по изминат километар;
- зголемување на искористеноста и ефикасноста на возниот парк;
- дигитализација на дел од евиденциите поврзани со службените возила;
- зајакнување на контролите и натамошно намалување на оперативните и финансиските ризици и трошоци;
- унапредување на системот на KPI за подобро следење и анализа на перформансите.

Со овие планирани активности компанијата ќе продолжи да обезбедува ефикасен, безбеден и економичен транспортен систем кој ќе ги поддржува стратешките цели и оперативната изведба.

# Инвестиции

Во услови на засилени геополитички предизвици и регионални случувања, **АЛКАЛОИД АД Скопје се задржа на курсот на континуирано инвестирање. Во изминатата 2025 година АЛКАЛОИД АД продолжи истрајно да инвестира во согласност со започнатиот дваесетгодишен инвестициски циклус**. Големите инвестициски проекти не се ограничени со календарскиот крај на годините, туку имаат својата динамика на реализација, која трае повеќе години.

## Унапредување на технолошките процеси, зголемување на капацитетите, нови производствени погони и лаборатории

Во согласност со тековниот план за капитални вложувања (CAPEX 2017 – 2037), АЛКАЛОИД АД на локалитетот во Автокоманда во изминатите години заокружи еден значаен капитален инвестициски циклус во фармацијата. Со надградбата на објектот Б, Производство фармација, наменет за производство и за пакување цврсти фармацевтски форми, со внатрешното оформување на просторот и со опремувањето со нови производствени капацитети се заокружи еден значаен капитален инвестициски циклус. Започнувајќи од 2017 година, па сè досега, пуштени се во употреба следниве нови производствени капацитети, кои вклучуваат: погон за производство на полуцврсти фармацевтски форми, погон за пакување лекови, вагална за мерење суровини со магацински простор и погон за производство на цврсти фармацевтски форми. Тука би ја вброиле и изградбата на новиот објект А3 наменет за централни гардероби, функционално поврзан со прозводствените оддели од објект А и од објект Б.

Просториите се изведени во согласност со строгите препораки на добрата производствена пракса, при што се добиени чисти простории со континуиран надзор и контрола врз температурата, влагата и притисокот, како и простории со специјална противексплозивна заштита, со што се обезбедени услови за безбедност при работа и заштита на производот. Проектирањето, изведбата и опремувањето се одвиваа под водство и надзор на стручните служби на АЛКАЛОИД АД.

За 90-годишнината од постоењето на АЛКАЛОИД АД сведочи и новоформираниот музејски простор на АЛКАЛОИД АД, потсетник за тоа од каде сме тргнале, каде сме денес и во кој правец треба да продолжиме да се движиме.

АЛКАЛОИД АД во континуитет бележи зголемување на обемот на производството и на продажбата на готови производи. За да може соодветно да се следи производствениот процес, неопходно е соодветно зголемување на капацитетите и на контролата на квалитетот. Оваа година пуштена е во употреба **нова микробиолошка лабораторија за фармација**, во рамките на постојниот објект А1, која е сертифицирана од македонската Агенција за лекови и медицински средства. Лабораторијата е проектирана во согласност со современите трендови и препораки на лабораториското работење и во неа се спроведуваат активности и анализи во согласност со регулаторните барања. Со изведбата се добиени потребните класи на чистота на воздухот во лабораториските простории, со континуиран надзор и контрола врз температурата, влагата и притисокот, водејќи сметка за вкрстената контаминација на вработените и материјалите, со што се обезбедени услови за безбедност при работењето и за заштита на материјалот.

Изработката на идејното решение, проектирањето, изведбата и опремувањето на новата лабораторија се реализираа под водство и стручен надзор на службите на АЛКАЛОИД АД. Вкупната површина на лабораторијата изнесува 700 m2, за чија изведба и опремување се вложени **3,1 милиони евра**.

Во текот на годината на локалитетот на АЛКАЛОИД АД во Автокоманда се извршени повеќе реконструкции и приспособувања, како и реновирање на повеќе производствени простории, во согласност со сè построгите законски барања и препораки на добрата производствена пракса. Во овие активности би ги вброиле и изведбата на нови архивски простории и на простории за прирачни магацини, реконструкцијата на просторот за перење во Производство фармација, оформувањето нов влез на секундарни суровини, обновувањето на инсталациите, снабдувањето со дополнителна опрема и др. Вкупната вредност на овие инвестициски активности изнесува **720.000 евра**.

Во однос на инвестициските активности на локалитетот на **АЛКАЛОИД АД во Ѓорче Петров**, во 2025 година продолжи започнатиот циклус на осовременување на постојните производствени, магацински и лабораториски капацитети на локалитетот.

Во тек е постапката за изработка на урбанистички проект за локалитетот, во согласност со усвоениот детален урбанистички план ДУП за градска четврт С3 16. Усвоените идејни решенија за проширување и за доградба на ПЦ Фармација и на ПЦ Хемија, козметика и билка се дел од урбанистичкиот проект за локалитетот.

Минатата година се продолжи со внатрешна реорганизација и со реновирање на објектите на локалитетот. На истиот локалитет, во објектот за **производство на козметика**, се реализираа повеќе активности потребни за добивање сертификат за стандардот **IFS**. Со тоа се потврди посветеноста на компанијата за заштита на квалитетот и на безбедноста на нашите козметички производи и влажни марамчиња. За таа цел се приспособија просторот и опремата потребни за функционирање на новата опрема за производство на влажни марамчиња, а се изврши и модификација и надградба на производствените линии за трансфер на лосионот.

Покрај наведените проекти, во текот на 2025 година на локалитетите беа спроведени голем број интервенции од помал обем, во насока на обезбедување нови производствени и работни простории, обновување инсталации и снабдување со дополнителна опрема. Вкупната вредност на овие инвестициски активности изнесува **300.000 евра**.

## Инвестиции во задоволството на вработените како дел од компаниското начело „Луѓето пред сè“

Човечкиот капитал и задоволството на вработените, како приоритети за нашата компанија, беа предводник за реализација на неколку инвестициски проекти од оваа сфера.

Паралелно со зголемувањето на бројот на вработените, континуирано се преземаат активности во насока на подобрување на постојните работни услови, не само во производствениот дел, туку и во другите служби – реновирање и осовременување на канцеларискиот простор, како и на салите за работа и за состаноци, и подобрување на условите во придружните објекти, при што во 2025 година се инвестирани **250.000 евра**.

Вработените во АЛКАЛОИД АД континуирано добиваат подобри услови за безбедна работа, а компанијата покажува дека во сите сфери од функционирањето го остварува основното мото што го следи последниве години – Луѓето пред сè.

## Животна средина, енергија и енергетска ефикасност

**Инвестициските активности во АЛКАЛОИД АД сè повеќе се фокусираат на прашањата поврзани со компаниските цели за посветеност, економичност и ефикасност.**

Еден од најголемите приоритети во деловната стратегија на компанијата е подигнувањето на општествената свест за заштита на животната средина. Во текот на 2025 година посебно внимание им се посвети на инвестициските активности во насока на **надзор и заштеда на енергенси и водни ресурси**, преку поставување дополнителни мерни места, реално согледување на трошоците и преку предлагање мерки за заштеда.

На локалитетите во Автокоманда и во Ѓорче Петров се започна со поставување инструменти за континуирано набљудување на отпадната технолошка вода. Направени се и полуиндустриски проби, кои ќе послужат за преземање на соодветните активности во идниот период. Активноста ќе продолжи и во наредните години поради обемноста на проектот, разновидноста на производствените процеси и поради големината на локалитетите.

Во 2025 година, во рамките на сертификацијата за интегриран менаџмент-систем, благодарение на долготрајните заложби за систематски пристап во управувањето со енергијата и со документираната аналитика, АЛКАЛОИД АД за првпат се здоби со сертифкатот **ИСО 50001**, систем за управување со енергија, што претставува значаен чекор кон подобрување на енергетските перформанси, поефикасно користење на енергијата, намалување на трошоците и кон заштита на животната средина.

Предводени од заложбата за намалување на јаглеродниот отпечаток и за постигнување енергетска независност, во 2025 година беше изработена целосна проектна документација и започна изведбата на **фотонапонската централа** за производство на електрична енергија со инсталиран капацитет од 6.455 kWh, лоцирана во Гевгелија. Во изминатата година стручен инженерски тим интензивно работеше на обезбедување предуслови, спроведување подготвителни активности и на подготовка на урбанистичка документација. Со капацитетите инсталирани досега и со пуштањето во употреба на овој производствен капацитет, се очекува 75 до 85 % од електричната енергија што се користи за производствените капацитети на АЛКАЛОИД АД Скопје да биде од сопствено производство од обновливи извори на енергија. Во 2025 година за оваа активност се инвестирани **1 милион евра**, средства наменети за снабдување со опрема во согласност со проектните решенија, а целиот проект, кој треба да се реализира во 2026 година, ќе чини 6,5 милиони евра.

Рационализацијата и оптимизацијата на деловните и на производствените процеси, ефикасното користење на енергијата и ресурсите, инвестирањето во нови производствени капацитети, современа технолошка опрема и во квалитетни проекти, како и унапредувањето на заштитата на животната средина остануваат клучна стратешка определба на АЛКАЛОИД АД и во наредниот период.

Следењето на најновите трендови во индустријата и во производството на ценовно достапни, квалитетни, ефикасни и безбедни производи, кај кои заштитниот знак на АЛКАЛОИД АД е синоним за високото ниво на квалитет и на сигурност, е принцип кој е цврсто втемелен во корпоративната политика на компанијата. **Развојот на АЛКАЛОИД АД, почнувајќи од 2017 година, е осмислен со долгорочен, дваесетгодишен план за инвестициски активности, кој чекор по чекор се реализира секоја година со несмален ентузијазам и со голема посветеност, економичност и ефикасност**.

# Човечки ресурси

Во 2025 година континуираната посветеност на развој и на задржување на вработените значајно придонесе за остварување на стратешките цели на компанијата. Во овој период АЛКАЛОИД Скопје и АЛКАЛОИД Конс го проширија својот тим со вкупно 54 нови вработени.

Преку програмите за млади таленти (дуално образование и практикантство) 6 практиканти ја започнаа својата кариера во АЛКАЛОИД АД Скопје, а 10 ученици од третата генерација на парцијално дуалното образование беа вработени. Дополнително, 843 студенти учествуваа во развојните активности и се здобија со практично искуство.

Во делот на грижата за вработените, Проектот за бенефиции за децата на вработените континуирано продолжи и во учебната 2024/2025 година, а дополнително беа воведени и нови бенефиции – слободен ден по повод роденденот на вработениот и подарок за прваче.

## Обука и развој на вработените

Во 2025 година беа реализирани голем број интерни и екстерни обуки во насока на надградување и унапредување на знаењата, вештините и компетенциите на вработените. Просечно секој вработен поминал **105,71 часа обука**, а просечниот износ на трошоците за обука од вработен изнесувал **8.561,53 денари**.

Во текот на 2025 година компанијата пристапи кон систематско и стратешко структурирање на учењето и развојот од областа на вештачката интелигенција (AI). Во рамките на овој процес беше воведена платформа за електронско учење, преку која се обезбедува пристап до обуки на различни теми, достапни за сите вработени. Ваквиот пристап создава основа за континуиран и насочен развој на вештините, усогласен со идните потреби и со стратешките приоритети на компанијата.

## Програма за млади таленти – практикантство 2025 година

За 2025 година сѐ на сѐ беа избрани 49 практиканти, од кои 11 се со ССС, а 38 се со ВСС. Заклучно со 2025 година вкупно 359 практиканти биле дел од оваа програма, а од нив досега вработени се 127, односно процентот на вкупна вработливост досега од почетокот на Програмата за практикантство изнесува **35 %**.

Во Програмата за практикантство на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2025 година беа вклучени следниве образовни институции:

- Фармацевтскиот факултет при УКИМ
- Институтот за хемија при ПМФ, УКИМ
- Институтот за биологија при ПМФ, УКИМ
- Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ
- Медицинскиот факултет при УКИМ
- Факултетот за електротехника и информациски технологии при УКИМ
- Машинскиот факултет при УКИМ
- Факултетот за медицински науки при УГД
- СМУГС „д-р Панче Караѓозов“
- СУГС „Марија Кири-Склодовска“
- СУГС „Владо Тасевски“
- СУГС „Лазар Танев“

## Парцијално дуално образование

Заклучно со новата петта генерација на ученици во учебната 2025/2026, вкупно 121 ученик бил или е дел од парцијално дуалното образование во АЛКАЛОИД. Процентот на вкупна вработливост досега, од почетокот на Програмата за парцијално дуално образование, изнесува **47,89 %**.

Ова достигнување ја нагласува нашата заложба за поддршка на младите таленти преку внимателно планирано и структурирано обучување, помагајќи им да ја започнат својата кариера со потребното знаење.

## Развојни активности во соработка со образовните институции

Во текот на 2025 година, во рамките на развојните активности, беа вклучени вкупно 843 студенти, од кои 281 студент учествуваше во лабораториските вежби, 347 студенти реализираа посети на локации/погони, а 215 студенти присуствуваа на предавања и на работилници. Дополнително, во рамките на иницијативата за зелена хроматографија беа вклучени 11 студенти, при што беа развиени 2 зелени метода.

Со континуирани инвестиции во едукацијата и во развојот на младиот кадар, АЛКАЛОИД создава основа за развој на идни таленти и активно придонесува за одржлив развој на компанијата и на заедницата.

# Грижа за вработените

Како општествено одговорна компанија континуирано вложуваме во проекти и во активности насочени кон унапредување на грижата и благосостојбата на вработените и нивните семејства. Покрај Програмата за добредојде, ја продолживме и поддршката за децата на вработените преку обезбедување месечна финансиска помош во износ од 1.250 денари од дете. Средствата се наменети за активности поврзани со доедукација, спорт, рекреација, наука и со култура, со цел поттикнување на развојот на децата.

Во текот на 2025 година пакетот со бенефиции за вработените беше дополнително проширен со воведувањето нови иницијативи насочени кон зголемување на благосостојбата и кон зајакнување на семејната поддршка. Во тие рамки беше воведен и слободен ден по повод роденденот на вработениот, а беа обезбедени и подароци за првачињата на вработените.

Позитивните повратни информации и континуираниот интерес за користење на бенефициите ја потврдуваат ефикасноста на овие иницијативи, преку кои ги нагласуваме нашата долгорочна посветеност на вработените и поддршката за идните генерации и за нивниот развој.

Во првиот квартал од 2025 година, во март, компанијата на своите вработени им исплати регрес за годишен одмор во нето-износ од 44.500 денари и го продолжи доброволното приватно здравствено осигурување.

# Привлекување таленти и сорсинг

Особено значајно е што и оваа година, по трет пат, АЛКАЛОИД ја доби наградата во категоријата апсолутен победник за најпосакуван работодавец за 2024 година од спроведената анкета на сајтот Vrabotuvanje.com.mk. Оваа награда трета година по ред го истакнува брендот АЛКАЛОИД како одамна препознаен и етаблиран работодавец, кој останува атрактивен и за новите генерации, а со тоа продолжува и општествената улога која ја има компанијата во однос на спречувањето на сè поголемиот одлив на работна сила надвор од нашата држава.

Процесот на регрутација и селекција е целосно дигитализиран преку софтвер за регрутација, почнувајќи од годишното планирање на кадарот, па сè до реализирањето на потребите од вработување, проследен со активно користење на интернет-апликацијата поставена на корпоративната веб-страница на АЛКАЛОИД.

И покрај предизвиците на сè подинамичниот пазар на трудот, продолживме со привлекувањето таленти со помош на најразлични стратегии, вклучувајќи и интерни селекции меѓу нашите вработени, на тој начин овозможувајќи им нови кариерни можности за развој, но и со нашата *referral*-програма. Зајакнувањето на брендот АЛКАЛОИД го овозможивме преку активно присуство на настани за кариера и преку соработки со голем број образовни институции.

Изминатата 2025 година ја завршивме со следнава состојба на бројот на вработени:

**Состојба на бројот на вработени (31.12.2025 година)**

| ПЦ/ОЕ | Број на вработени |
|---|---|
| Фармација | 1244 |
| Хемија | 70 |
| Козметика | 116 |
| Билка | 46 |
| Продажби ХКБ | 24 |
| Администрација ХКБ | 3 |
| Корпоративни служби | 669 |
| **ВКУПНО АЛКАЛОИД АД Скопје** | **2.172** |
| Капитално поврзани друштва | 846 |
| **ВКУПНО** | **3018** |

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која континуирано вложува во унапредување на квалификациската структура на вработените. Убедени сме дека само образован и обучен кадар може да одговори на реализацијата на стратешките цели и определби на компанијата.

**Квалификациска структура на вработените во Алкалоид АД**



Во однос на половата структура во АЛКАЛОИД АД Скопје, состојбата е следна:

**Полова структура на вработените во Алкалоид АД**




**Полова структура на раководителите во Алкалоид АД**




Просечна возраст во структурата на нашите вработени

| | |
|---|---|
| **Просечна возраст во АЛКАЛОИД АД Скопје** | **39 години** |

Процентот на одлив е даден подолу.

| | |
|---|---|
| **Одлив на вработени (%)** | **3,4 %** |

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Одржлив развој

## Животна средина, општествени прашања и управување (Environmental Social Governance - ESG)

АЛКАЛОИД АД Скопје како глобално ориентирана компанија континуирано работи на следење и примена на најсовремените меѓународни трендови во областа на доброто корпоративно управување. Со право може да се истакне дека АЛКАЛОИД АД Скопје и натаму ја задржува својата улога на пионер и лидер во промоцијата и воведувањето на највисоките стандарди за корпоративно управување во Македонија.

Во деловните планови за развој на компанијата кои беа предвидени за 2025 година, одржливоста, транспарентноста и општествената одговорност претставуваа суштински предуслови за долгорочна конкурентност и стабилен раст. АЛКАЛОИД како водечка компанија со повеќедецениска традиција и со силен корпоративен углед јасно ги препознава стратешкото значење на ESG-принципите (Environmental, Social, Governance) и нивната интеграција во сите сегменти од своето работење.

Следејќи ги зголемените регулаторни и пазарни барања во областа на нефинансиското и одрживото известување, АЛКАЛОИД и во текот на 2025 година продолжува со систематско унапредување на сите процеси поврзани со ESG. Посебен акцент е ставен врз подготовката за воведување на европските стандарди за известување за одржливост (ESRS), кои ќе бидат применети во извештајот за одржливост за 2026 година, во согласност со барањата на Директивата за корпоративно известување за одржливост (CSRD).

ESG-рамката за АЛКАЛОИД претставува интегриран пристап спрема управувањето со влијанијата, ризиците и можностите поврзани со животната средина, општеството и со корпоративното управување. Ова подразбира примена на иновативна и ефикасна практика за намалување на еколошките (јаглероден и воден) отпечатоци, унапредување на добросостојбата и правата на вработените, поддршка на локалната заедница, како и обезбедување високо ниво на транспарентност, етичност и отчетност во управувањето.

Воведувањето на ESG-стратегијата, усогласена со новите ESRS и со другите релевантни ЕУ-регулативи за одржливост, претставува долгорочна инвестиција во одржлив раст, стабилност и отпорност на компанијата. Преку стратешко вградување на одржливоста во процесот на донесување одлуки, АЛКАЛОИД ја зајакнува својата репутација, ја зголемува ефикасноста во работењето и создава долгорочна вредност за сите засегнати страни.

Во текот на изминатиот период компанијата се соочи со значителни предизвици поврзани со унапредувањето на ESG-процесот и успешно одговори на нив. Процесот на воведување на усвоениот Кодекс за добавувачи се реализира прилично успешно: се продолжи со континуирано подобрување по реализираните етички аудити (SMETA) со високи оценки, а, во согласност со стандардите ETI code, беа донесени и дополнителни политики насочени кон подобрување на работните услови и заштита на правата на вработените. Европската Унија, преку CSRD и придружните ESRS-стандарди, воспоставува сеопфатна и обврзувачка рамка за известување за одржливоста, со цел обезбедување унифицирани, споредливи и веродостојни информации за ESG-перформансите на компаниите. АЛКАЛОИД активно и навремено се усогласува со оваа регулаторна рамка, препознавајќи ја како можност за дополнително унапредување на корпоративното управување и на стратешкото планирање, а воедно и како можност за зајакнато присуство на пазарите на ЕУ.

АЛКАЛОИД АД Скопје целосно ја прифаќа својата одговорност за креирање одржлива иднина. Преку доследна примена на ESG-принципите и преку усогласување со сите нови ЕУ-стандарди за одржливост и за континуирани инвестиции во луѓето, процесите и иновациите, компанијата ќе продолжи да ги задржува и да ги развива своите вработени, да привлекува нови таленти, да ја зголемува ефикасноста во работењето и да ја зајакнува довербата со сите засегнати страни.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Единечен финансиски извештај за работењето

## 1. Клучни финансиски показатели

| | Износ 2025 | Износ 2024 | Во 000 МКД<br>Индекс 25/24 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 14.715.400 | 13.972.976 | 105 |
| Продажби | 13.837.976 | 13.433.299 | 103 |
| Бруто профит | 5.666.066 | 5.287.822 | 107 |
| "Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)" | 3.393.013 | 2.886.531 | 118 |
| Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА маржа) (во %) | 24,5% | 21,5% | 114 |
| Оперативен профит | 2.251.478 | 1.921.125 | 117 |
| Профит пред оданочување | 2.176.901 | 1.872.306 | 116 |
| Нето профит | 1.984.231 | 1.702.570 | 117 |
| Вкупно средства | 20.966.675 | 19.740.924 | 106 |
| Капитал | 15.363.104 | 14.453.683 | 106 |
| Нето паричен тек | 13.449 | -3.265 | - |
| Вложувања во основни средства | 988.598 | 1.342.620 | 74 |
| Број на вработени | 2.172 | 2.244 | 97 |
| Продажби по вработен | 6.371 | 5.986 | 106 |
| | | | |
| Тековен коефициент | 2,19 | 1,89 | 116 |
| Долгорочна задолженост | 5,0% | 5,1% | 98 |
| **РОЕ** Повраток на капиталот | 13,31 | 12,18 | 109 |
| **ЕПС** Заработка по акција (Во Денари) | 1.411,8 | 1.211,4 | 117 |
| Вкупен број на акции | 1.431.353 | 1.431.353 | 100 |
| | | | |
| 1 ЕУР/1 МКД (Просек) | 61,5876 | 61,5319 | 100 |

## Селектирани финансиски показатели

| | Износ 2025 | Износ 2024 | (Во 000 ЕУР)<br>Индекс 25/24 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 238.934 | 227.085 | 105 |
| Продажби | 224.688 | 218.314 | 103 |
| **ЕБИТДА** | 55.092 | 46.911 | 117 |
| **ЕБИТ** Заработка пред камати и даноци | 36.557 | 31.222 | 117 |
| Нето профит | 32.218 | 27.670 | 116 |
| **ЕПС** Заработка по акција | 22,92 | 19,69 | 116 |

## 2. Општи податоци

АЛКАЛОИД АД Скопје е акционерско друштво основано и со седиште во Република Северна Македонија. Адресата на друштвото е бул. „Александар Македонски“ бр. 12 Скопје.

**Основната дејност** на АЛКАЛОИД АД Скопје е производство на фармацевтски, хемиски и на козметички производи, како и на производи од билно потекло. Покрај основната дејност, АЛКАЛОИД АД Скопје, во согласност со уписот во надлежниот регистар, може да извршува и трговија на големо и надворешно-трговски промет со прехранбени и со непрехранбени производи.

**Претежна дејност** е производството на фармацевтски производи.

Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.

Годишниот извештај за работењето на Алкалоид АД Скопје е изготвен во согласност со Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 88/2017, 192/2017, 64/2018, 120/2018, 290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025) и Правилникот за водење на сметководство (Сл.Весник бр. 159/09, 164/10 и 107/11). Извештајот е изготвен во согласност со концептот на набавна цена, со исклучок на земјиштето, градежните објекти и вложувањата расположиви за продажба, кои се искажани според нивната пазарна вредност.

Изготвувањето на годишен извештај, во согласност со Законот за трговски друштва и со Правилникот за водење на сметководство, бара примена на проценки и на претпоставки од менаџментот на друштвото, кои влијаат врз искажаните позиции во консолидираниот извештај. Иако проценките на раководството се базираат врз разумни информации и врз познавања за настаните и за активностите, фактичките резултати може да се разликуваат од проценетите.

## 3. Управување со финансиски ризик

**Видови финансиски ризик**

Во своето работење Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарен ризик (ризик од промена на девизните курсеви, пазарните вредности и цените), кредитен ризик, ризик од неликвидност и каматен ризик. Пристапот на Друштвото во управување со финансиски ризик е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојува да изнајде начин за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот го врши Финансискиот сектор, а врз основа на политиките одобрени од Управниот Одбор.

**Пазарен ризик**

**а) Ризик од промена на девизниот курс**
Друштвото е вклучено во меѓународни трансакции и е изложено на ризик од промена на девизните курсеви, како резултат на изложеност на домашната валута во однос на различните странски валути.

За да се намали изложеноста на девизниот ризик, друштвото спроведува политика со која се настојува да се обезбедат доволно девизни средства на девизните сметки во банките, со цел тие да бидат искористени за плаќање на тековните обврски спрема странските добавувачи во моментот на нивното доспевање.

**б) Ризик од промена на цените**
Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарната вредност на вложувањата расположливи за продажба. Друштвото не е изложено на ризик од промена на цената на готовите производи.

**Кредитен ризик**

Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик. Воспоставените политики и процедури овозможуваат продажба на купувачи со соодветна кредитна историја. Побарувањата од купувачите се состојат од голем број салда. На тој начин управувањето со кредитниот ризик вклучува политика на разумно намалување и дисперзија на концентрацијата на побарувањата во портфолиото на клиентите.

**Ризик од неликвидност**

Ризикот од неликвидност се управува преку обезбедување доволни количини на готовина, како и преку можност за обезбедување средства за кредитирање на операциите на друштвото.

**Каматен ризик**

Друштвото не поседува значајни финансиски средства кои би обезбедиле принос на камати, така што готовинскиот тек на друштвото не е под влијание на промените на пазарните каматни стапки.

Друштвото е изложено на каматен ризик за долгорочните и за краткорочните кредити. Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик, а го регулира во директни преговори со банките. Каматните стапки на долгорочните кредити се помали од краткорочните и значајно не варираат. Каматите на краткорочните кредити земени од банките во земјата во тековниот период се намалени во однос на минатата година.

**Објективна вредност**

Објективната вредност на вложените средства расположливи за продажба се базира на вредноста на акциите кои котираат на официјалниот финансиски пазар на денот на билансот на состојба.

За вреднување на вложувањата кои не котираат на официјалниот пазар се применува тековната пазарна вредност на вложувања во хартии од вредност, во иста или во слична групација во која дејствува субјектот.

Книговодствената вредност намалена за проценетите исправки на вредноста на финансиските средства и обврски, со рок на доспевање пократок од една година, ја претставува приближно нивната објективна вредност.

Проценките на друштвото се базираат на искуството и на други фактори, вклучувајќи ги и очекувањата за идните настани за кои се верува дека се веројатни во сегашните околности.

## 4. Инвестиции

Инвестициите ги вклучуваат зголемувањата на материјалните (градежни објекти и опрема) и нематеријалните средства (патенти, лиценци, софтвер).

Инвестициите по сегменти (Профитни центри) на 31 декември се:

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 | | 2024 | | Инд. |
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **25/24** |
| Фармација | 939.315 | 95 | 1.145.956 | 85 | 82 |
| Хемија Козметика Билкарство | 49.283 | 5 | 196.664 | 15 | 25 |
| **Вкупно:** | **988.598** | **100** | **1.342.620** | **100** | **74** |

## 5. Дивиденда

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденди сé додека истата не се ратификува на Годишно собрание на акционерите.

На 1 април 2025 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2024 година во износ од 901.752 илјади денари. Пресметаната дивиденда е прикажана како намалување од задржаната добивка. Исплатената нето дивиденда за една акција за 2024 година изнесува 567,00 денари (2023: 486,00 денари) што претставува пораст од 16,7%.

## 6. Финансирање – кредити

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 | | 2024 | | Инд. |
| **Кредит** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **25/24** |
| Тековни кредити | 1.288.280 | 63 | 1.189.700 | 62 | 108 |
| Нетековни кредити | 765.842 | 37 | 738.565 | 38 | 104 |
| **Вкупно:** | **2.054.122** | **100** | **1.928.265** | **100** | **107** |

**Доспевањето на кредитите е:**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 | | 2024 | | Инд. |
| **Доспевање** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **25/24** |
| До 1 година | 1.288.280 | 63 | 1.189.700 | 62 | 108 |
| Од 1 до 3 години | 765.842 | 37 | 738.565 | 38 | 104 |
| **Вкупно:** | **2.054.122** | **100** | **1.928.265** | **100** | **107** |

## 7. Големи зделки

Според Законот за трговски друштва, Алкалоид АД Скопје во 2025 година нема склучено големи зделки.

## 8. Трансакции со поврзаните субјекти

АЛКАЛОИД АД Скопје нема краен единствен сопственик. Акциите на друштвото се поседувани од голем број на правни и физички лица.

АЛКАЛОИД АД Скопје поседува дваесет и пет подружници, две спортски друштва и една фондација во С. Македонија и странство. Продажбата на, и набавката од поврзаните субјекти се одвива на принцип на нормални продажни услови и пазарни цени.

**Вложувања во поврзани субјекти**

(Во 000 ден.)

| Подружница | 2025 Износ | % | 2024 Износ | % | Инд. 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 173.256 | 27 | 173.256 | 27 | 100 |
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | 15.439 | 2 | 15.439 | 2 | 100 |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 866 | - | 866 | - | 100 |
| Алкалоид ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 39 | - | 39 | - | 100 |
| Алкалоид ЕООД Софија, Бугарија | 2.748 | - | 2.748 | - | 100 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк Приштина, Косово | 307 | - | 307 | - | 100 |
| Алкалоид фарм СА Фрибург, Швајцарија | 5.429 | 1 | 5.429 | 1 | 100 |
| Алкалоид УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД | 3.873 | 1 | 3.873 | 1 | 100 |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, Македонија | 161.154 | 25 | 161.154 | 25 | 100 |
| Алкалоид ДОО Подгорица, Црна Гора | - | - | - | - | - |
| Фондација „Трајче Мукаетов” Скопје, Македонија | 3.000 | - | 3.000 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД-РУС ООО, Москва, Русија | 119.359 | 19 | 119.359 | 19 | 100 |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 461 | - | 461 | - | 100 |
| Алкалоид Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 7.720 | 1 | 7.720 | 1 | 100 |
| Алкалоид Иљач ТЛС Истанбул, Турција | 2.616 | - | 2.616 | - | 100 |
| Билна аптека ДООЕЛ Скопје, Македонија | 308 | - | 308 | - | 100 |
| АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 43.081 | 7 | 43.081 | 7 | 100 |
| Алкалоид Шпк Тирана, Албанија | 308 | - | 308 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД КИЕВ ТОВ, Киев, Украина | 2.157 | - | 2.157 | - | 100 |
| Алкалоид ЛГЛ ДОО, Загреб | 2.157 | - | 2.157 | - | 100 |
| Алкалоид УК ЛИМИТЕД | - | - | - | - | - |
| РК АЛКАЛОИД РАКОМЕТ СКОПЈЕ | 1.542 | - | 1.542 | - | 100 |
| РК МУЛТИ ЕСЕНС СКОПЈЕ | 1.542 | - | 1.542 | - | 100 |
| Алкалоид Букурешт С.Р.Л. Романија | 6.150 | 1 | 6.150 | 1 | 100 |
| Алкалоид СЕЕ ДОО Београд | 1.231 | - | 1.231 | - | 100 |
| Алкалоид Фарма Интернационал, Хрватска | 70.729 | 11 | 70.729 | 11 | 100 |
| Алкалоид Казахстан ЛЛП, Алмати, Казахстан | 5.959 | 1 | 5.959 | 1 | 100 |
| Алкалоид Енергетика ДООЕЛ | 6.150 | 1 | 6.150 | 1 | 100 |
| **Вкупно:** | **637.581** | **100** | **637.581** | **100** | **100** |

Сите поврзани субјекти се 100% сопственост на Алкалоид АД Скопје, освен вложувањето во Алкалоид УСА каде учеството изнесува 49%. Иако вложувањето на Алкалоид АД Скопје во Алкалоид УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД изнесува 49 %, Друштвото поседува контрола.

Во 2024 година АЛКАЛОИД регистрираше нови друштва во Хрватска и Казахстан, со назив Алкалоид Фарм Интернационал Загреб и Алкалоид Казахстан ЛЛП. Друштвата се во 100% сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во 2024 година АЛКАЛОИД регистрираше ново друштво и во Македонија, со назив Алкалоид Енергетика ДООЕЛ. Друштвото е во 100% сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Друштвото има претставништва во Русија и Украина. Резултатите од работењето на претставништвата се вклучени во финансискиот извештај на матичното друштво.

**Продажби на производи и услуги**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 | | 2024 | | Инд. |
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **25/24** |
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 324.838 | 4 | 297.883 | 5 | 109 |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 1.827.152 | 25 | 2.121.800 | 33 | 86 |
| Алкалоид ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 695.689 | 10 | 275.751 | 4 | 252 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 270.461 | 4 | 262.747 | 4 | 103 |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 211.078 | 3 | 178.275 | 3 | 118 |
| АЛКАЛОИД-РУС ООО, Москва, Русија | 2.620.085 | 36 | 2.091.907 | 32 | 125 |
| Алкалоид Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 1.298.982 | 18 | 1.285.626 | 20 | 101 |
| Останати поврзани субјекти | 24.979 | - | 5.578 | - | 448 |
| **Вкупно:** | **7.273.264** | **100** | **6.519.567** | **100** | **112** |

### Набавка на производи и услуги

| Подружница | 2025 Износ | % | 2024 Износ | % | Инд. 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 18.515 | 2 | 22.251 | 3 | 83 |
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | 11.268 | 1 | 12.355 | 1 | 91 |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 16.086 | 2 | 14.777 | 2 | 109 |
| Алкалоид ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 12.547 | 1 | 151.045 | 18 | 8 |
| Алкалоид ЕООД Софија, Бугарија | 1.129 | - | 880 | - | 128 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 4.805 | 1 | 6.252 | 1 | 77 |
| Алкалоидфарм СА Фрибург, Швајцарија | 236.442 | 27 | 149.664 | 18 | 158 |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 188 | - | 487 | - | 39 |
| Алкалоид ДОО Подгорица, Црна Гора | 56.994 | 7 | 57.798 | 7 | 99 |
| Фондација „Трајче Мукаетов" Скопје, С.Македонија | 12.081 | 1 | 12.892 | 2 | 94 |
| Алкалоид ДОО Веледрогерија Белград, Србија | - | - | 310 | - | - |
| Алкалоид Иљач Т. Л. С. Истанбул, Турција | 9.147 | 1 | 9.421 | 1 | 97 |
| Алкалоид Билна аптека ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 4.850 | 1 | 4.044 | - | 120 |
| Алкалоид АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 1.097 | - | 3.276 | - | 33 |
| Алкалоид Шпк Тирана, Албанија | 36.571 | 4 | 30.115 | 4 | 121 |
| Алкалоид ТОВ Киев, Украина | 223.115 | 26 | 204.551 | 25 | 109 |
| Алкалоид ЛГЛ ДОО, Загреб | 12.810 | 1 | 13.217 | 2 | 97 |
| Алкалоид СЕЕ ДОО Белград, Србија | 47.097 | 5 | 18.651 | 2 | 253 |
| Алкалоид Фарма Интернационал, Хрватска | 6.328 | 1 | 3.468 | - | 182 |
| Алкалоид Казахстан ЛЛП, Алмати, Казахстан | 82.632 | 9 | 12.974 | 2 | 637 |
| Останати поврзани субјекти | 80.209 | 9 | 97.308 | 12 | 82 |
| **Вкупно:** | **873.911** | **100** | **825.736** | **100** | **106** |

### Побарувања од продажби на производи и услуги

| Подружница | 2025 Износ | % | 2024 Износ | % | Инд. 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 122.383 | 4 | 162.260 | 6 | 75 |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 909.380 | 27 | 967.222 | 36 | 94 |
| Алкалоид ДОО Сарајево, БиХ | 122.704 | 4 | 194.796 | 7 | 63 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 107.241 | 3 | 91.967 | 3 | 117 |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 18.356 | 1 | 1.224 | - | 1.500 |
| АЛКАЛОИД-РУС ООО, Москва, Русија | 1.545.022 | 45 | 556.506 | 21 | 278 |
| Алкалоид Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 578.001 | 17 | 732.176 | 27 | 79 |
| Останати поврзани субјекти | 20.845 | 1 | 2.073 | - | 1.006 |
| **Вкупно:** | **3.423.932** | **100** | **2.708.224** | **100** | **126** |

**Обврски за набавка на производи и услуги**

| Подружница | 2025 Износ | % | 2024 Износ | % | Инд. 25/24 (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | 6.112 | 2 | 6.930 | 3 | 88 |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 42.043 | 15 | 48.387 | 19 | 87 |
| Алкалоид ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 15.721 | 6 | 15.858 | 6 | 99 |
| Алкалоид ЕООД Софија, Бугарија | 497 | - | 322 | - | 154 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк Приштина, Косово | 4.045 | 1 | 1.352 | 1 | 299 |
| Алкалоидфарм СА Фрибург, Швајцарија | 103.324 | 37 | 101.482 | 39 | 102 |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | - | - | 137 | - | - |
| Алкалоид ДОО Подгорица, Црна Гора | 12.840 | 5 | 13.505 | 5 | 95 |
| АЛКАЛОИД-РУС ООО, Москва, Русија | 19.615 | 7 | - | - | - |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 645 | - | 645 | - | 100 |
| Алкалоид Билна аптека ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 1.286 | - | 1.428 | 1 | 90 |
| Алкалоид АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 4.549 | 2 | 5.588 | 2 | 81 |
| Алкалоид Шпк Тирана, Албанија | 792 | - | 2.100 | 1 | 38 |
| Алкалоид ТОВ Киев, Украина | 44.717 | 16 | 51.435 | 20 | 87 |
| Алкалоид ЛГЛ ДОО, Загреб | 1.825 | 1 | 1.753 | 1 | 104 |
| Алкалоид СЕЕ ДОО Београд | 8.392 | 3 | 183 | - | 4.586 |
| Алкалоид Фарма Интернационал, Хрватска | 845 | - | 3.466 | 1 | 24 |
| Алкалоид Казахстан ЛЛП, Алмати, Казахстан | 9.733 | 3 | 465 | - | 2.093 |
| Останати поврзани субјекти | 3.688 | 1 | 2.930 | 1 | 126 |
| **Вкупно:** | **280.669** | **100** | **257.966** | **100** | **109** |

**Побарувања за дадени аванси, позајмици и кредити**

| Подружница | 2025 Износ | % | 2024 Износ | % | Инд. 25/24 (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| Алкалоид Шпк Тирана, Албанија | 2.091 | 16 | 1.845 | 100 | 113 |
| Алкалоид СЕЕ ДОО Београд | 7.588 | 57 | - | - | - |
| Алкалоид Казахстан ЛЛП | 3.690 | 28 | - | - | - |
| **Вкупно:** | **13.369** | **100** | **1.845** | **100** | **725** |

## 9. Акционерски капитал

| | Обични акции | Сопствени акции | Вкупно | Премии од акции |
|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2024** | **2.220.127** | **-109.285** | **2.110.842** | **-74.278** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2024** | **2.220.127** | **-109.285** | **2.110.842** | **-74.278** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2025** | **2.220.127** | **-109.285** | **2.110.842** | **-74.278** |

Вкупниот број на одобрени и издадени акции е 1.431.353 со номинална вредност од ЕУР 25,56 по акција. Издадените акции се платени во целост. На 31 декември 2025 година, бројот на акции со право на глас е 1.405.509 акции.

**Заработка по акција**

| | 2025 Износ | 2024 Износ | Инд. 25/24 |
|---|---|---|---|
| | | | (Во 000 ден.) |
| Расположива Нето добивка (Денари) | 1.984.231.174 | 1.702.570.214 | 117 |
| Број на акции | 1.405.509 | 1.405.509 | 100 |
| **Основна заработка по акција (Денари):** | **1.411,75** | **1.211,35** | **117** |

## 10. Надоместоци на раководството

Менаџерскиот тим на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2025 година брои вкупно 148 лица (2024: 146 лица) меѓу кои се и членовите на Управниот одбор. Надоместоците за бруто плати и награди, регрес за годишен одмор, новогодишен надоместок, менаџерско осигурување, отпремнина, јубилејни награди и приватно здравствено осигурување на менаџерскиот тим во извештајната година на бруто-основа изнесуваат вкупно 697,8 милиони денари (2024: 682,9 милиони денари), од кои 576,8 милиони денари (2024: 563,9 милиони денари) претставуваат фиксен и 121 милион денари (2024: 119 милиони денари) претставуваат варијабилен надоместок. На членовите на Надзорниот одбор на друштвото во 2025 година вкупно на бруто основа им се исплатени 4.980 илјади денари (2024: 4.847 илјади Денари).

## 11. Продажби

**Вкупни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 ден.)

| Пазар | 2025 Износ | % | 2024 Износ | % | Инд. 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| Домашен пазар | 3.858.675 | 28 | 3.618.713 | 27 | 107 |
| Странски пазар | 9.979.301 | 72 | 9.814.586 | 73 | 102 |
| **Вкупно:** | **13.837.976** | **100** | **13.433.299** | **100** | **103** |

Остварените вкупни продажби во 2025 година изнесуваат 13.837.976 илјади денари и во споредба со остварените продажби во 2024 година (13.433.299 илјади денари) бележат пораст за 3%. Вкупниот пораст на продажбите е резултат од порастот на продажбите остварени на странски пазар од 2% и порастот на продажбите на домашен пазар за 7%.

Според структурата по пазари, најголем обем на продажби, 72% е остварен на странски пазари.

**Вкупни продажби по Профитни центри**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 | | 2024 | | Инд. |
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **25/24** |
| Фармација | 12.051.944 | 87 | 11.646.582 | 87 | 103 |
| Хемија Козметика Билкарство | 1.786.032 | 13 | 1.786.717 | 13 | 100 |
| **Вкупно:** | **13.837.976** | **100** | **13.433.299** | **100** | **103** |

Најголеми вкупни продажби во износ од 12.051.944 илјади денари, или 87%, се остварени од продажбите на фармацевтски производи. Тие во споредба со остварените продажби во 2024 година (11.646.582 илјади денари) бележат пораст за 3%.

**Продажби на домашен пазар по Профитни центри**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 | | 2024 | | Инд. |
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **25/24** |
| Фармација | 3.041.183 | 79 | 2.754.032 | 76 | 110 |
| Хемија Козметика Билкарство | 817.492 | 21 | 864.681 | 24 | 95 |
| **Вкупно:** | **3.858.675** | **100** | **3.618.713** | **100** | **107** |

Вкупните продажби на домашен пазар изнесуваат 3.858.675 илјади денари и во споредба со 2024 година (3.618.713 илјади денари) бележат пораст од 7%. Најголем обем на продажби во износ од 3.041.183 илјади денари, или 79%, се остварени во ПЦ Фармација.

**Продажби на странски пазар по Профитни центри**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 | | 2024 | | Инд. |
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **25/24** |
| Фармација | 9.010.761 | 90 | 8.892.550 | 91 | 101 |
| Хемија Козметика Билкарство | 968.540 | 10 | 922.036 | 9 | 105 |
| **Вкупно:** | **9.979.301** | **100** | **9.814.586** | **100** | **102** |

Вкупните продажби на странски пазар изнесуваат 9.979.301 илјади денари и во споредба со 2024 година (9.814.586 илјади денари) бележат пораст од 2%. Најголем обем на продажби од извоз во износ од 9.010.761 илјади денари, или 90%, се остварени во ПЦ Фармација.

**Продажби по региони / земји**

| Регион / Земја | 2025 Износ | 2025 % | 2024 Износ | 2024 % | Инд. 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Северна Македонија | 3.858.675 | 28 | 3.618.713 | 27 | 107 |
| Југоисточна Европа | 4.023.901 | 29 | 4.191.233 | 31 | 96 |
| Источна Европа (ЗНД, УКР, ...) | 3.411.478 | 25 | 2.819.200 | 21 | 121 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 2.351.022 | 17 | 2.655.101 | 20 | 89 |
| Други земји | 192.900 | 1 | 149.052 | 1 | 129 |
| **Вкупно:** | **13.837.976** | **100** | **13.433.299** | **100** | **103** |

Најголем обем од продажбите, 29%, се остварени во земјите од Југоисточна Европа.

**Вкупни приходи**

| Приходи | 2025 Износ | 2025 % | 2024 Износ | 2024 % | Инд. 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| **1. Приходи од продажба на производи и услуги** | **13.837.976** | **94** | **13.433.299** | **96** | **103** |
| **-Домашен пазар** | **3.858.675** | **26** | **3.618.713** | **26** | **107** |
| Продажба на готови производи | 2.534.278 | 17 | 2.471.038 | 18 | 103 |
| Продажба на трговски стоки | 1.243.848 | 8 | 1.069.091 | 8 | 116 |
| Останата продажба | 80.549 | 1 | 78.584 | 1 | 103 |
| **-Странски пазар** | **9.979.301** | **68** | **9.814.586** | **70** | **102** |
| Продажба на готови производи | 8.300.461 | 56 | 8.264.584 | 59 | 100 |
| Продажба на трговски стоки | 1.557.321 | 11 | 1.376.938 | 10 | 113 |
| Останата продажба | 121.519 | 1 | 173.064 | 1 | 70 |
| **2. Останати деловни приходи** | **877.424** | **6** | **539.677** | **4** | **163** |
| Наплатени отпишани побарувања | - | - | 2 | - | - |
| Приходи од поранешни години | 6.359 | - | 1.026 | - | 620 |
| Приходи од дивиденда | 168.106 | 1 | 135.505 | 1 | 124 |
| Приходи од камати од тековно работење | 319 | - | 422 | - | 76 |
| ПКР од тековно работење | 591.857 | 4 | 165.029 | 1 | 359 |
| Останати приходи | 110.783 | 1 | 237.693 | 2 | 47 |
| **3. Финансиски приходи** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| Позитивни курсни разлики од кредити | - | - | - | - | - |
| Приход од камата на кредити | - | - | - | - | - |
| **Вкупно:** | **14.715.400** | **100** | **13.972.976** | **100** | **105** |

Остварените вкупни приходи во 2025 година изнесуваат 14.715.400 илјади денари што во споредба со остварените во 2024 година (13.972.976 илјади денари) претставува пораст од 5%.

Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 94%, имаат приходите остварени со продажба на производи. Тие бележат пораст од 3% во споредба со остварените приходи во 2024 година.

Останатите деловни приходи учествуваат со 6%. Во споредба со остварените во 2024 година бележат зголемување од 63%.

Финансиските приходи ги опфаќаат само приходите по основ на кредити. Учеството на овие приходи во вкупните приходи е незначително.

**Видови на вкупни продажби**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 | | 2024 | | Инд |
| **Приходи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **25/24** |
| Продажба на готови производи | 10.834.739 | 78 | 10.735.622 | 80 | 101 |
| Продажба на трговски стоки | 2.801.169 | 20 | 2.446.029 | 18 | 115 |
| Останата продажба | 202.068 | 1 | 251.648 | 2 | 80 |
| **Вкупно:** | **13.837.976** | **100** | **13.433.299** | **100** | **103** |

### Видови на трошоци

| Расходи | 2025 Износ | % | 2024 Износ | % | (Во 000 ден.) Инд 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| Суровини и други материјали | 3.737.194 | 27 | 3.930.891 | 34 | 95 |
| Надоместоци на вработените | 3.109.920 | 22 | 2.769.643 | 24 | 112 |
| Амортизација | 1.141.535 | 8 | 965.406 | 8 | 118 |
| Електрична енергија | 250.895 | 2 | 254.914 | 2 | 98 |
| Вредносно усогласување на средствата | - | - | - | - | - |
| Транспортни трошоци | 172.714 | 1 | 195.661 | 2 | 88 |
| Промена на залихите | -204.812 | -1 | -134.976 | -1 | 152 |
| Набавна вредност на трговски стоки | 1.654.567 | 12 | 1.508.096 | 13 | 110 |
| Останати расходи од оперативно работењето | 2.113.018 | 15 | 2.156.585 | 19 | 98 |
| | **11.975.031** | **100** | **11.646.220** | **100** | **103** |

### Трошоци на вработените

| Расходи | 2025 Износ | % | 2024 Износ | % | (Во 000 ден.) Инд 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| Бруто плати | 2.463.754 | 18 | 2.354.418 | 85 | 105 |
| Останати трошоци на вработени | 646.166 | 5 | 415.225 | 15 | 156 |
| | **3.109.920** | **100** | **2.769.643** | **100** | **112** |

### Останати расходи

| Расходи | 2025 Износ | % | 2024 Износ | % | (Во 000 ден.) Инд 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| Негативни курсни разлики | 411.037 | 3 | 316.909 | 78 | 130 |
| Кусоци | 57.848 | 0 | 71.140 | 18 | 81 |
| Расходи од минати години | 8.291 | 0 | 7.500 | 2 | 111 |
| Останати расходи | 11.715 | 0 | 10.082 | 2 | 116 |
| | **488.891** | **100** | **405.631** | **100** | **121** |

### Трошоци на финансирање

| Расходи | 2025 Износ | % | 2024 Износ | % | (Во 000 ден.) Инд 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| Негативни курсни разлики од кредити | 64.296 | 0 | 48.819 | 100 | 132 |
| Камати на кредити и лизинг | 10.281 | 0 | - | - | - |
| **Вкупно:** | **74.577** | **100** | **48.819** | **100** | **153** |
| **Вкупно расходи:** | **12.538.499** | **100** | **12.100.670** | **-** | **104** |

Остварените вкупни расходи во 2025 година изнесуваат 12.538.999 илјади денари и во споредба со остварените во 2024 година (12.100.670 илјади денари) се зголемени за 4%.

Во структурата на вкупните расходи најголемо учество од 27% имаат Суровините и другите материјали; Трошоците за вработените учествуваат со 22%; Останатите расходи од работењето учествуваат со 15%; Трошоците на финансирање, кои ги опфаќаат трошоците по основ на кредити и лизинг, немаат значително учество во вкупните трошоци.

**Биланс на успех по функција**

| Позиција | 2025 Износ | 2025 % | 2024 Износ | 2024 % | Инд 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| **Продажби** | **13.837.976** | **94** | **13.433.299** | **96** | **103** |
| Трошоци содржани во продадени производи и услуги | -8.171.910 | -56 | -8.145.477 | -58 | 100 |
| **Бруто добивка** | **5.666.066** | **39** | **5.287.822** | **38** | **107** |
| Трошоци за истражување и развој | -238.470 | -2 | -227.849 | -2 | 105 |
| Трошоци за продажба и маркетинг | -2.718.219 | -18 | -2.439.832 | -17 | 111 |
| Административни трошоци | -846.432 | -6 | -833.062 | -6 | 102 |
| Останати приходи од работењето | 877.424 | 6 | 539.677 | 4 | 163 |
| Останати расходи од работењето | -488.891 | -3 | -405.631 | -3 | 121 |
| **Добивка од работењето** | **2.251.478** | **15** | **1.921.125** | **14** | **117** |
| Трошоци на финансирањето (нето) | -74.577 | -1 | -48.819 | - | 153 |
| **Добивка пред оданочување** | **2.176.901** | **15** | **1.872.306** | **13** | **116** |
| Данок на добивка | -192.670 | -1 | -169.736 | -1 | 114 |
| **Нето добивка** | **1.984.231** | **13** | **1.702.570** | **12** | **117** |

Билансот на успех по функција ги прикажува трошоците остварени во поделните деловни сегменти од сѐвкупното работење како: Производни трошоци, Трошоци за истражување и развој, Трошоци на продажба и маркетинг и Административни. Трошоците на финансирање се прикажани на нето основа, т.е. приходите и расходите по основ на кредити се пребиени, така што овие позиции можат да бидат приход или расход.

Во структурата на Вкупните приходи најголемо учество, 56%, имаат Трошоци содржани во продадени производи и услуги. Тие во споредба со остварените во 2024 година се на приближно исто ниво.

Трошоците за продажба и маркетинг во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 18%. Тие во споредба со остварените во 2024 година бележат пораст од 11%.

Административните трошоци во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 6%. Тие во споредба со остварените во 2024 година бележат зголемување од 2%.

**Биланс на состојба**

| Позиција | 2025 Износ | 2025 % | 2024 Износ | 2024 % | Инд 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| **Средства** | | | | | |
| **Постојани средства** | | | | | |
| Материјални средства | 7.786.940 | 37 | 8.027.606 | 41 | 97 |
| Нематеријални средства | 2.440.412 | 12 | 2.288.452 | 12 | 107 |
| Средства со право на користење | 400.977 | 2 | - | - | - |
| Вложувања во недвижности | 203.876 | 1 | 203.876 | 1 | 100 |
| Вложувања во подружници | 637.581 | 3 | 637.581 | 3 | 100 |
| Вложувања во хартии од вредност | 16.388 | - | 17.069 | - | 96 |
| Останати долгорочни побарувања | 63.995 | - | 73.277 | - | 87 |
| **Вкупно постојани средства:** | **11.550.169** | **55** | **11.247.861** | **57** | **103** |
| **Тековни средства** | | | | | |
| Залихи | 4.248.265 | 20 | 4.274.412 | 22 | 99 |
| Побарувања од купувачите | 4.707.511 | 22 | 3.755.713 | 19 | 125 |
| Останати побарувања | 332.867 | 2 | 348.524 | 2 | 96 |
| Пари и парични еквиваленти | 127.863 | 1 | 114.414 | 1 | 112 |
| **Вкупно тековни средства:** | **9.416.506** | **45** | **8.493.063** | **43** | **111** |
| **Вкупно средства:** | **20.966.675** | **100** | **19.740.924** | **100** | **106** |
| **Капитал и обврски** | | | | | |
| **Капитал** | | | | | |
| Акционерски капитал | 2.220.127 | 11 | 2.220.127 | 11 | 100 |
| Премии од акции | -109.285 | -1 | -109.285 | -1 | 100 |
| Законски резерви | 596.146 | 3 | 596.146 | 3 | 100 |
| Останати резерви | 1.878.829 | 9 | 2.064.022 | 10 | 91 |
| Задржана добивка | 10.777.287 | 51 | 9.682.673 | 49 | 111 |
| **Вкупно капитал:** | **15.363.104** | **73** | **14.453.683** | **73** | **106** |
| **Обврски** | | | | | |
| **Тековни обрски** | | | | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 2.838.272 | 14 | 3.237.843 | 16 | 88 |
| Обврски за лизинг | 121.629 | 1 | - | - | - |
| Обврски за краткорочни кредити | 1.288.280 | 6 | 1.189.700 | 6 | 108 |
| Обврски кон државата | 50.006 | - | 60.216 | - | 83 |
| **Вкупно тековни обрски:** | **4.298.187** | **21** | **4.487.759** | **23** | **96** |
| **Долгорочни обврски** | | | | | |
| Обврски за долгорочни кредити | 765.842 | 4 | 738.565 | 4 | 104 |
| Одложени даночни обврски | 184.511 | 1 | - | - | - |
| Обврски за лизинг | 286.741 | 1 | - | - | - |
| Долгорочни резервирања | 68.290 | - | 60.917 | - | 112 |
| **Вкупно долгорочни обврски** | **1.305.384** | **6** | **799.482** | **4** | **163** |
| **Вкупно обврски:** | **5.603.571** | **27** | **5.287.241** | **27** | **106** |
| **Вкупно капитал и обврски:** | **20.966.675** | **100** | **19.740.924** | **100** | **106** |

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè ...*

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИСКА КОЗМЕТИЧКА ИНДУСТРИЈА

# Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување

Ние, членови на Управниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, изјавуваме дека АЛКАЛОИД АД Скопје во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата www.mse.mk.

АЛКАЛОИД АД Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не се применил“ преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците се објавени на СЕИ-НЕТ и на интернет страницата на АЛКАЛОИД АД Скопје и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на АЛКАЛОИД АД Скопје пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Датум: 26.02.2026 год.

Изјавиле:
Управен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје

Живко Мукаетов
Претседател на Управен одбор

Виктор Стојчевски
Член на Управен одбор

Оливера Панева
Член на Управен одбор

Ѓорѓи Јованов
Член на Управен одбор

Ќире Ицев
Член на Управен одбор

адреса:
АЛКАЛОИД АД Скопје, бул. Александар Македонски 12,
1000 Скопје, Република Северна Македонија

контакт:
www.alkaloid.com.mk; alkaloid@alkaloid.com.mk
тел: +389 2 3104 000; факс: +389 2 3104 014

ЕДБ: 4030946257762
ЕМБС: 4053575

IQNet
quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2015 NR.01035/1
ISO 14001:2015 NR.00114/1




90 години

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

# ESG 2025

ИЗВЕШТАЈ

ЖИВОТНА СРЕДИНА
ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА
УПРАВУВАЊЕ

90 ГОДИНИ

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

2025

ИЗВЕШТАЈ

# ESG

ЖИВОТНА СРЕДИНА
ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА
УПРАВУВАЊЕ

90 ГОДИНИ

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# Содржина на **ESG** извештај


**I. ВОВЕД**

1. Обраќање на Генералниот директор/Претседател на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје ........ 6
2. Кои сме ние ........ 10
3. За ESG-извештајот ........ 18
4. ESG во АЛКАЛОИД ........ 20
5. ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД ........ 26
6. Награди, признанија и сертификати ........ 30

**II. НАШИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА ........ 36**

1. Најзначајните ESG-моменти во 2025 година ........ 38
2. Спроведени активности за остварување на ESG-стратегијата ........ 40
3. Остварените резултати во 2025 година - ESG-индикатори ........ 45
4. Општествената одговорност во нашата компанија ........ 48

III. ЖИВОТНА СРЕДИНА .......... 80

IV. ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА .......... 120

V. УПРАВУВАЊЕ .......... 138

VI. ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛНО ПОВРЗАНИТЕ ДРУШТВА И ПРЕТСТАВНИШТВА .......... 154

VII. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ИЗВЕШТАЈОТ .......... 174

VIII. ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ .......... 178



# Обраќање на Генерален директор / Претседател на Управен Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје

**Почитувани акционери, соработници и засегнати страни во „Алкалоид“ АД Скопје,**

ESG-извештајот на „Алкалоид“ АД Скопје претставува структурирана и сеопфатна презентација на активностите, политиките и постигнувањата на компанијата во областа на одржливиот развој. Извештајот содржи квалитативни информации поврзани со заштитата на животната средина, општествената одговорност и системот на корпоративно управување, како и квантитативни индикатори преку кои објективно се мерат и се следат перформансите на компанијата во однос на управувањето со ризиците и можностите, како и степенот на реализација на стратешките ESG-определби.

Овој четврти по ред ESG-извештај на „Алкалоид“ ја потврдува довербата во нашата способност за континуирано подобрување на ESG-практиките и отчетноста пред сите засегнати страни.

Во јуни 2025 година „Алкалоид“ АД Скопје доби бронзен медал од EcoVadis, глобално признатa платформа за оцена на одржливоста. Ова признание претставува значаен напредок во однос на 2024 година, кога компанијата го доби статусот „Committed“, како почетно ниво на усогласеност со ESG-принципите. Бронзениот медал го позиционира „Алкалоид“ меѓу водечките компании во земјата, вбројувајќи го во топ 35 % од сите компании на глобално ниво евалуирани од EcoVadis во однос на транспарентноста, системскиот пристап и доследната примена на одржливи практики.

Ноември го прогласивме за ESG-месец во „Алкалоид“, како иницијатива за едукација, ангажман и поттикнување лидерство на сите нивоа, со цел зајакнување на културата на одговорност, транспарентност и одржливо создавање вредности. Активното учество на секој вработен во имплементацијата на ESG-принципите претставува клучен фактор за успешно спроведување на стратегијата за одржливост и за постигнување на долгорочните цели на компанијата.

Во 2025 година АЛКАЛОИД направи значаен исчекор во својата одржлива трансформација со пристапувањето кон UN Global Compact – иницијатива на Обединетите нации што ги обединува компаниите кои се обврзуваат на одговорно и одржливо деловно работење. Со ова членство јасно ја потврдивме нашата определба да ги водиме деловните процеси во согласност со универзалните принципи за човекови и работнички права, заштита на животната средина и бескомпромисна борба против корупцијата.

За нас приклучувањето кон UN Global Compact не претставува изолиран чекор, туку природно продолжение на вредностите што систематски ги вградуваме во корпоративното управување. Ова членство е јасен сигнал дека остануваме посветени на континуирано унапредување на нашите политики, процеси и стандарди, како и на транспарентно мерење и известување за напредокот. Преку оваа глобална мрежа имаме можност да учиме од најдобрата меѓународна практика, да разменуваме искуства и активно да придонесуваме кон пошироките цели за одржлив развој, создавајќи долгорочна вредност за компанијата, за нашите вработени, партнери и заедницата во целина.

Во насока на јакнење на образовната и општествената димензија на одржливоста, би сакал да ја истакнам и пилот-клиниката посветена на целите за одржлив развој, реализирана во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) и Правниот факултет „Јустинијан Први“. Иницијативата имаше цел да ги доближи принципите на одржливиот развој (SDG) и Агендата 2030 до студентите, поттикнувајќи ја нивната активна улога во идните академски, истражувачки и општествено одговорни активности. Како компанија што системски ги интегрира ESG-принципите во својата стратегија, тимот на „Алкалоид“ во рамките на Клиниката сподели конкретни практични искуства: од одговорно производство и ефикасно управување со ресурсите до грижа за вработените и поддршка на заедницата.

Веруваме дека ваквите партнерства се инвестиција во иднината. Со нив ја потврдуваме нашата долгорочна определба за одржлив развој и за создавање трајна вредност за општеството, препознавајќи ги младите како клучни носители на позитивни промени и двигатели на одржлива иднина.

Во тек се подготовките за воведување на ESRS-стандардите на Европската Унија (European Sustainability Reporting Standards) во „Алкалоид“, со цел усогласување на известувањето за одржливост со европската регулатива и со барањата на CSRD (Corporate Sustainability Reporting Directive). Процесот се планира да опфати идентификација на материјалните ESG-теми, унапредување на системите за прибирање и верификација на податоци, како и дополнително зајакнување на транспарентноста и управувањето со одржливоста.

Со заеднички ангажман на сите нивоа „Алкалоид“ ќе продолжи да ја гради својата лидерска позиција во областа на одржливоста и одговорното корпоративно управување, преку континуирано унапредување на ESG-перформансите и преку интегрирање на одржливоста како клучен стратешки приоритет за долгорочен раст.

ESG-извештајот за 2025 година е изготвен од ESG-одборот на „Алкалоид“ АД Скопје, а е одобрен од највисокиот менаџмент на компанијата. Тој го опфаќа работењето на „Алкалоид“ АД Скопје за периодот од 1 јануари до 31 декември 2025 година и ќе биде транспарентно и целосно објавен на сите компаниски канали за јавна комуникација.

ESG-извештајот на „Алкалоид“ АД Скопје за 2025 година вклучува и информации за остварувањето на ESG-индикаторите кај капитално поврзаните друштва на „Алкалоид“ АД Скопје.

**Живко Мукаетов**
Генерален директор / Претседател на Управен одбор на
„Алкалоид“ АД Скопје



# Кои сме ние

Здравото човеково тело понекогаш буди повеќе од искрена восхит. За нас во АЛКАЛОИД постојана инспирација и стремеж е да го заштитиме и да го зачуваме овој скапоцен подарок на природата. Со неуморна страст создаваме производи кои се синоним за врвен квалитет. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ.**

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која девет децении работи на производство на лекови и на козметички и хемиски производи, како и на преработка на билни суровини.

АЛКАЛОИД АД е акционерско друштво во чии рамки работат два профитни центри: Фармација и Хемија, козметика и билкарство.

Акциите на АЛКАЛОИД се во сопственост на 6.464 акционери, физички и правни лица.

Групацијата АЛКАЛОИД брои 3.018 вработени, од кои 2.234 вработени во земјава, а 784 се вработени надвор од неа, во 27 капитално поврзани друштва и во 2 претставништва во земјава и во странство (Србија, Црна Гора, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Бугарија, Турција, Украина, Руската Федерација, САД, Велика Британија, Романија и Казахстан). Компанијата пласира 65 % од својот асортиман во повеќе од 50 земји во светот.

Во изминатите 15 години АЛКАЛОИД инвестираше над 245 милиони евра во производствени капацитети, лаборатории, капацитети за истражување и развој, во врвна технологија, континуирана едукација на вработените и во софтвер од новата генерација, кои му овозможуваат пласман на производи со супериорен квалитет, преку придржување до најстрогите стандарди за добра производствена пракса, за што добива потврда од реномирани тела.

Главен приоритет за АЛКАЛОИД и натаму останува грижата за вработените, акционерите, човековата околина, за деловните партнери, здравствениот систем и, пред сè, за здравјето на луѓето.

**2.234**
вработени во земјава

**784**
вработени во капитално поврзаните друштва во странство

**6.464**
акционерски ентитети



**Нашата мисија**

Нашата МИСИЈА е постојано да тежнееме кон поздрав свет, кон супериорен квалитет на производите и на услугите, како и кон висока професионалност и кон континуиран успех. Императив ни е заштитата на интересите на сите вклучени страни. Основна определба ни е грижата за здравјето и за квалитетот на живот на секој човек, за системот на здравствена заштита и за животната средина. Нашата заложба е континуирано унапредување на здравјето на луѓето, што се рефлектира преку нашето мото ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СÈ.

**Нашата визија**

Нашата ВИЗИЈА е АЛКАЛОИД, како глобално ориентирана компанија, да се стреми кон постигнување високи цели и дострели, кои ќе овозможат изразена конкурентност и пазарна позиција. Постојано сме отворени за градење нови пазари и нови партнерства, а произведуваме и пласираме производи со највисок квалитет, применувајќи најсовремени технологии и деловни стандарди.

**Нашите вредности**

АЛКАЛОИД АД Скопје, при извршувањето на своите деловни операции, се потпира на највисоките етички норми и стандарди. Уверени сме дека етичкото водење бизнис е предуслов за постојан личен и деловен успех, а нашите клучни вредности се:

- Луѓето пред сè
- Интегритет и чесност
- Ги креираме најдобрите резултати заедно
- Лидерство базирано на вредности

# Дејност на компанијата

## ФАРМАЦИЈА

Луѓето градат високо за да можат да гледаат подалеку.
Луѓето градат заедно за да можат да бидат поблиски.
Луѓето градат цврсто за да можат да се чувствуваат побезбедно.
Ние градиме за луѓето да имаат подобро здравје бидејќи

**... ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**



## КОЗМЕТИКА

Долгогодишното искуство и традицијата од речиси 90 години се темелат врз квалитетот на богатата палета производи на АЛКАЛОИД – Козметика, која опфаќа производи за нега на секаков тип кожа, вклучувајќи ја и детската, производи за нега на косата, парфемска колекција за жени и за мажи, како и козметика за домаќинството.



## БИЛКАРСТВО

Одделот Билкарство произведува спектар на чаеви под брендот GOOD NATURE, како и зачини и сушени зеленчуци GRINI, додатоци за јадењата Зачинал, јодирана сол и други производи.



## ХЕМИЈА

Денес Хемија има развиена програма за производство на чисти хемикалии и на реагенси од органско и од неорганско потекло, со pro analysi, reagent grade, purum и со фармакопејски квалитети за лабораториски цели, за индустриски цели и за широка потрошувачка, а има и производи за земјоделско производство, медицински средства и средства за чистење и за дезинфекција.



# Економски показатели

**Вкупни приходи**
Вкупните остварени единечни приходи во периодот јануари – декември 2025 година изнесуваат 14.715.339 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2024 година бележат раст од 5 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 94 %, имаат приходите остварени од продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2024 година бележат раст од 3 %.

Вкупните остварени консолидирани приходи во периодот јануари – декември 2025 година изнесуваат 21.741.466 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2024 година бележат раст од 11 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96 %, имаат приходите остварени од продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2024 година бележат раст од 10 %.

**Приходи од продажби**
Според единечниот биланс на успех, во 2025 година продажбите достигнуваат 13.837.976 илјади денари, што е за 3 % повеќе во споредба со истиот период од минатата година. Вкупните консолидирани продажби, пак, достигнуваат 20.899.116 илјади денари, што е за 10 % повеќе во споредба со истиот период од минатата година.

**Вкупни расходи**
Вкупните остварени единечни расходи во периодот јануари – декември 2025 година изнесуваат 12.538.498 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2024 година бележат раст од 4 %.

Вкупните остварени консолидирани расходи во периодот јануари – декември 2025 година изнесуваат 19.652.833 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2024 година бележат раст од 12 %.

**Вработени**

Трошоците за вработените на АЛКАЛОИД АД Скопје во 2025 година изнесуваат 3.109.920 илјади денари и претставуваат 25 % од вкупните расходи на компанијата, додека, пак, на ниво на групацијата изнесуваат 4.911.809 илјади денари и претставуваат исто така 25 % од вкупните расходи. Овие трошоци се состојат од бруто-плати, хранарина, од надомест за годишни одмори, надомест за отпремнини и од надомест за технолошки вишок, како и други трошоци. Трошоците за вработените бележат зголемување за 12 % на ниво на АЛКАЛОИД АД Скопје, односно за 13%, на ниво на групацијата во споредба со 2024 година.

**Дивиденда**

На 1 април 2025 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2024 година во износ од 901.752 илјади денари, односно 567 денари нето за една акција, што во однос на исплатената дивиденда по акција за 2023 година, е поголема за 16,67 %.

**Инвестиции**

Консолидираните вкупни инвестиции во основни средства во 2025 година изнесуваат 1.112.882 илјади денари.

**Даноци и други давачки спрема државата**

Во 2025 година АЛКАЛОИД АД Скопје заедно со капитално поврзаните друштва лоцирани во земјата има исплатено даноци и други давачки спрема државата во износ од 1.965.720 илјади денари.

**Резултати од работењето**

Единечната добивка пред финансиските трошоци, даноците и пред амортизацијата (ЕБИТДА), која изнесува 3.393.013 илјади денари, бележи зголемување од околу 18 %, додека, пак, единечната нето-добивка изнесува 1.984.231 илјади денари и е зголемена за 17 %. Консолидираната добивка пред финансиските трошоци, даноците и пред амортизацијата (ЕБИТДА) достигна 3.594.356 илјади денари и бележи раст од 20 %, додека, пак, консолидираната нето-добивка во износ од 1.795.766 илјади денари е зголемена за 7 %.

За повеќе информации погледнете го Годишниот извештај за работењето.

**Обврски за пензии**

Компанијата има обврска за исплата на надоместоци за вработените, кои се категоризирани како дефинирани придобивки и дефинирани придонеси. Обврските се дефинирани на следниов начин:

- дефинирани придобивки за вработените претставува обврска за исплата на надоместоци во моментот на пензионирање и, вообичаено, зависи од еден или од повеќе фактори како што се старосните години, работниот стаж и надоместоците;

- дефинирани придонеси за вработените претставува обврска за исплата на пензиско осигурување во државни и во приватни фондови. Групата нема обврска за исплата на дополнителни износи доколку државните и приватните пензиски фондови немаат доволно средства за исплата на пензиите.

Обврската дефинирана во Извештајот за финансиската состојба за придобивките на вработените е прикажана според сегашната вредност на идните готовински одливи. Износот на дефинираните придобивки се пресметува на годишно ниво од независен актуар, со примена на кредитниот метод на проектираните единици. Сегашната вредност на дефинираните придобивки се пресметува со дисконтирање на идните проценети готовински одливи, со примена на каматната стапка на високо ликвидни корпоративни обврзници деноминирани во валутата во која дефинираните придобивки ќе бидат платени и кои имаат приближно еднаков период на доспевање со периодот на доспевање на дефинираните придобивки.

Компанијата има законска обврска за исплата на пензиско осигурување во државни и во приватни фондови. По исплатата на придонесите за пензиско осигурување компанијата нема идна обврска по овој основ. Придонесите се евидентираат како придобивки на вработените во билансот на успех во моментот на нивно доспевање. Однапред платените придонеси се евидентираат како побарувања само доколку се осигури идно враќање на платените средства или идно намалување на обврската.

Износот на отпремнини евидентиран во единечните извештаи на компанијата за 2025 година изнесува 68.290 илјади денари, додека во консолидираните извештаи изнесува 82.609 илјади денари.

За повеќе информации погледнете го Годишниот извештај за работењето.

**Државна поддршка и даночни олеснувања**
Државната поддршка не се признава сè додека не постои разумно уверување дека компанијата ќе се усогласи со условите поврзани со неа и дека поддршката ќе биде примена. Државната поддршка се признава во добивката или во загубата на систематска основа во периодите во кои компанијата ги признава како расходи поврзаните трошоци за кои е наменета поддршката за да ги надомести.

Конкретно, државната поддршка чиј основен услов за добивање е компанијата да набави, изгради или на некој друг начин да се здобие со нетековни средства се признава како одложени приходи во билансот на состојбата и се пренесува во добивката или во загубата на систематска и на рационална основа за време на животниот век на стекнатото средство.

Државната поддршка која се добива како компензација за веќе настанатите трошоци или која се добива како непосредна финансиска поддршка на компанијата, без обврска за идни поврзани трошоци со неа, се признава во добивката или во загубата за периодот во кој настанува како побарување.
Во 2025 година компанијата има добиено државна поддршка, во согласност со Законот за финансиска поддршка на инвестициите, во износ од 114.387 илјади денари.
Во согласност со даночните закони во државата, компанијата во 2025 година има 77.967 илјади денари како даночни олеснувања и ослободувања.

# За ESG-извештајот

Со ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2025 година продолжуваме редовно и транспарентно да ги информираме засегнатите страни за нашите заложби и активности кои се клучни за остварување на ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД, која се формира врз база на дефинираните значајни теми од областа на ESG.

Преку ESG-извештајот можеме да ги согледаме нашите годишни достигнувања, но и предизвиците што следуваат. Транспарентноста и комуникацијата со засегнатите страни се важен дел од воспоставувањето одржлив развој со позитивно влијание врз заедницата и врз животната средина. Свесни за нашето влијание врз општеството, се фокусираме на тоа нашето работење да придонесува за поддршка на здравствените системи, образованието, спортот, бизнис-заедницата, но и секаде каде што е потребно.

ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје опфаќа квалитативни информации во врска со активностите за унапредување на животната средина и со придонесот во општеството, како и квантитативни параметри со кои се мерат перформансите на компанијата во однос на ризиците, можностите и остварувањето на клучните цели од нашата ESG-стратегија.

ESG-извештајот за 2025 година е изготвен од ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје и е одобрен од највисокиот менаџмент на компанијата. Тој го опфаќа работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје за периодот од јануари до декември 2025 година и ќе биде транспарентно и целосно објавен на сите компаниски канали за јавна комуникација.

Прикажаните споредбени податоци од претходните години обезбедуваат контекст за тековниот успех на компанијата и даваат јасна слика за трендовите, успешноста на иницијативите и за областите во кои се потребни подобрувања. Овој ESG-извештај вклучува и информации за остварувањето на ESG-индикаторите кај значајните капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје.



Во согласност со воспоставената пракса во претходните ESG-извештаи, при изготвувањето на овој извештај ги искористивме GRI-стандардите имајќи ја предвид нивната широка распространетост и меѓународна прифатеност, како и нивната сеопфатност и приспособливост.

Во следниот период АЛКАЛОИД АД продолжува да ги следи сите регулативи што го регулираат нефинансиското известување и другите глобално признати рамки и стандарди за ESG-известувањето, со фокус на ESRS и IFRS за нефинансиското известување.

Во рамките на овој ESG-извештај вклучивме и GRI-референтна табела за да им помогне на читателите полесно да ги лоцираат релевантните информации.

# ESG во АЛКАЛОИД
# и во капитално поврзаните друштва

**ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје**

Структура на ESG во АЛКАЛОИД АД Скопје и капитално поврзаните друштва



ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје е составен од претставници на различни организациски единици во рамките на компанијата, кои преку своите стручни знаења и преку професионалното искуство и експертиза од соодветните области активно придонесуваат во процесите на ESG-управувањето и известувањето.

ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје одговара директно пред највисокото раководство и за своите активности редовно праќа извештаи до генералниот директор и до високиот менаџмент, по потреба и до Надзорниот и до Управниот одбор, а на барање и до засегнатите страни и до надворешните аудитори.

ESG-одборот одржува редовни месечни состаноци и е одговорен за примената на ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје, за дефинирањето предлози за долгорочни и краткорочни ESG-цели, за поставувањето и одржувањето ефикасен систематски пристап за мерење на најзначајните ESG-индикатори, за дефинирањето на ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и за комуницирањето на ESG-податоците со засегнатите страни.

Во текот на 2025 година ESG-одборот, преку своите континуирани активности, внимателно го следеше спроведувањето на ESG-стратегијата, активно ги промовираше ESG-културата и начинот на размислување меѓу вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје, но и кај засегнатите страни во поширокото опкружување, го поддржа унапредувањето на ESG-практиките во капитално поврзаните друштва и навремено и сеопфатно одговори на барањата на деловните партнери и институциите.

## ESG офицери

ESG-офицерите и во 2025 година беа задолжени за поттикнување, промовирање и за известување за ESG-активностите во капитално поврзаните друштва. Офицерите имаат важна улога во спроведувањето на ESG-практиките на ниво на групацијата и се одговорни за:

1. собирање податоци и редовно известување за резултатите од ESG-индикаторите, кои се потребни за ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД;
2. споделување корпоративни ESG-кампањи и комуницирање иницијативи за ESG со локалните вработени во друштвата;
3. комуникација со ESG-одборот;
4. собирање идеи и предлози за ESG-областите од вработените во друштвата.

**Политика за животната средина и за општествените прашања (ESG-политика)**

Политиката за животната средина и за општествените прашања (ESG-политика) на АЛКАЛОИД АД Скопје ја одразува нашата заложба за континуирано унапредување на сите ESG-сегменти како основа за етичко работење и за професионален успех. Таа во целост се вклопува во нашата мисија и визија како компанија чиј императив е заштита на интересите на сите засегнати страни, а е комплементарна и со клучните компаниски вредности дефинирани во нашиот код на етичко и деловно однесување.

**Процедура за ESG-известување**

Со процедурата за ESG-известување на АЛКАЛОИД АД Скопје се опишуваат концептот и стратегијата за управување и за известување за прашањата поврзани со животната средина, за општествените прашања и за управувањето во АЛКАЛОИД АД Скопје. Преку неа детално ги дефинираме сите чекори неопходни за да добиеме навремени, точни и релевантни податоци околу начинот на кој се управува со ESG-ризиците во нашата компанија.

**ESG-индикатори**

Остварувањето и напредокот на компанијата во однос на дефинираните компаниски ESG-цели ги следиме преку ESG-индикатори и преку податоци кои се системски поставени и применети во клучните процеси поврзани со овој сегмент од работењето на компанијата.

**Односи со засегнатите страни (Stakeholder Communication)**

Посветеноста на градењето доверба со засегнатите страни е од суштинско значење за одржување долгорочни и стабилни односи. Ние активно се стремиме да ги подобриме довербата и транспарентноста преку различни активности и иницијативи со кои ја демонстрираме нашата одговорност и посветеност на одржливиот развој. Политиката за односи со засегнатите страни на АЛКАЛОИД АД Скопје ги идентификува засегнатите страни и ги пропишува основните принципи и модалитети на односите со нив.

**Наши засегнати страни**

- Внатрешни засегнати страни: вработени, раководители, акционери
- Надворешни засегнати страни: добавувачи, претставници на здравствениот систем, купувачи, доверители, банки и финансиски институции, медиуми, регулаторни тела и државни институции, образовни институции, локални заедници, невладини организации

# Најзначајни ESG-теми за АЛКАЛОИД АД



**Материјалност/значајност**

Процесот на утврдување на материјалноста, односно значајноста на ESG-темите претставува клучна активност преку која ги обликуваме ESG-стратегијата, активностите и релевантните ESG-индикатори. Анализата на ESG-аспектите е спроведена со примена на комбинирана методологија, која ги опфаќа и внатрешните и надворешните засегнати страни, со што се обезбедува балансиран и целосен пристап при идентификувањето на приоритетните теми. Како резултат на овој процес, идентификувани се вкупно 21 значајна ESG-тема врз кои сметаме дека имаме најголемо потенцијално влијание, но и кои имаат најзначајно влијание врз нашето работење. Сите утврдени ESG-теми се меѓусебно поврзани и не се разгледуваат одделно, што овозможува интегриран и сеопфатен пристап спрема остварувањето на долгорочните стратешки цели.



| Значајност за заинтересирани страни / Значајност за АЛКАЛОИД АД Скопје | Значајно | Многу значајно | Најзначајно |
|---|---|---|---|
| Најзначајно | | Зголемување на отпадот кој се рециклира | Намалување на штетните емисии во воздухот (carbon footprint)<br>Намалување на влијание на водите (water footprint)<br>Поддршка на здравствените системи |
| Многу значајно | Зголемување на користење на рециклирана амбалажа<br>Зголемување на користење на амбалажа за пакување која може да се рециклира | Интегрирање на сите ESG ризици во постоечките процеси на управување со ризици<br>Поддршка на културата и спортот<br>Организирање редовни хуманитарни настани | Поддршка на образованието<br>Зголемување на производство на сопствена обновлива енергија<br>Високопрофесионален и етички пристап во работењето<br>Едукација на вработените<br>Усогласеност со стандарди |
| Значајно | | Градење на силна култура на управување со ризици и континуитет во работењето<br>Родова еднаквост | Грижа за безбедност и здравје при работа<br>Бенефиции за вработените<br>Унапредување на транспарентноста за работењето<br>Почитување на клучните корпоративни вредности<br>Еднакви можности за кариерен развој |

# ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД

Остварувањето на ESG-стратегијата претставува една од клучните стратешки цели на АЛКАЛОИД АД Скопје. ESG-стратегијата го отсликува нашиот пристап спрема управувањето и решавањето на прашањата поврзани со заштитата на животната средина и со општествената одговорност, а воедно создава и дополнителна вредност за компанијата. При дефинирањето на ESG-стратегијата и на ESG-целите беа земени предвид резултатите од проценката на материјалноста на ESG-темите, како и целите за одржлив развој (Sustainable Development Goals – SDGs) на Обединетите нации.

Во тој контекст, ги утврдивме приоритетните области во кои имаме можност да оствариме позитивни влијанија и преку нашите активности да придонесеме за создавање подобра и поодржлива иднина. Целите за одржлив развој на Обединетите нации претставуваат заедничка глобална рамка и визија за одржлив развој, во која сите чинители имаат своја улога. Преку Глобалниот договор на Обединетите нации, овие цели се преточени во двигатели на одржливото работење, носејќи економски, социјални и еколошки придобивки за заедниците и за луѓето низ светот. Со интегрирање на SDG-целите во своите деловни активности, АЛКАЛОИД не само што придонесува за изградба на одржлива иднина туку истовремено обезбедува стабилен, одговорен и етички раст за своите вработени, за инвеститорите и за заедниците во кои дејствува.

# Цели за одржлив развој на Обединетите нации (SDG)



# Имплементирање и развој на ESG-сегментот во рамките на групацијата Алкалоид

## Носечка ESG-цел на АЛКАЛОИД АД

Добро еколошко, општествено и корпоративно управување во согласност со меѓународните стандарди и практики, како и следење и усогласување со новите ЕУ регулативи



# Долгорочни цели




- Намалување на емисиите на јаглеродниот отпечаток
- Намалување на отпадот
- Зголемено користење на рециклираната амбалажа
- Climate Hot spots – мерење на изворите со значително влијание врз глобалното затоплување
- Воспоставување процес на одобрување на добавувачите во согласност со критериумите на животната средина и GRI 308 на новите добавувачи
- Намалување на пластиката за една употреба
- Подобрувања во енергетскиот менаџмент




- Нашата основна цел е да ѝ возвратиме на заедницата во која живееме и работиме
- Препознатливост на АЛКАЛОИД АД Скопје како безбедно место за работа

- Грижа за здравјето, безбедноста и за благосостојбата на вработените, за луѓето кои имаат интеракција со компанијата, но и за сите луѓе во непосредната околина каде што АЛКАЛОИД има свои активности




- Континуирано унапредување на транспарентноста на компанијата
- Правна, етичка и фармацевтска усогласеност
- Добро корпоративно управување
- Градење силна култура на управување со ризици и на континуитет во работењето преку целосно интегрирање на ризиците поврзани со ESG-факторите
- Подигнување на свеста на добавувачите и на другите бизнис-партнери на АЛКАЛОИД АД за значајноста на концептот на одржлив развој (ESG concept) при извршувањето на нивните секојдневни операции/процеси

## Награди, признанија и сертификати




Награда „Добри ESG-практики за 2025 година“ доделена од Македонската берза во соработка со Американската стопанска комора во Северна Македонија



Јубилејна плакета за посебен придонес во остварувањето на целите и задачите на Црвениот крст на РСМ



Плакета за посебен придонес и поддршка во хуманитарни апели на Црвениот крст



Награда Најпосакуван работодавач 2024 - прво место, од Vrabotuvanje.com



Благодарница за учеството и придонесот во збогатувањето на промоцијата на Македонското лекарско друштво на меѓународен план




Благодарница за поддршка во реализацијата на првиот бруцошки час на академската 2025/2026 г., од Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје



Пехар Најбројна екипа на 21.WizzAir Скопје маратон

## Награди, признанија и сертификати на капитално-поврзаните друштва и претставништвата



Трофеј 2 место на 40-ти Европски шаховски клупски куп 2025, 18-26 Октомври 2025 г., Родос - Грција




Благодарница за успешна соработка од Министерство за внатрешни работи на РСМ, Единица за интервентна полиција




Признание за придонес кон иновативниот развој и конкурентноста на Република Бугарија“, во рамки на проектот „Национална мапа на интелектуалната сопственост на Република Бугарија“, за Алкалоид ЕООД во Бугарија



Награда „ESG Lideri 2025“ во категорија Одговорно управување и интерна обука, за Алкалоид Србија, од PwC Serbia




IQVIA commercial excellence award за Алкалоид Србија, од IQVIA, во категорија Најдобра компанија во OTC сегмент во Србија, од IQVIA




Признание за придонес во развој на спортот за лица со инвалидитет во 2025, од Спортски сојуз на лица со инвалидитет на Белград (ССОСИБ)

# АЛКАЛОИД со значајно ESG-достигнување: доделен бронзен медал од престижниот Ecovadis



Бронзениот медал го позиционира АЛКАЛОИД во групата од 35% најдобро рангирани компании во светот според оцените на глобалната платформа за деловна одржливост EcoVadis. Ова признание претставува крупен исчекор во однос на 2024 година, кога АЛКАЛОИД го доби статусот Committed, што означува основно ниво на посветеност на принципите на ESG (Environmental, Social, Governance) според критериумите за проверка на EcoVadis. Со доделениот бронзен медал АЛКАЛОИД влегува во топ 35 % од сите компании на глобално ниво евалуирани од платформата EcoVadis, која до денес има извршено повеќе од 130.000 оценувања.

Оваа нова оцена претставува огромно признание за остварените достигнувања во сите области на ESG и директна потврда за посветеноста во делот на ESG-стандардите.

Овој резултат е показател за вложените напори и за стратешкиот пристап на АЛКАЛОИД во развивањето практика која е во согласност со глобалните стандарди за одржливост, како и за севкупното општествено одговорно дејствување во заедницата. Ова признание не само што ја позиционира компанијата како лидер на домашниот пазар туку и ја зацврстува довербата меѓу нејзините меѓународни партнери и соработници.




Ова признание не само што ја позиционира компанијата како лидер на домашниот пазар туку и ја зацврстува довербата меѓу нејзините меѓународни партнери и соработници.

# Проверка SMETA и платформа SEDEX

Како дел од својата посветеност на одговорното и одржливо работење, АЛКАЛОИД АД Скопје континуирано работи на унапредување на етичките практики и на транспарентноста во своето работење и во синџирот на снабдување. Во таа насока, активно учествуваме на платформата SEDEX, која ни овозможува на структуриран начин да ги следиме, споделуваме и да ги унапредуваме прашањата поврзани со етичкото работење и социјалната одговорност.

SMETA (Sedex Members Ethical Trade Audit) е алатка што ни помага објективно да ја согледаме усогласеноста со правата на вработените, условите за безбедност и здравје при работа, грижата за животната средина и со деловната етика. Проверките се темелат на меѓународните трудови стандарди, важечката законска регулатива и на Основниот кодекс на Иницијативата за етичко тргување (ETI), а нивната цел е да се поттикнат транспарентност, отчетност и континуирано подобрување.

Во рамките на SEDEX, АЛКАЛОИД АД Скопје редовно спроведува самооценување преку прашалникот за самоевалуација (SAQ – верзија 5, 6.11.2025), што ни овозможува навремено да ги препознаеме потенцијалните ризици и можностите за унапредување. Во 2025 година беше спроведена независна SMETA-проверка од „Интертек“ Бугарија, која беше успешно завршена со позитивен исход. Овој резултат претставува потврда дека нашите практики се усогласени со применливите етички, социјални и управувачки стандарди, што дополнително ја зајакнува довербата на нашите деловни партнери и на другите засегнати страни.

# Членство во UN Global Compact

Во 2025 година АЛКАЛОИД АД Скопје се приклучи кон UN Global Compact – иницијатива на Обединетите нации која ги обединува компаниите што се залагаат за одговорно и одржливо работење. Со овој чекор ја потврдивме нашата определба деловните активности да ги водиме во согласност со универзалните принципи поврзани со човековите и со работничките права, заштитата на животната средина и со борбата против корупцијата.

Членството во UN Global Compact за нас претставува природно продолжение на вредностите што веќе ги негуваме во секојдневното работење. Тоа е и јасна порака дека сакаме континуирано да ги унапредуваме нашите политики, процеси и практики и да бидеме транспарентни во начинот на кој го мериме и го прикажуваме нашиот напредок.

Преку учеството во оваа глобална мрежа добиваме можност да учиме од добрите практики, да разменуваме искуства и да придонесуваме кон пошироките цели за одржлив развој. Веруваме дека ваквиот пристап ни помага да создаваме долгорочна вредност и за компанијата и за нашите вработени и за партнерите и за заедницата.

United Nations Global Compact





# II. Нашите резултати за 2025

## Најзначајни ESG-моменти во 2025 година во АЛКАЛОИД АД Скопје

**1%** зголемување на повторно употребен или рециклиран отпад во 2025

Над **2 GWh** произведена електрична енергија произведени од обновливи извори

**73,24%** од вкупната потрошувачка на електрична енергија е од обновливи извори

**35%** од вработените на локалитетот Автокоманда користат организиран превоз со цел намалување на стакленичките гасови од опсег 3

**179.000** пластични шишиња вода помалку набавени во 2025, благодарение на 61 поставен диспензер за прочистување вода за пиење Waterlogic на локалитетите на АЛКАЛОИД АД

За **21,36 ML** **(7,13 %)** намалена потрошувачката на вода во однос на 2024

**110** ученици и студенти во Програмата за млади таленти

**105,7** часови обука по вработен

**Најпосакуван** работодавец од Vrabotuvanje.com

**1,8** милиони денари донација за Црвен крст од Хуманитарниот пикник на вработените

**812** пријави за проектот Бенефиции на децата на вработените

Трофеј Најбројна екипа – **530** вработени на Скопскиот маратон

Над **500** деца на вработените во посета на АЛКАЛОИД

**Правен билтен** за Македонија и за подружниците со корпоративна правна служба за следење на регулаторните измени и зајакнување на правната усогласеност во групацијата

**Воспоставување системи за заштита на лични податоци** во БиХ и Косово, усогласени со GDPR и локалното законодавство

**Реализирани кампањи за подигање на свеста** кај вработените и раководните лица за корпоративно управување и усогласеност

# Спроведени активности за остварување на ESG-стратегијата

✓ Завршено ⇒ Во тек

| Краткорочни цели | Спроведени активности | Реализација на активностите |
|---|---|---|
| Имплементација на стандардите ESRS во согласност со анализата и прилагодување на мерењата на индикаторите согласно истите | Изработка на Акционен план | ✓ |
| | Реализација на Акционен план согласно дефинирани временски рамки | ✓ |
| Одржување активен статус на платформи од областа на одржливост и подобрување на резултатите (по барање на трети страни) | Проверка и ажурирање на потребните податоците во тековната година | ✓ |
| Приклучување кон глобална иницијатива за одржливост | Изготвување на предлог иницијатива за приклучување | ✓ |
| | Одговарање на барањата за приклучување на иницијативата | ✓ |
| Подигнување на свеста на вработените за: ESG-теми, цели, стратегија; културата на квалитет; важноста на секој вработен за постигнување на нашите цели | Организирање настани, Месец на ESG | ✓ |
| Преоценување на материјалноста | Анализа на постоечките значајни теми, редефинирање на истите | ✓ |
| | Прибирање на оценки преку анкети и прашалници | ✓ |

# Животна средина

✓ Завршено → Во тек Одложено

| Грижа за животната средина | | |
|---|---|---|
| **Краткорочни цели** | **Спроведени активности** | **Реализација на активностите** |
| Краткорочна цел 1 за 2025: Поставување на мерки за намалување на carbon footprint за 2025 година, 1% намалување на carbon footprint во однос на 2024 година | ФЕЦ старт на изведба 01.10.2025 очекувана реализација по 9 месеци до 1 година 01.08.2026-01.12.2026. ФЕЦ Паркинг Автокоманда собрани понуди и избран изведувач со капекс 2026. | → |
| | Кампања со вработените:<br>1. Информации за корпоративен Carbon footprint и Carbon footprint по производ (AlkaNet)<br>2. Информација за македонските NDC (National determined contributions) за заштита од климатски промени (AlkaNet)<br>3. Поттикнување на вработените за користење на транспорт со алтернативни превозни средства | ✓ |
| Намалување на отпад од расход на готов производ со поминат рок за ПЦ ХКБ за 5% (создаден расход во 2024 и спореден со 2025 година) | Реализација на Акционен план за намалување на расход од готов производ | ✓ |
| | Кампања за вработените: Правилно постапување со отпад | ✓ |
| | Ракување со отпадот од производите на АЛКАЛОИД | ✓ |
| | Кампања со граѓаните:<br>1. Правилно постапување со отпад<br>2. Едукација на најмладите (основни и средни училишта) за начинот на управување со отпадот во соработка со ПАКОМАК | ✓ |
| | Вендинг машини за рециклирање на отпад во соработка со ПАКОМАК. | ✓ |
| Зголемување на отпад кој се рециклира за 2% во однос на 2024 | Акционен план за следење на % на отпад, од вкупно создаден отпад кој се рециклира | ✓ |
| Намалување на отпадот за 2% (вкупно создаден по единица производ) | Акционен план за следење на % на вкупно создаден отпад по единица производ | ✓ |
| Идентификување на 3 производи кои имаат најголем удел во пакувањето од пластика и можности за употреба на рециклирана пластика во тие 3 видови пакување (Програма Козметика) | Идентификување на видови пластика кои се користат со најголема маса и можности за употреба на истиот вид пластика од рециклирано потекло | ✓ |
| | Идентификување на производи кај кои се користи композитно пакување и можности за промена на истото во пакување кое може да се рециклира | ✓ |
| | Идентификување на производи кај кои може да се намали масата на пакувањето | ✓ |
| Пресметка на најмалку 2 дополнителни категории од трите опсези и поставување на еден процес за пресметка на Carbon footprint по производ | Пресметка на корпоративен Carbon footprint – дополнителни категории од трите опсези | ✓ |
| | Поставување на процес за пресметка на Carbon footprint по производ (рамка, методологија, пилот проект) | ✓ |
| Имплементација на процес на одобрување на добавувачи согласно GRI 308 (Снабдување и ОК Екологија) | Процесот на имплементација на GRI 308 е започнат и се интегрира и ќе се воспостави заедно со GRI 414. Со тоа оваа цел е одложена за 2026 година. | → |
| Замена на вода за пиење во пластични шишиња (0,33l, 0,5l и 1,5l) намалување на пластична амбалажа за 50% во однос на 2024 | Поставени се 66 апарати за вода, намалување на потрошувачка на пластични шишиња за 27% - 178.413 пластични шишиња | ✓ |
| Енергенсна Ефикасност - Намалување на специфичната потрошувачка по маса производ, приход, профит и инфлаторно корегиран приход и профит, со и без вклучен надворешен транспорт - минимум 1% во 2025 во однос на 2024 | Реализирани се проекти за намалување на специфичната потрошувачка на енергија | ✓ |
| Енергетска Ефикасност - Намалување на специфичната потрошувачка по маса производ, приход, профит и инфлаторно коригиран приход и профит, со и без вклучен надворешен транспорт - минимум 1% во 2025 во однос на 2024 | Реализирани и во тек проекти за намалување на специфичната потрошувачка на енергија | → |
| Водна Ефикасност - Намалување на специфичната потрошувачка на вода по маса производ, приход, профит и инфлаторно коригиран приход и профит, со и без влкучен надворешен транспорт - минимум 1% во 2025 во однос на 2024 | Преку спроведени активности во текот на годината, постигнат е поставениот таргет | ✓ |
| Енергенсна Емисиона Ефикасност - Намалување на Енергенсните Емисии - Влијанија, како специфичните климатските влијанија од потрошувачката на енергенсите по маса производ, приход, профит и инфлаторно корегиран приход и профит, со и без вклучен надворешен транспорт - минимум 1% во 2025 во однос на 2024 | Реализирани и во тек проекти за намалување на енергенсните емисии | → |
| Реализација на околу 100 нови мерни места или мерни параметри за Енергенси во 2025 | Реализација на 7 нови мерни места со 14 параметри - 100% според редуцираниот план | ✓ |
| Сертификација според ISO 50001 стандард за Енергетски Менаџмент на 3 производни локации во 2025 | Сертифицирани 3 производни локалитети | ✓ |
| | Одржување на обуки секоја недела | ✓ |

## Општествени прашања

Завршено | Во тек | Одложено

| Поддршка на заедницата во која што работиме и живееме | | |
|---|---|---|
| **Краткорочни цели** | **Спроведени активности** | **Реализација на активностите** |
| Подигнување на свеста кај општата и/или стручната јавност за теми од општествената одговорност или теми од областа на дејноста на компанијата преку информативна и едукативна содржина. | „Мама, не си сама“– дигитална платформа, надоградба и продолжување со нови активности | ✓ |
| | Поддршка на едукативни семинари и работилници со стручна јавност | |
| | Поткаст „Здравје без рецепт“; Поткаст „Мама не си сама“; Поткасти Бекутан - на тема здравје и поврзани со здравје | |
| Поддршка на спортот и спортски активности | Промовирање и поддршка на ракометот и ракометните клубови РК Алкалоид и РК Мултиесенс | ✓ |
| | Промовирање и поддршка на шахот, шаховскиот клуб Алкалоид, шаховска школа и сл. | ✓ |
| Организирање редовни хуманитарни и донаторски настани и активности | Реализирани се 2 крводарителски акции во соработка со Црвен крст и Институтот за трансфузиона медицина | ✓ |
| | Реализирани се две хуманитарни акции во соработка со Црвен крст - акција за донација облека и акција за донација храна | ✓ |
| Организирање активности за подигнување на свеста кај нашите вработени и кај општата јавност за заштита на животната средина | Реализирана кампања „Најдобар екологист“ заедно со службата екологија, а во соработка со Пакомак | ✓ |
| Информирање на вработените и охрабрување за зголемување на бројот на вработени вклучени во корпоративни иницијативи за општествена одговорност. | Навремено инфомирање и известување на вработените за хуманитарните и донаторски акции. | ✓ |
| | Реализирана кампања „Месец на ESG“ | ✓ |
| | Интерна комуникација до вработените за тековни проекти и активности преку маил до вработените, објави на АлкаТВИнфо и на Алканет, вибер пораки, поставување информативни постери и сл. | ✓ |
| Луѓето пред сè - унапредување и одржување на корпоративниот имиџ на АЛКАЛОИД како компанија која се грижи за своите вработени и за работната средина | Проект „Малите алкалоидовци го истражуваат АЛКАЛОИД“ - Грижа за најмалите, децата на вработените | ✓ |
| | Проект „Ви благодариме за нашето денес“ - Грижа за нашите алкалоидови пензионери | ✓ |
| | Интранет – платформа за интерна комуникација - надоградба со нови модули и продолжување со нови активности | ✓ |
| | Реализиран традиционален Хуманитарен пикник за вработените, на кој вработените донираа околу 1,8 милион денари за Црвен крст, наменети за програмата за грижа за стари лица. | ✓ |
| **Луѓето пред сè** | | |
| Одржување на обрт (turn over) на вработени под 4% на годишно ниво | Во 2025г не се спроведе истражување на задоволство на ниво на АЛКАЛОИД АД, истото се спроведе во другите капитално поврзани друштва. | Одложено |
| | Имплементација на нова програма за добросостојба на вработени | ✓ |
| | Одржување на проектот Бенефиции на деца на вработени | ✓ |
| Имплементација и развој на постоечките проекти за привлекување на нов кадар | Реализација и проширување на Проекти за млади таленти (практикантство, дуално образование, академско искуство во реална пракса) | ✓ |
| | Проширување на Employer branding активности со:<br>1. Месечни кариерни текстови на социјални мрежи<br>2.Развојни активности на студенти од ПМФ - Хемија, ТМФ и УГД (Факултет за медицински науки) | ✓ |
| | Одржување на програмата препорачај кандидат за вработување | ✓ |
| Обезбедување на тренинг и едукација на вработените во согласност со кариерни и развојни планови и годишни планови за обуки за 2025 година. | Спроведување на годишна повратна информација, креирање кариерни развојни планови  и нивна реализација. | ✓ |

Завршено | Во тек | Одложено

| Краткорочни цели | Спроведени активности | Реализација на активностите |
|---|---|---|
| Подобрување на процесите на човечки ресурси во капитално поврзани друштва со цел усогласување со корпоративен ЧР | Воведување на систем на специјалисти за човечки ресурси во капитално поврзани друштва | Во тек |
| Обезбедување на пакет здравствени придобивки (дополнително здравствено осигурување) што ги надминува националните стандарди од оваа област за сите вработени, како и дополнителни бенефиции за членовите на нивните семејства | Обезбедување на дополнително здравствено осигурување | Завршено |
| Поставување на нова систематизација на работни места | Имплементација на нова систематизација на работни места | Завршено |
| Градење и одржувањето инклузивна, позитивна и почитувана работна средина за сите / еднакви можности и еднаков третман за сите вработени. | Промоција и ширење на клучните компаниски вредности (Политика за заштита и за унапредување на човековите права и Политика за недискриминација и за промовирање различност, еднакви можности и инклузија) | Завршено |
| Намалување на стапките на повреди за вработени на АЛКАЛОИД АД Скопје во 2025 за 10% во однос на 2024 година (LTIFR и LTISR). | Подигнување безбедносна култура во компанијата<br>Реализирани: 4 тематски кампањи БЗР,1 кампања за Светски ден за БЗР и 1 кампања за Заштита од пожари и есклозии | Завршено |
| | Едукација на 57 раководители/организатори / сменоводители со цел подигнување свест за потреба на примена на мерки за безбедност и здравје при работа | Завршено |
| Нула стапка на повреди и професионални заболувања на вработени на надворешни изведувачи. | Реализирана обука за опасни активности за вработени на надворешни изведувачи | Завршено |
| | Извршена обука на 56 вработени во служби кои соработуваат со надворешни изведувачи | Завршено |
| Зголемување на број на пријавени избегнати несреќи на работно место, зголемување за 10% на пријави во однос на 2024 година | Стимулирање на пријавување на избегнати несреќи преку организација на обуки за препознавање и разрешување на инциденти на 57 одговорни лица | Завршено |
| Обуки на вработените по специфични обуки од аспект на безбедност и здравје при работа и заштита од пожари и експлозии и заштита и спасување | Извршена обука за правилна употреба на ЛЗО на 153 вработени кои употребуваат средства за респираторна заштита. | Завршено |
| | Извршена обука на 447 вработени, во кои се опфатени и реобучени членовите на тимот за прва помош. | Завршено |
| | Реализирани се вежби за евакуација и спасување на секој локалитет на АЛКАЛОИД АД Скопје и обучени се:<br>1. Локалитет Автокоманда: 17 вработени директно вклучени (139 вработени само евакуација)<br>2. Локалитет Билка: 13 вработени директно вклучени (51 вработен само евакуација)<br>3. Локалитет Г. Петров: 11 вработени директно вклучени (104 вработени само евакуација) | Завршено |
| | Извршена обука/реобука за за заштита од пожари и експлозии на 807 вработени. | Завршено |
| Ревизија на проценката на ризик на работно место согласно новата систематизација во 2025 год. | Ревизијата се пролонгира и ќе се извршува и во 2026 година. | Во тек |
| Зголемување на компетентност на вработените од обезбедување и заштита од аспект на овластувања и примена на средства за присилба и организациски и технички мерки за заштита на личните податоци (Обезбедување и заштита). | Обуки за постапки за примена на средства за присилба. | Завршено |
| | Обуки за организациски и технички мерки за заштита на лични податоци. | Завршено |
| Зголемување на компетентност на работниците за приватно обезбедување кои даваат услуги на АЛКАЛОИД АД Скопје, од аспект на овластувања и примена на средства за присилба и организациски и технички мерки за заштита на личните податоци. | Обуки за постапки за примена на средства за присилба. | Завршено |
| | Обуки за организациски и технички мерки за заштита на лични податоци. | Завршено |

## Корпоративно управување

Завршено / Во тек / Одложено

| Транспарентно, етичко работење и ефикасно управување со ризиците | | |
|---|---|---|
| **Краткорочни цели** | **Спроведени активности** | **Реализација на активностите** |
| Редовна комуникација со клучните засегнати страни и годишно известување на релевантни ESG информации во согласност со водечките стандарди за обелоденување. | Во текот на 2025 година се изготви и објави ESG извештајот за 2024 година. | Завршено |
| Реализација на обуки на квартално ниво за нововрабoтени | Спроведување на обуки на квартално ниво за нововрабoтени за Кодот за етичко и деловно однесување, Кодекс за интеракција со здравствени работници, сет на Политики кои потпаѓаат во делот на корпоративна усогласеност и управување. | Во тек |
| Правна информираност на вработените | Изработка на Правен билтен за Република Северна Македонија, како и во државите на друштвата каде има Корпоративна правна служба. | Завршено |
| Јакнење на капацитетите на Комисијата за корпоративна усогласеност | Структурирање на Комисијата за корпоративна усогласеност во насока на обезбедување административна и логистичка поддршка за спроведување на нејзините активности. | Во тек |
| Воведување на AlkaSpeakUp пристапи на web страниците на капитално поврзаните друштва. | Лансирање на AlkaSpeakUp платформата на веб страницата на друштвата во Србија | Во тек |
| | Оспособување линк за користење на англиската верзија на AlkaSpeakUp платформата од корпоративната веб страница на друштвото, за потребите на друштвата во Хрватска, Босна и Херцеговина, Романија и Бугарија | Одложено |
| Заштита на лични податоци | Продолжување со имплементација на ИТ безбедносни мерки поврзани со енкрипција на лични податоци. | Во тек |
| | Постигнување на усогласеност на работењето на друштвата во Босна и Херцеговина и Косово. | Завршено |
| | Анализа на тековна ситуација и утврдување на збирките на податоци за секое друштво. | Во тек |
| | Донесување на интерни акти за друштвата. | Завршено |
| | Воспоставување на технички и организациски мерки за заштита на личните податоци. | Завршено |
| | Обука на вработените | Завршено |
| Подигнување на свеста кај вработените за значењето на концептот за бизнис интегритет | Реализација на кампања -месец на compliance | Одложено |
| Реализација на кампањи за подигање на свеста на вработените и раководните лица за значењето на актите од областа на Корпоративно управување и усогласеност | Спроведување на работилници и обуки | Во тек |
| Континуирани заложби за родова застапеност во управни органи | Менаџмент обуки на жени (раководни лица и вработени во компанијата) во насока на стекнување знаење и вештини и подготвеност за учество во управувачките процеси на компанијата | Во тек |
| Воведување на ГРЦ платформа (Governance Risk and Compliance), првенствено модул за ризици за дигитализација на процесот на управување со ризиците, во втората половина од 2025 година | Комплетиран е изборот за најповолен добавувач. Договорен е почетокот на имплементација во февруари 2026. | Во тек |
| Вклучување на Офицерот за ризици во работата на ESG Одборот во 2025 година за помош и подобрување на процесот на управување со ризиците на службите кои се задолжени за усогласеност со ESG барањата за известување. | Офицерот за ризици е вклучен во работењето на одборот за ЕСГ и обезбедува подршка за сопствниците на ризици за оваа област | Завршено |
| Споделување и потпишување на “Кодот за однесување на добавувачи” до што поголем број на активни добавувачи на АЛКАЛОИД АД. – 100% дистрибуција на Кодот до избраната категорија добавувачи за 2025г. | Дистрибуција на Кодот и формуларот за прифаќање на Кодот до 100% од одбраната категорија на добавувачи за 2025г | Завршено |
| | Задолжително поставување на клаузула со содржина од ESG и "Кодот за однесување на добавувачи на Алкалоид АД" во договорите со добавувачите од избраната категорија добавувачи за 2025г и | Завршено |
| | Изработка на промотивен материјал и обука на добавувачите за концептот на одржлив развој (ESG concept) и “Кодот за однесување на добавувачи”. | Одложено |

# Преглед на најзначајните ESG-индикатори на АЛКАЛОИД АД Скопје

## Повеќе информации за овие и останатите ESG-индикатори во продолжение на ESG-извештајот и неговите прилози

| Индикатор | 2023 година | 2024 година | 2025 година | Мерна единица | GRI/ останати ESG индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно создаден отпад | 775,20 | 828,45 | 948,02 | t | GRI: 306-3-a |
| Опасен отпад | 118,73 | 70,72 | 82,90 | t | GRI: 306-3-a |
| Неопасен отпад | 656,47 | 757,83 | 865,12 | t | GRI: 306-3-a |
| Рециклиран отпад | 549,54 | 627,24 | 560,83 | t | GRI: 306-4-6 |
| Отпад од други операции на преработка | 0,88 | 68,94 | 62,17 | t | GRI: 306-4-6 |
| Согорен отпад (со добивање на енергија) | 14,28 | 15,06 | 33,63 | t | GRI: 306-5-6 |
| Согорен отпад (без добивање на енергија) | 98,01 | 51,64 | 46,46 | t | GRI: 306-5-6 |
| Депониран отпад | 104,87 | 132,27 | 244,93 | t | GRI: 306-5-6 |
| Површинска вода | - | - | - | ML | GRI: 303-3 |
| Подземна вода | 154,77 | 77,19 | 88,24 | ML | GRI: 303-3 |
| Вода добиена од трета страна | 189,37 | 222,44 | 190,03 | ML | GRI: 303-3 |
| Површинска вода + Подземна вода + Вода добиена од трета страна | 344,14 | 299,63 | 278,28 | ML | GRI: 303-3 |
| Вкупно потрошена електрична енергија*** | 14.477,00 | 16.581,13 | 16.670,00 | MWh | GRI-302-1 |
| Набавена електрична енергија од необновливи извори | 5.760,00 | 6.405,14 | 4.495,31 | MWh | GRI-302-1 |
| Набавена електрична енергија од обновливи извори | 7.042,00 | 8.151,99 | 10.005,69 | MWh | GRI-302-1 |
| Произведена електрична енергија од обновливи извори | 1.675,00 | 2.024,00 | 2.169,00 | MWh | GRI-302-1 |
| Нафта | 126,49 | 63.988,00 | 174.025,00 | L | GRI-302-1 |
| Природен гас | 2.046.652,00 | 2.159.299,00 | 2.226.179,00 | $Nm^3$ | GRI-302-1 |
| **Вкупни емисии - Опсег 1** | **4.857,24** | **4.883,48** | **6.460,68** | t $CO_2$ eq | GRI-305-1 |
| Емисии од стационарни извори - Опсег 1 | 4.362,17 | 4.525,26 | 6.366,82 | t $CO_2$ eq | GRI-305-1 |
| Емисии од мобилни извори - Опсег 1 | 437,61 | 285,17 | 59,05 | t $CO_2$ eq | GRI-305-1 |
| Емисии од опрема за ладење - Опсег 1 | 57,46 | 73,05 | 34,81 | t $CO_2$ eq | GRI-305-1 |
| **Вкупни емисии - Опсег 2 (емисии од откупена електрична енергија)** | **3.693,10** | **4.087,42** | **2.623,91** | t $CO_2$ eq | GRI-305-2 |
| **Вкупни емисии - Опсег 3 (пресметани)** | **3.223,90** | **10.615,28** | **41.033,43** | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Емисии од набавени стоки и услуги – Опсег 3.1 | - | - | 31.462,08 | t $CO_2$ eq | GRI-305-3 |
| Емисии од набавка на капитални добра – Опсег 3.2 | - | 5.959,74 | 3.117,67 | t $CO_2$ eq | GRI-305-3 |
| Емисии од набавени горива и активности поврзани со енергија кои не се вклучени во Опсег 1 и Опсег 2 – Опсег 3.3 | - | 1.370,22 | 1.488,17 | t $CO_2$ eq | GRI-305-3 |
| Емисии од „upstream“ транспорт и дистрибуција – Опсег 3.4* | 1.628,26 | 1.771,21 | 2.425,32 | t $CO_2$ eq | GRI-305-3 |
| Емисии од создаден отпад – Опсег 3.5 | 1.360,34 | 1.429,91 | 1.196,76 | t $CO_2$ eq | GRI-305-3 |
| Емисии од службени патувања – Опсег 3.6 | 112,98 | 77,03 | 84,60 | t $CO_2$ eq | GRI-305-3 |
| Емисии од патување на вработените (превоз на вработените од дома до работното место) – Опсег 3.7** | 14.17** | 14.17** | 779,91 | t $CO_2$ eq | GRI-305-3 |
| Емисии од изнајмени простории - Опсег 3.8 | - | - | 472,02 | t $CO_2$ eq | GRI-305-3 |
| Емисии од третман на цврсти производи на крајот од нивниот животен век – Опсег 3.12 | 122,32 | 7,17 | 6,9 | t $CO_2$ eq | GRI-305-3 |

** Транспорт на наши производи/материјали, преку трета компанија, за кој плаќа АЛКАЛОИД АД Скопје.*
***Пресметан е само организиран транспорт од страна на компанијата.*
**** Во ESG-извештаите во 2023 и 2024 вредноста се однесува на вкупна набавена потрошена електрична енергија, без електрична енергија од сопствено производство.*
*Во овој извештај мерниот индикатор е даден како збирен од откупената + произведената електрична енергија за 2023, 2024 и 2025.*
*Транспортот во 2025 година е пресметан целосно (организиран превоз+превоз во сопствена организација)*
*Емисиите од опсег 3.9, 3.10 & 3.11 не се пресметани, поради тоа што не се добиени информации од трети страни, со кои компанијата соработува.*
*Емисиите од опсег 3.13,3.14&3.15 не се пресметани поради тоа што не се апликативни за дејноста на нашата компанија.*

# Преглед на најзначајните ESG-индикатори на АЛКАЛОИД АД Скопје

Повеќе информации за овие и останатите ESG-индикатори во продолжение на ESG-извештајот и неговите прилози

| Индикатор | 2023 година | 2024 година | 2025 година | Мерна единица | GRI/ останати ESG индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број вработени во компанија | 2.843 | 3.042 | 3.018 | број на вработени | останати ESG-индикатори |
| Вкупен број на вработени во компанијата во Македонија | 2.155 | 2.302 | 2.234 | број на вработени | останати ESG-индикатори |
| Процент  на вработени - жени | 58% | 59% | 59% | процент на вработени | GRI-405-1 |
| Процент на жени на раководни позиции | 48% | 44% | 43% | процент на вработени | GRI-405-1 |
| Стапка на нововработени | 10,94% | 10,96% | 2,35% | процент на вработени | GRI-401-1 |
| Стапка на заминати од компанијата (turnover) | 3,05% | 2,53% | 3,40% | процент на вработени | GRI-401-1 |
| Просечен број тренинг-часови по вработен на годишно ниво | 119,36 | 172,39 | 105,71 | часови | GRI-404-1 |
| Процент на задоволство на вработени | 71,94% | / | / | процент на задоволство | останати ESG-индикатори |
| Вкупно ревидирани проценки на ризик на работни места | 122 | 29 | 213 | број на ревидирани проценки на ризик на работни места | GRI-403-2 |
| Вкупно пријавени избегнати несреќи | 31 | 38 | 50 | број на пријавени избегнати несреќи | GRI-403-2 |
| Склучени договори со здравствени установи за медицина на трудот | 4 | 4 | 5 | број на договори со здравствени установи за медицина на трудот | GRI-403-3 |
| Вкупно извршени превентивни здравствени прегледи на вработени | 1.698 | 2.020 | 2.050 | број на извршени превентивни здравствени прегледи на вработени | GRI-403-3 |
| Вкупно реализирани обуки во согласност со законската регулатива за вработените | 2.405 | 789 | 1.758 | број на реализирани обуки во согласност со законската регулатива за вработените | GRI-403-5 |
| Вкупно реализирани специфични обуки за безбедност и здравје при работа за вработените | 202 | 620 | 1.103 | број на реализирани специфични обуки за безбедност и здравје при работа за вработените | GRI-403-5 |
| Вкупно реализирани обуки за прва помош за вработените | 167 | 150 | 447 | број на реализирани обуки за прва помош за вработените | GRI-403-5 |

| Индикатор | 2023 година | 2024 година | 2025 година | Мерна единица | GRI/ останати ESG индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно реализирани обуки за заштита од пожар и од експлозии и за евакуација на вработените | 1.073 | 739 | 866 | Број на реализирани обуки за заштита од пожар и од експлозии и за евакуација на вработените | GRI-403-5 |
| Смртни случаи | 0 | 0 | 0 | број и стапка на смртни случаи | GRI-403-9 |
| Повреди со тешки последици | 0 | 0 | 0 | број и стапка на повреди со тешки последици | GRI-403-9 |
| Евидентирани повреди | 33 | 29 | 33 | број на евидентирани повреди | GRI-403-9 |
| Стапка на фреквенција на евидентирани повреди | 8,07 | 6,7 | 8,23 | Стапка на евидентирани повреди на 1.000.000 | GRI-403-9 |
| Стапка на тежина на повреди | 14,3 | 11,27 | 13,06 | Стапка на тежина на повреди | останати ESG индикатори |
| Вкупно работни часови | 4.090.490 | 4.329.441 | 4.010.705 | Број на работни часови | GRI-403-9 |
| Главна причина за повреда при работа | Лизгање, сопнување, паѓање и небезбедно ракување | Лизгање, сопнување, паѓање и небезбедно ракување | Лизгање, сопнување, паѓање и небезбедно ракување | Причина за повреда при работа | GRI-403-9 |
| Евидентирани повреди на вработени на добавувачи | 1 | 0 | 1 | Број на повреди/број на повреди со потешки последици на вработени на добавувачи | GRI-403-9 |
| Стапка на фреквенција на повреди на вработени на добавувачи | 5 | 0 | 7,01 | Стапка на евидентирани повреди на 1.000.000 | GRI-403-9 |
| Евидентирани професионални заболувања на вработени на АЛКАЛОИД АД Скопје | 0 | 0 | 0 | Број на евидентирани вработени со професионални заболувања | GRI-403-10 |
| Евидентирани професионални заболувања на вработени на добавувачи | 0 | 0 | 0 | Број на евидентирани вработени со професионални заболувања | GRI-403-10 |
| Набавки од локални добавувачи | 30% | 29% | 29% | учество на локалните добавувачи во вкупните набавки на компанијата | GRI 204-1 |





# Општествената одговорност во нашата компанија

Општествената одговорност и одговорниот однос спрема животната средина претставуваат еден од клучните стратешки приоритети во работењето на АЛКАЛОИД. Водена од јасната заложба за одржлив развој, компанијата континуирано работи на создавање позитивно и долгорочно влијание врз заедницата и околината, интегрирајќи ги ESG-принципите во нашата деловна практика и во одлуките што ги носи.

Свесна за одговорноста што ја носи со своето дејствување, компанијата активно реализира конкретни проекти и иницијативи што одговараат на реалните потреби и предизвици на локалната заедница. Преку овие активности компанијата вложува во различни сегменти од општествениот развој – од унапредување на здравјето и здравствениот систем, спортот и образованието, па сè до заштита на животната средина и поддршка на одржливи практики.

Преку транспарентно, етичко и одговорно работење АЛКАЛОИД гради доверливи односи со сите засегнати страни и ја зајакнува својата улога како општествено одговорна компанија. Со континуирана поддршка на општествени проекти и иницијативи создава вредности што придонесуваат за подобар квалитет на живот за сите луѓе и одржлив напредок за сите чинители.

## Реализирана уште една ESG-кампања за вработените „Нашата заложба во остварувањето на ESG-целите на АЛКАЛОИД“




Учеството на секој вработен е важен предуслов за успешна реализација на стратегијата за одржливост и за постигнување на поставените ESG-цели. АЛКАЛОИД континуирано ја потврдува својата посветеност на ESG-стратегијата (Environment, Social, Governance) преку активности што ја докажуваат ориентацијата кон одржливост, етичко работење и општествена одговорност.

Почнувајќи од крајот на ноември, во пресрет на Меѓународниот ден на ESG – 30 ноември, беше реализирана кампањата „Нашата заложба во остварувањето на ESG-целите на АЛКАЛОИД“, со која компанијата го одбележа месецот на ESG. Кампањата имаше цел да ја подигне свеста за значењето на ESG и да поттикне поголема вклученост на вработените во секојдневната примена на ESG-принципите преку споделување добри практики, како и преку претставување на резултатите и постигнувањата на компанијата. Со континуирана едукација и со јасно истакнување на посветеноста на поставените цели компанијата ја зајакнува корпоративната култура и го зацврстува својот имиџ како одговорна компанија.

Во рамките на кампањата, комуникацијата спрема вработените и јавноста беше фокусирана на постигнатите резултати во четири сегменти: животна средина, нашите луѓе, општествена одговорност и управување и вредности. Достигнувањата беа споделени со вработените преку интерните канали (електронска пошта, информативни постери, АлкаТВИнфо, Alkanet и Newsletter) и преку екстерна комуникација на корпоративните социјални мрежи до пошироката јавност (Facebook, Instagram и LinkedIn).

# Пилот-клиника за запознавање на младите со перспективите за одржлив развој - нова иницијатива на UNDP, АЛКАЛОИД и Правниот факултет



Пилот-клиника за запознавање на младите со перспективите за одржлив развој – нова иницијатива на UNDP, АЛКАЛОИД и Правниот факултет

Во организација на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), заедно со Правниот факултет „Јустинијан Први“, АЛКАЛОИД учествуваше во реализацијата на првата Клиника посветена на целите за одржлив развој (SDG). Иницијативата имаше за цел да ги доближи принципите на одржлив развој и Агендата 2030 до студентите и да ја поттикне нивната активна улога во идните истражувачки, академски и општествено ангажирани процеси.

Клиниката се одржа во периодот од 25 до 28 ноември и опфати 30 студенти, кои преку интерактивна работа и со поддршка на претставници на академската заедница, АЛКАЛОИД и на меѓународните организации ги истражуваа врските меѓу развојните политики, животната средина и климатската акција, како и SDG-целите и ESG-принципите како рамка за одговорно и одржливо корпоративно управување.

Како компанија која континуирано ги интегрира ESG-принципите во својата корпоративна стратегија, АЛКАЛОИД учествуваше во оваа иницијатива преку споделување практични искуства за примената на SDG-целите и ESG-стандардите во нашите деловни процеси – од производство и управување со ресурсите до грижа за вработените и поддршка на заедницата. Клиниката се реализираше преку повеќедневни работилници на кои беа обработени различни теми поврзани со принципите на одржлив развој, овозможувајќи им на студентите подлабоко запознавање со клучните предизвици и со фокус-областите во оваа сфера.

Преку ваквите партнерства компанијата ја потврдува својата посветеност на одржливиот развој и на создавањето долгорочна вредност за општеството, со верување ваквите иницијативи придонесуваат за активно вклучување на младите како клучни носители на позитивни промени и одржлива иднина.

# АЛКАЛОИД на третата регионална ESG-конференција на AmCham: градење резилиентност во свет што се менува

Во својство на една од пионерските компании во имплементацијата на принципите на еколошко, општествено и корпоративно управување (ESG), АЛКАЛОИД активно учествуваше на Третата регионална ESG-конференција, организирана од македонската подружница на Американската стопанска комора, во соработка со AmCham Србија, AmCham Албанија и со AmCham Косово. Настанот собра претставници од деловниот сектор, институциите и од граѓанското општество обезбедувајќи платформа за стратешки дијалог, регионална соработка и за усогласување на ESG-приоритетите во контекст на заедничките предизвици и цели на регионот.

Од објавувањето на првиот ESG-водич за известување од Македонската берза во 2022 година, изработен со поддршка на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), започна видлив напредок во областа на ESG-сообразноста кај компаниите во земјава и во регионот.

АЛКАЛОИД досега има објавено три ESG-извештаи, а минатата година го доби и признанието Добри ESG-практики за 2024 година од Македонската берза и од Американската стопанска комора за најновиот консолидаран извештај изработен на ниво на целата групација АЛКАЛОИД.

Денес вистинското лидерство не се мери само преку финансиските резултати, туку и преку влијанието што го имаме врз луѓето и врз животната средина.






## Студиска посета на група членки на AmCham North Macedonia и претставници на дваесетина македонски мали и средни компании во АЛКАЛОИД – обука AmCham за мали и средни претпријатија





Како една од компаниите кои меѓу првите започнаа со системско воведување на принципите за еколошко, општествено и корпоративно управување (ESG), АЛКАЛОИД АД Скопје реализираше студиска посета за група членки на AmCham North Macedonia и за претставници на околу дваесет македонски мали и средни компании. Посетата беше насочена кон практично запознавање со пристапот на компанијата во имплементацијата на ESG-стандардите, стратегиските насоки и постигнатите резултати во одржливото работење.

Во рамките на агендата учесниците беа запознаени со работењето на АЛКАЛОИД, производственото портфолио, пласманите и со клучните корпоративни активности. Посебен акцент беше ставен врз интегрираниот ESG-модел, инвестициите во енергетска ефикасност и во намалување на емисиите, врз напредната практика за управување со отпадот и со ресурсите, примената на екоефикасни производствени технологии, како и врз долгорочните програми за поддршка на вработените и на локалната заедница.

Студиската посета вклучи и обиколка на производствените капацитети во сегментот фармација и на Институтот за истражување и развој, со што учесниците добија директен увид во начинот на кој АЛКАЛОИД ги интегрира ESG-принципите во секојдневните процеси и операции.

# Хуманитарен пикник за вработените на АЛКАЛОИД – донирани околу 1,8 милиони денари за Црвен крст наменети за лицата во третата доба

Водени од вредностите кои ја обликуваат корпоративната култура на АЛКАЛОИД – хуманост, солидарност и грижа за заедницата – повеќе од 4.000 алкалоидовци, членови на нивните семејства и пријатели на компанијата ги продолжија хуманата мисија и традицијата на хуманитарниот пикник, кој по единаесетти пат се реализираше под покровителство на Фондацијата „Трајче Мукаетов“.

Главната порака – хуманоста е силата која ги издигнува луѓето – беше претставена преку балонот со топол воздух визуализиран на специјално изработените маички за настанот, преку кои беа собрани околу 1,8 милиони денари, а кои му беа донирани на Црвениот крст на град Скопје за поддршка на социјалните сервиси за стари лица, како што се домашните посети, уредот Итно копче, санитетскиот транспорт и дневните центри за активно стареење.

Поддршката за лицата во третата доба произлегува од уверувањето дека постарите лица се значаен дел од општеството и дека заслужуваат почит, внимание и континуирана грижа.

Во насока на вредностите кои ја обликуваат корпоративната култура на АЛКАЛОИД, преточени во хуманост, солидарност и во грижа за заедницата, компанијата има воспоставено долгогодишно хуманитарно партнерство со Црвен крст преку поддршка на активности во социјално-хуманитарната дејност и во справувањето со кризи и катастрофи, како и на полето на крводарителството.

Првиот хуманитарен пикник на АЛКАЛОИД под закрила на Фондацијата „Трајче Мукаетов“ беше одржан на 3 септември 2011 година.

Ниту есенскиот дожд не ги поколеба илјадниците алкалоидовци да бидат дел од денот посветен на заедништвото, позитивната енергија и вредностите што обединуваат. Кога заложбата Здравјето и луѓето пред сè не е дел само од професионалната визија, туку станува и личен мотив, токму во таа симбиоза на професионалното и личното, во духот исполнет со вредности како што се одговорноста, почитта и грижата, се создава искуство што ја надминува обичната корпоративна култура.


HEALTH ABOVE ALL
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
ТРАЈЧЕ МУКАЕТОВ







# Традиционални хуманитарни активности на АЛКАЛОИД и Црвен Крст – заедно можеме повеќе!



Преку доследно спроведување на корпоративната стратегија за општествена одговорност, компанијата ја афирмира својата улога како активен и одговорен партнер на заедницата. Вработените со својот личен ангажман и посветеност остануваат клучни носители и амбасадори на позитивните вредности што ги има АЛКАЛОИД во фокусот на својата деловна стратегија.

И оваа година, во соработка со долгогодишниот партнер Црвен крст, успешно беа реализирани повеќе хуманитарни активности.

Секоја крводарителска акција реализирана во соработка со Црвен крст и со Институтот за трансфузиона медицина во Македонија претставува ново продолжение на петдецениската традиција на алкалоидовиот колектив на полето на крводарителството.

Благодарение на втората крводарителска акција „Спаси живот – дарувај крв“, оваа година вкупно 385 вработени несебично даруваа крв, подарувајќи надеж, сила и нова шанса за живот.

Под мотото „Донирај храна, донирај среќа!“ успешно беше реализирана уште една акција за донирање храна, во која со одличен одзив на вработените беше собран речиси еден тон храна на сите локалитети на АЛКАЛОИД во Македонија.

Меѓу проектите е и традиционалната акција за донација на облека „Донирај облека, сподели добрина!“, активност која со години наназад се реализира со искрена посветеност, а во соработка со здружението „Копче“.

Хуманоста обединува! АЛКАЛОИД е особено горд што и оваа година вработените од претставништвата во Србија, Хрватска и во Босна и Херцеговина се вклучија во доброволните хуманитарни активности, и тоа во акциите за доброволно дарување крв, за донација на храна и за донација на облека.

Со овие доброволни иницијативи вработените го негуваат духот на солидарност, хуманост и на општествена одговорност, вредности кои се длабоко вградени во корпоративната култура.

АЛКАЛОИД им благодари на сите колеги кои несебично придонесоа и кои помогнаа да внесеме среќа таму каде што е најпотребна.

Заедно покажавме дека хуманоста не познава граници.


Спаси живот, дарувај крв!


HVALA ZA
DAROVANU
KRV !!!


Донирај
облека сподели
добрина!



# Дигитална платформа „Мама, не си сама“ за поддршка и едукација – катче за нови знаења и инспирација за здраво секојдневие

Реализацијата на дигиталната платформа „Мама, не си сама“ продолжи и во 2025 година преку надградба и континуитет на активностите на веб-сајтот, социјалните медиуми и на каналот на YouTube. Проектот е насочен кон креирање содржини што одговараат на реалните потреби на родителите обезбедувајќи практична поддршка и зголемена информираност преку современ и пристапен дигитален формат.

Во рамките на проектот беа реализирани четири поткасти со стручни лица и со јавни личности, кои преку лични искуства и експертски гледишта отвораат важни теми поврзани со мајчинството и со родителството, поттикнувајќи чувство на поддршка, разбирање и заедништво. Паралелно беа продуцирани и едукативни видеа со професионалци, на различни теми, насочени кон едукација на родителите, за да се обезбедат релевантни, проверени и точни информации во услови на зголемен дигитален шум и пренатрупаност со информации.

Дополнително, на веб-сајтот континуирано се објавуваат стручни текстови подготвени од доктори, со што се зајакнува едукативната улога на платформата и се обезбедува конзистентен извор на информации засновани на стручно мислење и на медицинска пракса.

Преку „Мама, не си сама“ компанијата продолжува да вложува во иницијативи кои создаваат општествена вредност, кои ја зајакнуваат комуникацијата со заедницата и кои нудат конкретна поддршка преку квалитетни дигитални содржини, особено важни за градење доверба кај корисниците и за поддршка на одговорното информирање во дигиталниот простор.



# „Големите приказни на малите херои“ – Becutan-конференција по повод Светскиот ден на предвремено родените бебиња



Преку искрени сведоштва и инспиративни разговори, експерти, родители и јавни лица испратија единствена порака: грижата за предвремено родените бебиња не е само медицински процес – тоа е животна мисија исполнета со храброст, надеж и со безрезервна љубов.

По повод Светскиот ден на предвремено родените бебиња, Becutan ја организираше втората конференција „Големите приказни на малите херои“, со цел подигнување на свеста за предизвиците со кои се соочуваат прематурните новороденчиња и нивните семејства. Настанот беше организиран во два тематски панела насочени кон унапредување на знаењата и размена на искуства во областа на неонаталната нега и кон поддршка на семејствата со предвремено родени бебиња.

Првиот панел „Науката зад грижата: современи пристапи во неонаталната нега“, модериран од д-р Марина Поп Лазарова, вклучи презентација, клиничка студија и дискусија, со учество на проф. д-р Катерина Дамевска, д-р Симонида Спасевска и проф. д-р Силвана Наунова-Тимовска, кои разговараа за современите пристапи во неонаталната нега, значењето на мултидисциплинарниот пристап и за улогата на семејната поддршка. Посебен акцент беше ставен врз контактот кожа на кожа и врз мајчинската љубов како клучни фактори за стабилизација и развој на предвремено родените бебиња.

Вториот панел „Нашите мали борци – гласот на родителите“, модериран од актерката Сања Арсовска, ги обедини искуствата на Горан Папаз, Маја Кикириткова, д-р Станка Танчева-Крстевска и доц. д-р Игор Исјановски, со акцент врз психосоцијалната поддршка, улогата на родителите, важноста на заедничкиот пристап во грижата за предвремено родените деца, како и врз улогата на таткото во овие семејства.

Како бренд со речиси пет децении традиција во хигиената и негата на детската кожа, Becutan останува посветен и сигурен сојузник за родителите и за експертите во грижата за најмалите уште од првиот ден по нивното раѓање. Изминатата година брендот обезбеди резерви од кремот Becutan Sensitive SOS во пет родилни центри, каде што под строг медицински надзор повторно беа потврдени неговата безбедност и ефикасноста во негата на најчувствителната кожа.

Со овие активности Becutan придонесува за поддршка на родителите и за јакнење на партнерствата со здравствените институции, во насока на подобра грижа за предвремено родените бебиња.

# Одржан 21. конгрес на лекарите на Македонија под покровителство на АЛКАЛОИД

Во рамките на четиридневниот настан со меѓународно учество, кој броеше околу 600 учесници и предавачи од 11 земји, беше одбележан и 80-годишниот јубилеј на Македонското лекарско здружение (МЛД) основано во 1945 година како Здружение на лекари, стоматолози и фармацевти.

Македонското лекарско друштво го одржа 21. Конгрес на лекарите на Македонија, во чии рамки АЛКАЛОИД имаше свое корпоративно претставување како покровител на овој значаен настан, кој понуди богата стручна програма од голем број сфери на модерната медицина.

Во рамките на свеченото одбележување по повод 8 децении успешна соработка, АЛКАЛОИД се закити со јубилејна благодарница како гест на длабока благодарност за учеството и за придонесот во збогатувањето и промоцијата на МЛД на меѓународен план. АЛКАЛОИД и МЛД низ годините континуирано ја афирмираат својата заемна соработка во насока на промоција на медицината и надвор од границите на земјата.






# Becutan домаќин на работилница за касно прематурни новороденчиња

АЛКАЛОИД, во соработка со Здружението на неонатолози на Македонија, организираше интерактивен едукативен настан – Работилница за касно прематурни новороденчиња – во Едукативниот центар во Дојран. Дел од стручниот собир беа приближно 50 неонатолози/педијатри од повеќе здравствени установи низ земјава.

Стручната програма, покрај теоретската едукација, вклучи и практикум со работа во групи, со акцент врз размената на професионални искуства и обработката на клучни теми поврзани со грижата за касно прематурните новороденчиња, вклучувајќи ги исхраната, клиничката стабилизација, превенцијата на компликации и навремената интервенција, како и управувањето со респираторните состојби и со безбедниот транспорт.

Во рамките на работилницата, под покровителство на брендот Becutan, се одржа и предавање со наслов „Производи за заштита и нега на детската кожа во летниот период“.

Практичниот дел од Работилницата вклучи вежби кои беа изведени на симулациска бебе-кукла, процедури кои се дел од нивната секојдневна работа со предвремено родените деца.





Алкалоидовиот бренд Becutan, со кој растат голем број генерации речиси пет децении, континуирано ја потврдува својата општествена одговорност преку поддршка на стручни настани наменети за едукација, доедукација и за професионален развој на стручната фела. Преку овие активности се поттикнува размена на практични искуства и унапредување на знаењата на здравствените професионалци кои секојдневно работат со детската популација.

## Расте проектот „Becutan со родилиштата“




Во рамките на проектот „Becutan со родилиштата“, насочен кон поддршка на здравјето, благосостојбата и унапредувањето на стручните капацитети во здравствениот систем, во Охрид беше одржан стручен едукативен собир за медицински сестри. Настанот имаше цел унапредување на знаењата и размена на практични искуства поврзани со правилната нега на бебешката кожа, преку современи и стручно засновани пристапи.

На собирот учествуваа 70 медицински сестри од повеќе здравствени установи и родилишта низ земјата вклучени во долгорочниот проект „Becutan со родилиштата“, што овозможи значајна размена на добра практика во областа на неонаталната грижа.

Како предавачи учествуваа педијатар прим. д-р Беса Ислами-Поцеста и педијатар прим. д-р Искра Мартиновска од ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ Чаир, кои одржаа предавање на тема „Карактеристики и нега на бебешката кожа“, со акцент врз превенцијата, правилните хигиенски навики и навременото препознавање состојби што бараат дополнително внимание.

Во рамките на настанот беа претставени и производите од линиите Becutan Sensitive и Becutan, како дополнување на едукативната содржина со информации, практични решенија и алатки за унапредување на квалитетот на грижата и за поддршка на здравствените работници во нивната секојдневна пракса.

Преку ваквите активности, компанијата ја потврдува посветеноста на иницијативи кои создаваат општествена вредност и кои придонесуваат за континуирана едукација на медицинскиот кадар, како дел од одржливиот пристап во рамките на ESG-стратегијата.

# Партнерство меѓу АЛКАЛОИД АД Скопје и Институтот за јавно здравје во служба на јавното здравје



Водени од своето основно мото Здравјето пред сè и од стратешката определба за поддршка на здравствениот систем и институциите, со цел создавање основа за трајна и долгорочна соработка во интерес на јавното здравје и благосостојбата на граѓаните, АЛКАЛОИД АД Скопје и Институтот за јавно здравје потпишаа Меморандум и Договор за заедничка соработка во областа на превенцијата, науката и здравствените политики.

Преку оваа соработка двете институции ќе ги здружат своите знаења, експертиза и ресурси за унапредување на здравствената практика, развој, реализација на заеднички научноистражувачки проекти, како и за спроведување активности поврзани со превенцијата, едукацијата и примената на современи фармацевтски и аналитички стандарди.

Овој чекор претставува јасна потврда на заедничката заложба за зајакнување на соработката меѓу индустријата и здравствените институции преку поддршка на модерни политики, иновации и решенија кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на живот и за унапредување на јавното здравје во нашата земја.

# 40 нови стипендии за учебната 2024/2025 доделени од Фондацијата „Трајче Мукаетов“



Седумнаесетта година по ред Фондацијата „Трајче Мукаетов“ доделува 40 стипендии за студентите на Фармацевтскиот и на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје. За новата академска година се доделија 40 нови стипендии, од кои 20 за студенти на Фармацевтскиот и 20 за студенти на Медицинскиот факултет. И оваа година Фондацијата додели еднократна парична награда од 1.200 евра во денарска противвредност за првенците на генерација на двата факултета.

Фондацијата „Трајче Мукаетов“ во изминатите 17 години е дел од успешната академска приказна на 699 стипендирани студенти по фармација и по медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. Особено сме горди што досега 110 од стипендираните студенти одлучиле да започнат да ги градат своите кариери во некои од одделите на АЛКАЛОИД.

Од основањето на Фондацијата во мај 2007 година до денес, врз основа на стипендии и еднократни парични награди за првенците на двата предметни факултети, АЛКАЛОИД инвестирал близу 141 милион денари.

# АЛКАЛОИД и Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип потпишаа Меморандум за соработка



Меморандумот се однесува на реализацијата на заеднички стручноапликативни и научноистражувачки проекти. Во фокусот е воведувањето одржливи фармацевтски пакувања, кое ќе се спроведува во неколку фази до 2030 година.

Во рамките на соработката, покрај студиските програми и програмите за практикантство и изработка на специјалистички трудови и докторски дисертации, ќе започнеме петгодишен проект за воведување одржливи пакувања за фармацевтските производи на компанијата, кој ќе се реализира во три фази. Проектот е насочен кон усогласување со регулативата на Европската Унија за одржливи пакувања Packaging and Packaging Waste Regulation (EU) 2025/40 (PPWR), која предвидува до 2030 година пакувањата да бидат готови за рециклирање, при што производите кои нема да ги исполнат условите ќе бидат ограничени или забранети за пласман на пазарите во ЕУ и пошироко.

Со оглед на тоа дека фармацевтската индустрија е меѓу најстрого регулираните индустрии, вклучувањето на академската заедница е важен предуслов за ефикасна реализација на овој комплексен проект. Целта е намалување на негативното влијание врз животната средина и поодговорно користење на ресурсите, во согласност со принципите на кружната економија и со ESG-политиките на АЛКАЛОИД.

# Трета година по ред пехар за АЛКАЛОИД за најбројна спортска екипа на Скопскиот маратон

Со спортски ентузијазам и со позитивна енергија вработените учествуваа на Маратонот, промовирајќи здрави животни навики, тимска поврзаност и активен начин на живот. Трета година по ред го освоивме пехарот за најбројна екипа, што претставува уште една потврда за силниот тимски дух, вредностите и заедништвото што нѐ поврзуваат.

Оваа година беа пријавени вкупно 530 вработени поделени во следниве категории: штафетни трки – 9 штафети и 40 натпреварувачи, трка на 5 км – 467 натпреварувачи, полумаратон – 22 натпреварувачи и маратон 42 км – 1 натпреварувач.

Во женска категорија на трката на 5 км најдобрата учесничка се пласираше на 33. место, а од мажите на 45. место. На женската полумаратонска трка женската екипа беше на 150. место, а машката на 145. место. Најдобропласираниот на маратонската трка заврши на 269. место.

Со оваа иницијатива компанијата уште еднаш ја потврди посветеноста на благосостојбата на вработените и поддршката на спортот како важен дел од здравата и одржлива корпоративна култура.






## Спортскиот тим на АЛКАЛОИД се закити со 5 пехари на „Хеминс 2025“



Спортскиот тим на АЛКАЛОИД, предводен од Синдикатот на компанијата, освои 5 пехари на спортската манифестација „ХЕМИНС 2025“ во Србија во различни натпреварувачки дисциплини.

Како резултат на тимската сплотеност, екипата освои 2 први места во мешовит баскет 3Х3 и во пливање (машка конкуренција), 2 втори места во стрелаштво и во пинг-понг (женска конкуренција) и 1 трето место во стрелаштво (машка конкуренција).

На натпреварите организирани од Синдикатот на хемија и неметали на Република Србија учествуваа 20 компании од Србија, Македонија и од Словенија, на кои, и покрај силната конкуренција, алкалоидовите претставници постигнаа значаен успех.

Покрај спортскиот аспект, ваквите настани се еден вид тим-билдинг кој овозможува поврзување, дружење и промовирање на вредностите што ги обединуваат вработените низ вредносниот систем на алкалоидовата корпоративна култура.

# Вицешампионска титула за АЛКАЛОИД во бизнис-лигата „Мултиспорт“ и во одбојка и во пинг-понг



Спортските рекреативци од редовите на вработените во АЛКАЛОИД учествуваа во бизнис-лигата „Мултиспорт“ во одбојка 2024/25, во мешан состав, и го освоија високото второ место. Во конкуренција од 10 тимови, во регуларниот тек од сезоната тимот заврши на врвот на табелата, додека, пак, завршниот дел се заокружи со освојување на сребрениот медал. Оваа сезона 2024/25 беше успешна и за дебитантскиот тим на АЛКАЛОИД во пинг-понг кој се натпреваруваше во бизнис-лигата „Мултиспорт“, исто така освојувајќи го второто место.



Првите успеси на рекреативните спортски тимови на АЛКАЛОИД не го истакнуваат само спортскиот дух што владее меѓу вработените, туку и нивната желба за постојано надградување како на својот професионален терен така и надвор од него.

# ШК Алкалоид повторно во врвот на светската шаховска сцена



Вицешампионската титула за ШК Алкалоид на Европскиот клупски куп, настан кој го носи епитетот најквалитетно европско клупско шаховско натпреварување, беше моментот кој ја одбележа изминатата календарска 2025 година кај колективите на АЛКАЛОИД во шахот.

На овој настан клубот имаше забележителни настапи и партии, а меѓу нив и победата над актуелниот европски првак Нови Бор од Чешка, и успеа да освои нов престижен шаховски трофеј за Македонија. Името на ШК Алкалоид по четврти пат во историјата се најде меѓу најдобрите две екипи во Европа, откако по триумфот во 2016 г. следуваа пласманите на второто место во 2017 и во 2024 г. Достигнувањето даде импресивен резултат за клубот, кој бележи 49 години постоење и шаховски раст и кој е континуирано поддржуван од компанијата АЛКАЛОИД.
Импозантни беа резултатите и на домашната сцена. ШК Алкалоид ја продолжи доминацијата и по 27. пат (тринаесетта титула во низа) стана шампион на Македонија, додека, пак, ШК Мулти Есенс успеа да стане нов вицешампион на Македонија. Успехот на ШК Мулти Есенс дополнително добива на значење затоа што како нов прволигаш составен од јуниорите од школата на „Алкалоид“ дојде до висок пласман на табелата, а, воедно, во директен дуел со првиот тим, и да се надигрува за шампионската титула!

Во конкуренција на дамите, шахистките на ШК Алкалоид со убедлива и сигурна игра и со максимални пет победи во пет кола стигнаа до 10 меч-бодови, кои им ја донесоа шампионската титула за 2025 година. Клубот со овој резултат ја обедини двојната круна во шахот во Македонија.

И шаховските јуниори имаа успешна година затоа што на јуниорските првенства поединечно освоија пет златни медали – три сребрени и два бронзени. Во екипна конкуренција ШК Алкалоид освои три златни медали со генерациите до 18, до 16 и до 14 години. Генерацијата до 12 години го делеше првото место, а на крајот беше класифицирана како втопласирана според четирите тај-брејк критериуми. На јуниорските шампионати настапија повеќе од 120 млади шахисти во машка и во женска конкуренција, од кои 35 беа членови на клубовите на АЛКАЛОИД.

## Година заверена со европски шампионски печат за РК Алкалоид

РК Алкалоид зад себе остави уште една година во која испиша поглавје кое ќе остане трајно запаметено во историјата и на македонскиот и на европскиот ракомет.

По двата освоени трофеи во македонскиот шампионат, РК Алкалоид ја крена на повисоко ниво летвичката за успех и тргна во поход на првиот пехар од европските натпреварувања во Европскиот куп на ЕХФ.
РК Алкалоид без пораз ги елиминираше екипите на ССВ Бриксен од Италија и на Минаур Баја Маре, а во полуфиналето и екипата на Рунар од Норвешка.
Најважниот меч во европската клупска историја – финалето на Европскиот куп на ЕХФ – РК Алкалоид го одигра на жешкиот гостински терен во Атина. Во преполната арена демонстрираше зрелост и ладнокрвност и го победи АЕК. Реваншот во Скопје го одбележа одбивањето на гостинскиот тим да излезе на терен, па откако Европската ракометна федерација го разгледа целиот случај, победничкиот пехар од Европскиот куп на ЕХФ му беше доделен на РК Алкалоид.
Со тоа РК Алкалоид стана вториот машки македонски клуб кој освоил европски пехар или вкупно трет во целата македонска ракометна историја.

Специфичната тежина што ја има овој пехар е фактот дека РК Алкалоид го освои со екипа што е 90 % составена од македонски ракометари, а голем дел од нив се ракометари кои вистинскиот напредок и развој го остварија тренирајќи и играјќи според стандардите и принципите што ги постави РК Алкалоид.

Во новата сезона 2025/26 РК Алкалоид влезе со мали промени во играта и со поголем акцент врз домашниот производ. Во меѓувреме, Суперлигата стана поконкурентна со доаѓањето на голем број звучни странски засилувања кај ривалските екипи. Во тек е едно од најнеизвесните првенства, а РК Алкалоид како етаблиран член на квартетот од екипи што се борат за сите пехари и сезонава игра важна улога во македонскиот ракомет.

РК Мулти Есенс стана столб и база на сите репрезентации на Македонија во помладите категории и првак во младинска конкуренција. Иако настапуваше со подмладен тим, успешно се носеше со предизвиците во Првата лига. Континуитетот е продолжен и во новата сезона, во која одново е на врвот на табелата.

Добри резултати одржуваат сите екипи во младинските категории издвојувајќи се на полусезоната меѓу најсериозните кандидати за шампионските пехари.


EHF
EUROPEAN
CUP
WINNERS


EHF
EUROPEAN
CUP
Friends from the very first day




B

# Малите алкалоидовци го истражуваат АЛКАЛОИД – тони детски насмевки во шесте продолженија од проектот посветен на новите генерации во светот на АЛКАЛОИД

Преку овој проект децата добија ретка можност да ѕирнат во работниот свет на своите родители – да видат одблизу како изгледа еден ден во компанијата што досега ја знаеле само од дома, да прошетаат низ производствените хали и да откријат како се создаваат познатите производи, доживувајќи го АЛКАЛОИД на начин близок и разбирлив за нив.

Заокружувајќи ја првата година од почетокот на реализацијата, проектот „Малите алкалоидовци го истражуваат АЛКАЛОИД" досега внесе стотина деца во еден целосно нов свет за истражување, на кој тие му пристапија со неверојатна љубопитност и желба за осознавање.

Отворајќи ги вратите од своите оддели и погони за децата на вработените, АЛКАЛОИД создаде една несекојдневна можност за непосредно запознавање на најмалите со компанијата, но и со потесната работна средина во која нивните родители го поминуваат своето професионално секојдневие.

Проектот започна во јули 2024 година со посетата на сегментот козметика на локалитетот Лафома во Ѓорче Петров, додека, пак, втората посета беше во рамките на ПЦ Фармација во Автокоманда. Проектот продолжи и во оваа 2025 година. Следуваше посетата на Производство и на Истражување, развој и регистрација – билкарство, а следна дестинација во низата беше Институтот за истражување и развој. Петта беше посетата на стратешката бизнис-единица Фармација, Сервис и Информатичка технологија, а во рамките на шестата неодамнешна посета децата на вработените ја посетија организациската единица Контрола на квалитет.

Овие наменски организирани посети, приспособени на возраста на младите љубопитни посетители, вклучуваат обиколка на работните одделенија и запознавање со процесите. Младите истражувачи, во присуство на своите родители, учествуваа и во практични активности, а по работниот дел уживаа во забавниот дел од агендата на настанот, во групни игри и организирани активности за меѓусебно дружење и зближување, што дополнително го збогати нивното искуство.

Грижата за младите генерации не е само вредност, туку дел од идентитетот на АЛКАЛОИД. Во фокусот на својот раст и иднина компанијата ги става вработените и нивните семејства, а вниманието спрема најмладите останува траен и значаен дел од корпоративната култура, која негува припадност, поддршка и вредности што обединуваат.









## Нови интерактивни алатки на интранет-платформата Alkanet

Со овој пристап процесот на поставување прашања и на давање предлози се поедноставува и станува максимално достапен, без оглед на локацијата или времето. Ваквиот начин на комуникација го олеснува секојдневното работење, ја намалува потребата од непланирани состаноци и придонесува за побрзо донесување одлуки, со што значително се зголемуваат ефикасноста и ефектноста на професионалната комуникација. Со цел уште поефикасна професионална комуникација меѓу вработените, АЛКАЛОИД континуирано ја надградува сопствената интранет-платформа Alkanet. Од неодамна во функција се интерактивни алатки кои овозможуваат секој вработен директно да постави прашање или да даде свој предлог во однос на работата, процесите или на која било друга тема од професионален интерес, а притоа да добие конкретен и навремен одговор по електронски пат.



## „Ви благодариме за нашето денес!“ – проект за грижа за пензионираните алкалоидовци

И во 2025 година продолжи реализацијата на проектот „Ви благодариме за нашето денес!“, иницијатива која ја одразува посветеноста на АЛКАЛОИД за одржување на врската со своите пензионирани колеги и за изразување благодарност спрема нив. Нивната посветеност, професионалност и долгогодишниот придонес се вградени во деветдецениското постоење и во развојот на компанијата и го претставуваат темелот врз кој денес се гради визијата за натамошниот раст на компанијата.

Водени од принципот Луѓето пред сè, АЛКАЛОИД останува доследен на грижата за своите вработени и по завршувањето на нивниот работен ангажман. Во рамките на проектот, компанијата секоја година упатува повик за обновување на базата на податоци на пензионираните алкалоидовци, со цел одржување континуирана комуникација и поврзаност со своите поранешни вработени.

Како знак на благодарност и признание за нивниот влог, во пресрет на новогодишните празници, до нивните домашни адреси беа испратени внимателно подготвени, брендирани пакетчиња. Со овој гест се потврдува искрената почит спрема нивното наследство, искуство и спрема нивните вредности – темели што и натаму го обликуваат идентитетот на АЛКАЛОИД.



# Успешна алкалоидова екоприказна: АЛКАЛОИД ги наградува најдобрите екологисти во редот на своите вработени



Со собрани речиси 50.000 пластични шишиња и лименки наменети за натамошна рециклажа, успешно беше заокружена првата фаза од еколошката кампања на АЛКАЛОИД реализирана во соработка со ПАКОМАК. Кампањата започна во октомври 2024 година, а беше завршена во 2025 г. со прогласување на апсолутниот победник – најекологист од редот на вработените.

Покрај главниот победник, во текот на кампањата секој квартал беа бирани и по тројца најуспешни учесници рангирани според освоените поени на апликацијата „Екомак“, добиени со евидентирање на рециклирањето во посочениот период.

Долгорочната цел на кампањата е подигнување на личната свест и поттикнување правилни навики за управување со отпадот од пакувањата, со акцент врз рециклирањето пластични и ПЕТ-шишиња и лименки во вендинг-машините поставени од колективниот постапувач „Пакомак“.

Во согласност со правилата за учество, апсолутниот победник беше награден со ваучер во вредност од 20.000 денари наменет за купување алтернативно превозно средство (велосипед, електричен тротинет) или друга спортска опрема. Дополнително, беа обезбедени вредносни ваучери и за тројцата најекологисти од секој квартал.





# АЛКАЛОИД дел од едукативниот проект на тема „Селектирање и рециклирање отпад“ во соработка со „Пакомак“



Во духот на својата ESG-стратегија и на посветеноста за одржлив развој, во соработка со националниот постапувач за отпадот од пакувањата „Пакомак“, во ноември компанијата организираше едукативни обуки за учениците од ОУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“, и во централното и во подрачното училиште.

АЛКАЛОИД продолжува со својата мисија да ја подигне свеста кај јавноста и да поттикне позитивни промени во општеството. Овие активности се дел од кампањата за подигнување на свеста на идните генерации за правилна селекција на отпадот и за развивање одговорни навики уште од најрана возраст. Водејќи се од основниот принцип да придонесуваме во општеството со цел одржување на животната средина, на овие обуки, преку интерактивни активности и практични совети, учениците го научија начинот за правилно постапување со отпадот и за негово распределување и рециклирање.

Целта? Да создадеме свесни генерации кои ќе знаат како да се грижат за животната средина уште од најрана возраст. Заедно со младите градиме подобра иднина – чиста, одговорна и одржлива.

# АЛКАЛОИД дел од програмата за доедукација за професионален пожарникар



Алкалоид е првата приватна компанија која во партнерство со СУГС „Марија Кири Склодовска“ успешно ја реализираше програмата за доедукација за професионален пожарникар, како дел од постсредното образование, наменета за вработените во Одделот за обезбедување и заштита.

По завршувањето на теоретската и практичната обука и полагањето на завршниот испит, вработените се стекнаа со призната диплома за професионален пожарникар. Овој успех претставува значаен придонес за нивниот професионален напредок, а воедно ја потврдува континуираната посветеност на АЛКАЛОИД за воспоставување и одржување високи стандарди за безбедност и заштита на работното место.

Со учеството во оваа програма компанијата дополнително ја зајакнува својата визија за создавање здраво, сигурно и безбедно работно опкружување. Континуираната доедукација и доквалификација на вработените во нивната професионална област е важен елемент во личниот и кариерниот развој и ја потврдува долгорочната определба на АЛКАЛОИД за вложување во човечките ресурси.





# III. Животна средина



# III.
# Животна средина

Управувањето со животната средина претставува клучен елемент во системот за одржливо и одговорно работење на АЛКАЛОИД АД Скопје. Во согласност со барањата на Системот за управување со животната средина ISO 14001 и со барањата и принципите на GRI-стандардите, компанијата има воспоставено систематски пристап за идентификација, евалуација и за управување со аспектите и влијанијата на животната средина кои произлегуваат од активностите во фармацевтската, хемиската, козметичката и билкарската дејност.

Значајните аспекти врз животната средина, вклучувајќи ги употребата на суровини и хемиски супстанции, потрошувачката на енергија и вода и создавањето отпад и емисии во воздухот, водата и почвата, се предмет на редовно следење и контрола. Врз основа на процената на влијанијата врз животната средина, компанијата дефинира јасни цели и програми за животната средина насочени кон превенција на загадувањето, намалување на ризиците и континуирано подобрување на перформансите.

Напредокот во остварувањето на поставените цели се следи преку релевантни индикатори за перформансите, кои овозможуваат транспарентно известување, усогласеност со законската регулатива и навремено преземање мерки. Преку интеграција на еколошките барања во оперативните процеси, управување со синџирот на снабдување и преку развој на производите, компанијата придонесува за заштита на животната средина и за одржлив развој.

**Животната средина е одговорност на сите нас!**



## Клучни индикатори за животната средина

Активното учество на вработените заедно со континуираната едукација и јасно дефинираните одговорности претставува основа за ефективна имплементација и за одржување на Системот за управување со животната средина, во согласност со принципите на стандардот ISO 14001.

### Јаглероден отпечаток и климатски промени

Вкупни GHG-емисии

Опсег 1, 2 и 3 емисии годишно известување

Процентуалниот тренд на емисии спореден со претходниот период

Интензитетот на јаглеродниот отпечаток

GHG-емисии од килограм производ или приход

### Користење енергија и ефикасност

Вкупната потрошувачка на енергија

Вкупната енергија што се користи по локалитетите

Користење обновлива енергија

Процент на користење обновлива енергија

Подобрување на енергетската ефикасност

Намалување на потрошувачката на енергија во споредба со претходната година

### Управување со водните ресурси

Вкупното користење на водата

Намалување на потрошувачката на вода

Водна ефикасност

Потрошувачката на вода по килограм производ или профит

### Намалување на отпадот и рециклирање

Вкупно создаден отпад

Тренд на вкупно создаден отпад

Процент на рециклиран отпад

Процент на отпадот кој не е депониран

Опасен отпад

Процент на опасен отпад соодветно третиран

# Кампањи со нашите вработени

Ги охрабруваме нашите вработени постојано да го надградуваат своето знаење и свесно да се однесуваат спрема животната средина. Значително го подобруваме одговорот на вработените со редовно подигнување на свеста преку нашите комуникациски кампањи кои промовираат:



## Кампањи со јавноста

Ја информираме јавноста за нашите активности во оваа област преку јавни соопштенија во медиумите, на семинари и преку здруженијата во кои членуваме, како што се Стопанската комора на Северна Македонија, Американската стопанска комора во Северна Македонија, Институтот за стандардизација на Северна Македонија, Здружението на европски енергетски менаџери во РС Македонија EUREM-MK, Здружението на УНИДО-експерти за енергетска ефикасност UNIDO Partnership и други. Активно учествуваме и при изработката на законските прописи од областа на животната средина.

Одржливото подобрување на животната средина зависи и од добрите односи со претставниците на општествената средина, особено со нашите најблиски соседи, бидејќи нашите активности имаат влијание врз нивното опкружување и врз нивниот животен стандард. Континуирано ја известуваме јавноста и работиме на подигнување на нејзината свест во однос на заштитата на животната средина преку комуникациски кампањи кои промовираат:



## Систем за управување со енергијата во согласност со барањата на ISO 50001:2018

На 2.6.2025 година АЛКАЛОИД АД Скопје се здоби со сертификат за Системот за управување со енергијата во согласност со барањата на стандардот ISO 50001:2018.

## Eco Vadis – глобално доверлив провајдер за оценување на одржливоста на бизнисот

Во 2025 година АЛКАЛОИД се здоби со реномираниот бронзен медал за одржливост на платформата Eco Vadis, при што сегментот за животната средина е оценет со 86/100 бода, со што се потврди сериозната заложба на нашата компанија во секоја сфера од работењето.

# Градење капацитети од областа на животната средина

- Приклучување кон глобалната иницијатива UN Global Compact.
- Учество во работилници за изработка на нацрт-НИП за POPs-трајни органски загадувачи на Република Северна Македонија
- Учество во промоцијата на Водичот за декарбонизација организиран од Стопанската комора на Северна Македонија и од Европската инвестициска банка (ЕИБ)
- Обука за ESG-извештај и за ESG-процес на собирање мерни индикатори од сегментот на животната средина – обука за капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје
- Екодијалог кон ЕУ: поттикнување еколошки промени преку инклузивно застапување политики – бизнис-секторот во зелена транзиција – климатска акција и заштита на природата – студија на добри практики од локалниот бизнис-сектор АЛКАЛОИД АД Скопје: одржливост во секоја молекула
- SDG Clinic – предавачи во областа на етичкиот аудит и зелените инвестиции на АЛКАЛОИД АД Скопје, организирано од UNDP Северна Македонија и од Правниот факултет Скопје
- Почетна работилница за финансирање на биодиверзитетот (БИОФИН) во Република Северна Македонија. Програма за развој на Обединетите нации (УНДП) преку Иницијативата за финансирање на биодиверзитетот – БИОФИН, во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање
- Примена на стандардите за обелоденување на одржливоста според IFRS – работилница на Македонската берза за IFRS-стандарди за одржливост
- Напредна програма за обука за ESG организирана од AmCham, Американската стопанска комора на Северна Македонија
- Шеста меѓународна конференција на Македонската асоцијација за управување со цврст отпад (MaSWA) „Патот до одрживо управување со отпадот“

- Јаглероден отпечаток, корпоративен и по производ – интерна обука на вработените во Обезбедување квалитет
- Циркуларна економија и декарбонизација, организирано од „Титан Усје“ АД Скопје и од Стопанската комора на Северна Македонија
- Обуки за 5S-методологијата за подобрување на ефикасноста, безбедноста и животната средина на работното место
- Обуки за плановите за постапување при потенцијално влијание врз животната средина
- Обуки од областа на ВИ и развивање алатки и можности за користење на ВИ во процесите на одделот Животна средина
- Одржлив животен стил во Организацијата на UNSSC (Обединетите нации)





## Управување со нашето влијание врз животната средина

Стратешки приоритет на компанијата е континуираното намалување на влијанијата врз животната средина, со цел придонес кон зачувувањето и унапредувањето на функционалноста на екосистемите и заштита на јавното здравје. Овој пристап е интегриран во долгорочното стратешко планирање и во оперативните процеси на компанијата. Компанијата повеќе од две децении применува воспоставен Систем за управување со животната средина, преку кој систематски се идентификуваат и се управуваат значајните аспекти и поврзаните влијанија. Системот промовира еколошка одржливост, превенција на загадувањето и усогласеност со применливата регулатива и со меѓународните стандарди и е целосно имплементиран на сите производствени локации на компанијата. Во 2025 година АЛКАЛОИД се сертифицираше во согласност со барањата на Системот за управување со енергетски менаџмент ISO 50001, како дополнување на напорите за подобрување на енергетската ефикасност и за намалување на емисиите.

# Пристап на двојна материјалност

**Влијание врз животната средина**

- Користење природни ресурси, емисии на стакленички гасови
- Загадување на водата, почвата и воздухот
- Влијание врз климатските промени
- Загадување и исцрпување на локалните водни ресурси
- Деградација на екосистемите

**Финансиско влијание / можности**

- Намалување на трошоците, оптимизација на ресурсите и минимизирање на регулаторните казни
- Трошоци за третман и за депонирање, можност за рециклирање и циркуларна економија
- Капитални инвестиции за енергетска ефикасност, регулаторни обврски, можности - долгорочна отпорност
- Трошоци и ризик од регулаторни санкции, оперативна отпорност
- Препознавање и имплементација на одржливи практики во набавката и во производството

## Еколошки ризици

Компанијата континуирано ги следи, ги евалуира и ги дефинира мерките за управување со ESG-ризиците како дел од унапредувањето на целокупниот систем за управување со ризици. Процесот овозможува подлабоко разбирање на ризиците и на можностите низ организацијата и придонесува за подобрување на деловните процеси преку воспоставување појасни механизми за управување и за известување за ESG-ризиците.

### Еколошки ризици/влијанија

- Физички климатски ризици: акутни и/или хронични елементарни непогоди, екстремни температури и временски настани —› можни прекини во производството и во логистиката, зголемени трошоци, влијание врз осигурителните обврски, деградација/ограничување во достапноста на ресурсите
- Несоодветно управување со емисиите и со отпадот —› влијание врз водата, воздухот и почвата
- Зголемена потрошувачка на вода, енергија и суровини
- Ризик од несоодветни еколошки практики кај добавувачите

**Финансиски ризици и можности**

- Зголемени оперативни трошоци поради климатските промени
- Регулаторни санкции и трошоци од непочитувањето на еколошките стандарди
- Транзициски ризик —› премин кон технологии со пониски емисии и капитални инвестиции
- Зголемени трошоци за ресурси и енергија
- Можности —› оптимизација на потрошувачката, зголемена енергетска и водна ефикасност, долгорочна финансиска отпорност

**Контрола, превенција и транзиција**

- Континуирани проценки на ризикот, надзор на индикаторите, мерење и контрола на емисиите и постапување со отпадот
- Усогласеност со законските и со интегрираните еколошки дозволи
- Интеграција на ризиците во стратегијата, политиката и во бизнис-процесите за поставување цели, насоки во зелената транзиција и за мерење на напредокот
- Следење на трендовите во промените на барањата за одржливост од страна на пазарите и технологиите и воспоставување интеракција/соработка меѓу компаниите, институциите и засегнатите страни

# Аспекти и влијанија врз животната средина (ЕМП)

Во АЛКАЛОИД АД Скопје е воспоставен систем за идентификување и за оценување на аспектите врз животната средина од сите процеси што се реализираат. Идентификуваните аспекти се следат и се набљудуваат на одредена фреквенција, во согласност со дефинираните обврски во законската регулатива од областа на животната средина.

Законските обврски, во однос на емисиите во животната средина, параметрите и фреквенцијата на набљудување, се дефинирани во:

- А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда УП1-11/3 бр. 466/2021;
- А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров УП1-11/3 бр. 704/2021;
- А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ ХКБ, програма Хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров УП1-11/3 бр. 705/2021; измена на интегрираната еколошка дозвола А УП1-11/3 бр. 2548/2022;
- Елаборатот за животната средина за ПЦ ХКБ, програма Козметика, на локалитетот во Ѓорче Петров бр. 08-3931/1;
- Елаборатот за животната средина за ПЦ ХКБ, програма Билка, на локалитетот во Аеродром бр. 08-4743/2;
- Елаборатот за заштита на животната средина за одморалиштето на АЛКАЛОИД АД Скопје во Стар Дојран, Општина Дојран, бр. 12-1288/2 од 8.8.2025.

# Емисии во воздухот

Мерењата на емисиите во воздухот во горенаведените документи се дефинирани како што следува

| Локалитет | Мерни места / Фреквенција | Опис на емисиите | Опис на емисиите |
|---|---|---|---|
| Во ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда | 13 (тринаесет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења) | А1, А2 и А8 – испусти од котларата ($NO_2$, $SO_2$, CO и цврсти честички прашина (PM)) | А3, А4, А5, А6, А7, А9, А10, А11, А12 и А13 – испусти од системот за отпрашување (емисија на цврсти честички – фармацевтска прашина.) |
| ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров (производство на цефалоспорини и производство на фармацевтски суровини) | 5 (пет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења) | А1, А2, А3 – испуст од системот за отпрашување (производство на цефалоспорини, емисија на цврсти честички – фармацевтска прашина; | А4 и А5 – испуст од локален вентилациски систем (погон за производство на фармацевтски суровини, емисија на испарливи органски соединенија (VOC)) |
| ПЦ ХКБ, програма Хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров | 11 (единаесет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења) | А1, А2 и А3 – испусти (емисија на загадувачки супстанции CO, $NO_2$, $SO_2$ и на цврсти честички прашина (PM)); | А4 – испуст над реакторот (погон за неоргански синтези, емисија на прашина, $NO_2$, $SO_2$, $NH_3$ и VOC)<br><br>А5 до А11 – испусти над реакторите (погон за неоргански синтези, емисија на прашина, $NO_2$, $SO_2$, $NH_3$ и VOC) |
| ПЦ ХКБ, програма Билка | 4 (четири) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења) | А1 и А2 – испусти од котларата (емисија на загадувачки супстанции CO, $NO_2$ и $SO_2$ и на цврсти честички прашина (PM)); | Два испуста од системот за отпрашување (емисија на цврсти честички (PM)) |
| Одморалиште Дојран | 1 (едно) мерно место | Испуст од котларата (емисија на загадувачки супстанции CO, $NO_2$ и $SO_2$ и на цврсти честички прашина (PM)); | Н/П |
| ПЦ ХКБ, програма Козметика | Не се идентификувани испусти во воздухот | | |

** Прилог 1: Мониторинг на емисиите во воздухот, водата и бучавата*

# Климатски промени

Климатските промени претставуваат еден од клучните глобални предизвици со значителни влијанија врз луѓето и екосистемите. Во тој контекст, АЛКАЛОИД е посветен на намалување на сопствениот јаглероден отпечаток преку систематска примена на климатски мерки и одржливи деловни практики, вклучувајќи унапредување на енергетската и процесната ефикасност и зголемување на употребата на обновливи извори на енергија.

**Пристап за двојна материјалност**

Климатските промени се идентификувани како материјална тема преку процесот на двојна материјалност, при што се земени предвид и влијанијата на деловните активности на АЛКАЛОИД врз животната средина, како и финансиските ризици и можности поврзани со климатските промени.

**Материјалност на влијанието врз животната средина**

Деловните активности на АЛКАЛОИД придонесуваат за емисиите на стакленички гасови првенствено преку потрошувачката на енергија, како и преку другите ресурси (средства за ладење, стационарни и мобилни извори) во производствените процеси.

За да ги ублажи овие влијанија, АЛКАЛОИД континуирано спроведува активности насочени кон намалување на сопствениот јаглероден отпечаток. Декарбонизацијата на производствените процеси се поддржува преку реализација на проекти за подобрување на енергетската и процесната ефикасност, како и преку инвестирање во сопствено производство и во снабдување со електрична енергија од обновливи извори.

**Финансиска материјалност**

Од финансиски аспект, климатските промени претставуваат материјална тема поради нивното влијание врз трошоците за енергија; потребата од капитални инвестиции во енергетска ефикасност, зелени технологии/процеси и обновливи извори на енергија, како и поради потенцијалните регулаторни обврски поврзани со даночните обврски, но и поради намалувањето на емисиите на стакленички гасови. Истовремено, примената на климатски мерки создава можности за оптимизација на оперативните трошоци и за зајакнување на долгорочната деловна отпорност кон глобалното затоплување.

**Перформанси и индикатори**

Целите и проектите опфатени со ESG-стратегијата ја одразуваат долгорочната посветеност на АЛКАЛОИД за примена на климатски мерки и одржливи практики. Во текот на 2025 година производствените капацитети продолжуваат со унапредување на воспоставените практики за декарбонизација, со цел постигнување на поставените цели на ниво на целокупното производство.

Акцентот беше ставен врз оптимизација на потрошувачката на енергенти и врз намалување на оперативните трошоци. Како резултат на реализираните проекти во текот на 2025 година, АЛКАЛОИД ги зголеми емисиите на стакленички гасови за 0,33% во споредба со 2024 година (Scope 1 и Scope 2).

## Емисии на стакленички гасови

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 305)**

**Начелата на стандардот GRI 305 – емисии** – кои се однесуваат на емисиите на супстанциите од одреден извор во атмосферата, се воспоставени за пресметка и за следење во однос на основните процеси што ги спроведува компанијата.

**GRI 305** ги вклучува емисиите на стакленички гасови (GHG), супстанциите што го осиромашуваат озонот (ODS), како и азотните ($NO_X$) и сулфурните оксиди ($SO_X$), меѓу другите позначителни емисии во воздухот.

Пресметките прикажани во овој извештај ги вклучуваат емисиите на стакленички гасови (GHG), односно $CH_4$, $N_2O$, HFCs, PFCs, $SF_6$, $NF_3$ изразени како $CO_2$eq.

Емисиите на стакленички гасови, во согласност со GRI-стандардот, се групирани на следниов начин:

**ОПСЕГ 1**
- Стационарни извори (котлари)
- Мобилни извори (транспорт со сопствени возила
- Средства за ладење

**ОПСЕГ 2**
- Емисии на стакленички гасови од откупена електрична енергија од необновливи извори

**ОПСЕГ 3**
- Категорија 1 – емисии од производството и од набавката на влезни материјали
- Категорија 2 -капитални средства
- Категорија 3 – емисии од исцрпувањето, производството и од транспортот на енергенти
- Категорија 4 – транспортот како услуга од трета страна
- Категорија 5 – емисии од третманот на создадениот отпад од оперативните процеси
- Категорија 6 – службени патувања
- Категорија 7 – патувањата на вработените до работа и назад
- Категорија 8 – емисии што се создаваат од изнајмени објекти
- Категорија 12 – емисии од третманот на отпадот кој настанува по употребата на нашите производи.

## Емисии на стакленички гасови - 2025 година




## Емисии на стакленички гасови (по опсег)



# Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија

Компанијата го зголеми нивото на амбиција во однос на користењето електрична енергија од обновливи извори, како дел од систематскиот пристап спрема подобрувањето на енергетските перформанси, во согласност со барањата на стандардот ISO 50001.

Стратешка цел е до 2030 година да се обезбеди 100 % снабдување со електрична енергија од обновливи извори, со што директно се придонесува за намалување на индиректните емисии на стакленички гасови (Scope 2) и за ублажување на климатските ризици поврзани со енергетската зависност и со нестабилноста на пазарите.

**Материјалност и пристап**

Користењето електрична енергија од обновливи извори е материјална тема преку двојната материјалност, при што се зема предвид:

- влијанието врз животната средина: намалувањето на емисиите на стакленички гасови и придонесот за климатско ублажување;
- финансиските ризици и можности: зголемувањето на енергетската независност, намалувањето на изложеноста на ценовни флуктуации и создавањето можности за оптимизација на трошоците.

**Перформанси и индикатори**

Во 2025 година 73,24% од вкупната потрошувачка на електрична енергија беше обезбедена од обновливи извори, што претставува подобрување на енергетските перформанси во однос на основата за 2024 година и зголемување од 1% до 2% на годишно ниво (1,12%). Напредокот се следи преку релевантни индикатори за енергетските перформанси.

**Развој и управување со капацитетите за обновлива енергија**

Со цел зголемување на уделот на енергија од обновливи извори и искористување на можностите поврзани со енергетската транзиција, беше основано посебно трговско друштво – АЛКАЛОИД Енергетика ДООЕЛ – задолжено за развој и за управување со капацитети за производство на енергија од обновливи извори на нови локации. Оваа иницијатива претставува и мерка за управување со транзициските климатски ризици преку зголемување на енергетската независност и намалување на изложеноста на ценовни флуктуации на енергијата.

**Подобрување на енергетските перформанси**

Енергетската ефикасност е интегрирана како клучен елемент во деловната стратегија и во системот за управување со животната средина. Континуираното подобрување се обезбедува преку:

- систематска идентификација на значајните потрошувачи на енергија;
- планирање и имплементација на мерки за подобрување;
- обезбедување на потребните ресурси и информации за релевантните функции;
- редовно следење, мерење и анализа на енергетските перформанси.

Компанијата континуирано работи на намалување на енергетскиот интензитет преку проектирање и воведување промени во производството, објектите, опремата, системите и во процесите. Притоа, се обезбедува усогласеност со законските и со другите применливи барања поврзани со користењето на енергијата и со енергетската ефикасност, во согласност со принципот на континуирано подобрување според ISO 50001.



# Инвестиции и заштеди од мерки за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија

Во 2025 година се реализирани инвестиции од 18.200 евра во мерки со кои годишно се заштедуваат 400 MWh електрична енергија, и над 36.000 m³ вода, односно од вкупно реализираните инвестиции од 2018 година од 2.831.814 евра секоја година се заштедуваат над 10.000 MWh енергија и 350.000 m³ вода.

| Година | Проект-мерки-број | ЕЕ Мерка | Заштеди | | | | | | | Потрошувачка | | Инвестиции |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вредносно (EUR/ годишно) | Енергија (MWh/ годишно) | "Вода (m3/ годишно)" | % од вкупна енергија | % од вкупно вода | t CO2e | Et-CO2e+Wt-CO2e | Вкупно енергија (MWh/ годишно) | Вкупно вода (m3/ годишно) | Вредносно (EUR/ годишно) |
| 2018 | 20 | Вкупно | 72.166 | 2.219 | 0 | 5,40% | 0,00% | 666 | 666 | 41.103 | 469.874 | 81.458 |
| | 6 | Реализирано | 46.378 | 1.359 | 0 | 3,31% | 0,00% | 408 | 408 | | | 2.458 |
| 2019 | 37 | Вкупно | 536.602 | 23.240 | 194.900 | 55,47% | 45,49% | 6.972 | 39.520 | 41.895 | 428.485 | 2.533.567 |
| | 12 | Реализирано | 308.708 | 3.720 | 100.000 | 8,88% | 23,34% | 1.116 | 17.816 | | | 573.135 |
| 2020 | 34 | Вкупно | 362.259 | 1.131 | 36.152 | 2,54% | 10,70% | 339 | 6.377 | 44.492 | 337.801 | 381.926 |
| | 10 | Реализирано | 7.913 | 99 | 3.650 | 0,22% | 1,08% | 30 | 639 | | | 1.149.111 |
| 2021 | 15 | Вкупно | 289.589 | 4.185 | 92.043 | 8,56% | 28,65% | 1.255 | 16.626 | 48.871 | 321.246 | 474.767 |
| | 13 | Реализирано | 134.150 | 1.515 | 108.520 | 3,10% | 33,78% | 454 | 18.577 | | | 112.028 |
| 2022 | 15 | Вкупно | 400.000 | 1.700 | 5.000 | 4,25% | 1,49% | 510 | 1.345 | 39.967 | 336.419 | 6.825.000 |
| | 14 | Реализирано | 354.950 | 2.100 | 5.000 | 5,25% | 1,49% | 630 | 1.465 | | | 725.000 |
| 2023 | 7 | Вкупно | 178.000 | 1.700 | 100.000 | 4,43% | 28,82% | 510 | 17.210 | 38.360 | 346.927 | 722.282 |
| | 4 | Реализирано | 84.000 | 400 | 100.000 | 1,04% | 28,82% | 120 | 16.820 | | | 172.282 |
| 2024 | 4 | Вкупно | 35.300 | 610 | 0 | 1,51% | 0,00% | 183 | 183 | 40.336 | 302.271 | 79.600 |
| | 4 | Реализирано | 35.300 | 610 | 0 | 1,51% | 0,00% | 183 | 183 | | | 79.600 |
| 2025 | 8 | Вкупно | 18.200 | 400 | 36.864 | 0,97% | 13,25% | 120 | 6.276 | 41.147 | 278.272 | 18.200 |
| | 8 | Реализирано | 18.200 | 400 | 36.864 | 0,97% | 13,25% | 120 | 6.276 | | | 18.200 |
| **Вкупно** | **140** | **Вкупно** | **1.892.116** | **35.185** | **464.958** | **85,51%** | **167,09%** | **10.556** | **88.204** | **41.147** | **278.272** | **11.116.801** |
| | **71** | **Реализирано** | **1.014.599** | **10.153** | **354.034** | **24,67%** | **127,23%** | **3.046** | **62.170** | | | **2.831.814** |

# ESG



# Енергија



**(Известувањето е направено врз основа на GRI 302)**

Начелата на Стандардот GRI 302 енергија се воспоставени за пресметка и за следење на информациите и на податоците што се однесуваат на начинот на кој компанијата управува со влијанијата поврзани со користењето на енергијата.

- GRI 302-1 – потрошувачката на енергија во рамките на компанијата
- GRI 302-3 – енергетскиот интензитет
- GRI 302-4 – намалувањето на потрошувачката на енергија

# ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА ОД НЕОБНОВЛИВИ И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ 2025



# Вкупна Енергенсна и Енергетска Ефикасност 2025



## Електрична енергија од обновливи извори GRI-302-1-b фотоволтаици [kWh]



# ПОТРОШУВАЧКА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ ПО ЛОКАЛИТЕТИ ЗА 2025 год.



# Намалувањето на потрошувачката на енергија во рамките на компанијата









# ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА И ЕНЕРГЕНТИ ВО ОДНОС НА ЕДИНИЦА ПРОИЗВОД ЗА 2025 год.

Интензитет на воден ресурс [m³/t]




Енергетски интензитет (откупена ел. енергија) [MWh/t]




Интензитет на течно гориво [l/t]




Интензитет на природен гас [Nm³/t]




Енергетски интензитет (сопствени ФВ централи) [MWh/t]



# Отпад и циркуларна економија

АЛКАЛОИД применува систематски и проактивен пристап спрема управувањето со отпадот, со акцент врз спречувањето на неговото создавање, ефикасното користење на ресурсите и врз примената на принципите на циркуларната економија. Овој пристап е интегриран во целокупното работење и ги опфаќа сите релевантни фази од животниот циклус на производите.

Стратешките цели, политики и активности во областа на отпадот вклучуваат:




Во рамките на системот за управување со животната средина, производствените капацитети воспоставуваат и спроведуваат програми за минимизирање на опасниот и на неопасниот отпад и редовно ја оценуваат ефикасноста на употребените материјали, во согласност со регулаторните барања и со интерните политики.

## Материјалност и пристап

Управувањето со отпадот и примената на принципите на циркуларната економија се идентификувани како материјална тема преку процесот на двојна материјалност, земајќи ги предвид влијанијата на активностите на компанијата врз животната средина, како и финансиските ризици и можности поврзани со управувањето со ресурсите.

## Материјалност на влијанието на активностите на компанијата врз животната средина

Активностите на компанијата создаваат опасен и неопасен отпад, кој може да има негативни влијанија врз животната средина доколку со него не се управува соодветно. Потенцијалните влијанија вклучуваат зголемен ризик врз природните ресурси, загадување на почвата и на водите, како и емисии поврзани со третманот и со отстранувањето на отпадот.

За да ги ублажи овие влијанија, АЛКАЛОИД изврши мапирање на отпадот во сите оперативни процеси во компанијата (во согласност со Стандардот GRI 306: Waste 2020) и врз основа на воченото применува мерки за намалување на создавањето отпад. Промовира повторна употреба и рециклирање (open loop recycling – добивање различни производи од ист тип на материјал), како и согорување без/со добивање енергија, а обезбедува и усогласено управување со отпадот што не може да биде пренасочен кон циркуларните текови. Посебно внимание им се посветува на оптимизацијата и на одржливата употреба на материјалите за пакување.

**Финансиска материјалност**

Од финансиски аспект, управувањето со отпадот претставува значајна тема поради потенцијалните трошоци поврзани со третманот и со отстранувањето на отпадот, регулаторните обврски и ризиците од неусогласеност, како и поради можностите за оптимизација на трошоците преку подобрена ефикасност/искористеност на ресурсите и преку зголемена циркуларност.

Инвестирањето во процеси за минимизирање на отпадот и за зголемување на стапките на рециклирање придонесува за намалување на оперативните трошоци, подобрување на ефикасноста на производството и за зајакнување на долгорочната отпорност на компанијата.

**Перформанси и индикатори**

Во текот на 2025 година АЛКАЛОИД го зголеми интензитетот на отпадот дефиниран како вкупно количество создаден отпад од единица готов производ за 11 % во споредба со 2024 година.
Во однос на циркуларноста, процентот на отпадот што беше повторно употребен или рециклиран во 2025 година беше зголемен за 1 % во споредба со 2024 година.
Отпадот што не можеше да биде пренасочен кон повторна употреба или кон рециклирање беше управуван на безбеден и регулаторно усогласен начин.



**Отпад**

(Известувањето е направено врз основа на GRI 306)

- GRI 306-3 – создаден отпад
- GRI 306-4 – отпад што не се депонира
- GRI 306-5 – отпад што се депонира

**Во прилог 2 е дадена пресметка за создадениот отпад по локалитети во АЛКАЛОИД АД Скопје.*

# Вкупно создаден отпад во АЛКАЛОИД АД Скопје



# Управување со водните ресурси

Нашиот систем за управување со животната средина, заедно со системот за управување со енергијата, го утврдува пристапот на компанијата за одржливо користење и управување со водата во сите наши операции.

**Пристап за двојна материјалност**

Користењето и управувањето со водата се материјални теми според двојната материјалност:

- материјалност на влијанието на активностите на компанијата врз животната средина: нашите операции можат да влијаат врз локалните водни ресурси и екосистемите, па затоа ги преземаме сите мерки за рационално користење, преработка и повторна употреба на водата;
- финансиска материјалност: ефикасното управување со водата помага за намалување на трошоците, намалување на ризикот од регулаторни санкции и за зголемување на оперативната отпорност на компанијата.

**Перформанси и индикатори**

Во 2025 година го намаливме вкупното користење на водата за 21,36 ML, што претставува 7,13 % намалување на потрошувачка на вода на нашите локалитети во споредба со 2024 година. Овој резултат ја потврдува нашата континуирана посветеност на одржливо управување со водата, поддржана со голем број проекти насочени кон рационално користење и заштеда на вода.

Преку континуиран надзор, редовни проверки и спроведување мерки за намалување на потрошувачката, во последните пет години успеавме да ја преполовиме потенцијалната потрошувачка на вода. Со планираните дополнителни мерки за идните години очекуваме да постигнеме уште подобри резултати.

# Емисии од отпадната вода

Мерењата на емисиите од отпадната вода се дефинирани како што следува:

| **Локалитет** | **Мерни места и фреквенција** | Опис на мерните места |
|---|---|---|
| ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда | 3 (три) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадните води (месечни мерења) | С1 и С3 – точки на емисија од Производство – фармација<br>С2 – точка на емисија од Контрола на квалитет – фармација |
| ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров – производство на цефалоспорини и на фармацевтски суровини | 2 (две) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадните води (месечни мерења) | С1 – точка на емисија од погонот за производство на цефалоспорини и С2 – точка на емисија од погонот за производство на фармацевтски суровини |
| ПЦ ХКБ, програма Хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров | 1 (едно) мерно место за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадната вода (месечни мерења) | С1 – точка на емисија од производството на програмата Хемија |
| ПЦ ХКБ, програма Козметика | Отпадната вода се следи преку точка на емисија од производството на програмата Хемија (годишно мерење), што завршуваат во иста излезна точка – Паршалов канал | |
| ПЦ ХКБ, програма Билка | 1 (едно) мерно место за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадната вода (годишно мерење) | С1 – точка на емисија од производството на програмата Билка |

**Мерењата се претставени во прилог 1: набљудување на емисиите во воздухот, водата и бучавата*

# Вода и ефлуенти



**(Известувањето е направено врз основа на GRI 303)**

Начелата на Стандардот GRI 303 вода и ефлуенти се воспоставени за пресметка и за следење на користењето на водата и на емисиите во водната средина кои можат да влијаат врз квалитетот на водата.

Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за вода и ефлуенти

- GRI 303-3 – користење на водата

**Потрошувачка на вода за 2025 во АЛКАЛОИД АД Скопје**



# Природата и биолошката разновидност

Зачувувањето на природата и на биолошката разновидност претставува клучен елемент во одржливото работење на АЛКАЛОИД, особено имајќи го предвид користењето природни, растителни, билни и хемиски суровини во фармацевтската, хемиската, билкарската и во козметичката индустрија. Одговорното управување со природните ресурси е неопходно за долгорочна стабилност на производствените процеси и за заштита на екосистемите.

Во согласност со принципите на Стандардот ISO 14001, АЛКАЛОИД систематски ги идентификува значајните еколошки аспекти и ги проценува поврзаните влијанија врз биолошката разновидност и врз екосистемите. Врз основа на проценката на влијанијата се идентификуваат ризиците и можностите.

- Ризици: деградација на екосистемите, губење на биодиверзитетот, зголемена експлоатација на природните суровини и прекумерна употреба на хемиски материи кои можат да го нарушат локалниот животински и растителен свет.
- Можности: воведување одржливи практики во набавката и во производството, користење обновливи и сертифицирани суровини од проверени добавувачи, подобрување на процесите за управување со отпадот и со водата и поддршка на проекти за реставрација на екосистемите.

Врз основа на овие проценки АЛКАЛОИД воспоставува политики, насоки и оперативни контроли за минимизирање на негативните влијанија и за поддршка на одржливото искористување на природните ресурси. Интеграцијата на овие мерки во развојот на производите, синџирот на снабдување и во оперативните процеси обезбедува континуирано подобрување на перформансите, зачувување на биодиверзитетот и долгорочна одржливост на компанијата.



# IV. Општествени прашања



# IV. Општествени прашања



Како компанија континуирано инвестираме време, енергија и ресурси за градење поддржувачка работна средина која ги става благосостојбата и професионалниот развој на вработените во фокусот, како и за спроведување иницијативи и проекти од поширок општествен интерес. Водени од уверувањето дека луѓето се нашата најголема вредност, создаваме култура која овозможува напредок како за поединците така и за заедницата во која дејствуваме.

Преку активна промоција и примена на Кодот за деловно и етичко однесување, ги зајакнуваме и ги живееме нашите клучни вредности: луѓето пред сè, интегритет и чесност, лидерство базирано на вредности и креирање на најдобрите резултати заедно.

# Вработените и процесот на регрутација и селекција

Во рамките на нашата заложба за континуиран раст, АЛКАЛОИД постојано го проширува својот тим со квалификувани и мотивирани професионалци. Со своето знаење и иновативен пристап вработените се носители на нашата визија за постигнување одржлив успех и за поставување повисоки стандарди. Компанијата во моментов има 2234 вработени во земјата и 784 во капитално поврзаните друштва и претставништва во странство. Во текот на 2025 година беа реализирани 51 ново вработување во АЛКАЛОИД АД Скопје и 3 во АЛКАЛОИД КОНС, при што дел од позициите беа пополнети преку интерни огласи, со цел поттикнување на кариерниот развој на постојните вработени.

Активно ја негуваме комуникацијата со идните таленти преку учество на саеми за вработување и преку соработка со средни училишта и високообразовни институции, инвестирајќи во развојот на младите. Воедно, ја продолживме кампањата „Еден работен ден во АЛКАЛОИД“, со која на транспарентен начин ги доближуваме нашата работна култура и секојдневните предизвици до пошироката јавност.

**Нововрaботени АЛКАЛОИД АД според пол**



## Програма за млади таленти



Од 2018 година АЛКАЛОИД континуирано ја спроведува Програмата за млади таленти, која ги опфаќа Програмата за практикантство и Програмата за парцијално дуално образование, која се реализира од 2021 година. Во рамките на оваа програма се реализираат и различни развојни активности во соработка со образовни институции, како и стручни и иновативни иницијативи, вклучително и активности поврзани со примената и со унапредувањето на принципите на зелена хроматографија.

Во текот на оваа година беше реализиран приемот на осмата генерација практиканти. Од почетокот на Програмата до денес вкупно 359 практиканти од различни образовни институции беа вклучени во практикантската програма. Во 2025 година во работен однос влегоа 6 практиканти, додека, пак, вкупниот број на практиканти кои досега се вработени изнесува 127.

Во рамките на Програмата за парцијално дуално образование ја пречекавме петтата генерација ученици, со што досега 121 ученик бил дел од оваа програма. Вкупната вработливост од овој проект досега изнесува 47,89 %.

Во текот на 2025 година, во рамките на развојните активности, беа вклучени вкупно 843 студенти, од кои 281 студент учествуваше во лабораториските вежби, 347 студенти реализираа посети на локациите/погоните, а 215 студенти присуствуваа на предавања и работилници. Дополнително, во рамките на иницијативата за зелена хроматографија беа вклучени 11 студенти, при што беа развиени 2 зелени методи.

Со континуираните инвестиции во едукацијата и во развојот на младиот кадар, АЛКАЛОИД создава основа за развој на идни таленти и активно придонесува за одржлив развој на компанијата и на заедницата.

## Добросостојбата на вработените

Водени од нашите клучни вредности и од грижата за вработените и за нивните семејства, АЛКАЛОИД нуди различни бенефиции: бенефиции за децата на вработените, дополнително здравствено осигурување и слободен ден за прваче. Во 2025 година Програмата ја проширивме со воведување слободен ден за роденден и подарок за прваче и продолжуваме да го развиваме и да го надградуваме пакетот за бенефиции.

Преку Програмата за бенефиции за децата обезбедуваме финансиска поддршка за изучување странски јазици и компјутерски вештини, активности од областа на науката и културата, како и спортски и танцови активности. Во 2025 година беа реализирани 812 целосни пријави.

## Обука и развој на вработените

Во АЛКАЛОИД негуваме култура на постојано учење и на професионален развој, со цел надградување на знаењата, вештините и компетенциите на нашите вработени. Нашата цел е секој член на тимот да има можност за континуиран кариерен раст и усовршување, при што внимателно ги следиме најновите индустриски трендови и иновации. Веруваме дека инвестирањето во развојот на луѓето е основата за одржлив успех.

За постигнување на ова годишно организираме голем број интерни и екстерни обуки. Просечниот број на тренинг-часови од вработен за 2025 година изнесува 105,71.

**Реализација на интерни/екстерни обуки**



## Систем за управување со таленти и учинок

Поттикнуваме отворена комуникација и дијалог на сите нивоа овозможувајќи вработените да примаат и да даваат повратни информации. Во процесот на повратна информација се вклучени 1816 вработени, а 71% од нив се опфатени со системот за управување со учинок.

Една од нашите клучни цели е да изградиме работна средина во која вработените ќе се чувствуваат ценето и почитувано за својот труд.

## Фер третман за сите вработени

Во секојдневната комуникација, како и при изборот на соработници, партнери, кандидати за вработување, клиенти и наши вработени ние застапуваме политика на недискриминација по ниту една основа и во согласност со нашите клучни вредности ја промовираме различноста со восхит и со емпатија, независно од потеклото, националната/етничката и религиската припадност, од возраста, јазикот, верата, полот, од социјалниот статус, сексуалната ориентација, вредностите или од интересите на едно лице.

**Полова структура на вработени во АЛКАЛОИД АД**




**Полова структура на раководни позиции во АЛКАЛОИД АД**




**Квалификациска структура на вработените во АЛКАЛОИД АД**



# Систем за управување со безбедноста и здравјето при работа



Системот за безбедност и здравје при работа е воспоставен и имплементиран како интегрален дел од интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД и е применлив на сите организациски нивоа, деловни активности и работни процеси на компанијата. Системот обезбедува структуриран и систематски пристап за управување со ризиците поврзани со безбедноста и здравјето при работа, во согласност со корпоративната определба здравјето пред сè.

Управувањето со безбедноста и здравјето при работа се спроведува преку политики, процедури и мерки насочени кон идентификација, процена и контрола на ризиците, со цел превенција на повреди при работа, професионални заболувања и други негативни влијанија врз здравјето на вработените и на другите лица кои се опфатени со активностите на компанијата.

Како дел од системскиот пристап спрема управувањето со безбедноста и здравјето при работа, компанијата континуирано инвестира во унапредување на условите за работа, подобрување на работната средина и јакнење на организациските и техничките капацитети за ефикасна заштита на безбедноста и здравјето.

# Идентификација на опасностите, проценка на ризиците и истрага за инцидентите

Во рамките на системот за безбедност и здравје при работа АЛКАЛОИД има воспоставено формализирани процеси за континуирана идентификација на опасностите, процена и управување со ризиците поврзани со безбедноста и здравјето при работа. Овие процеси се применуваат проактивно, пред започнување со работните активности, како и при промена на постојните или при воведување нови работни процеси, технологии и организациски решенија, со цел навремено препознавање и намалување на потенцијалните ризици.

Врз основа на спроведените проценки се дефинираат и се имплементираат соодветни превентивни и заштитни мерки насочени кон елиминирање или намалување на ризиците, со цел заштита на безбедноста и здравјето на вработените, како и на другите лица кои се опфатени со активностите на компанијата, вклучително и вработените кај добавувачите и изведувачите. Ефективната примена на мерките е поддржана преку јасна распределба на одговорностите, стручна поддршка од Одделот за безбедност и здравје при работа и преку воспоставени интерни контролни механизми.

| Индикатори за идентификација на опасности и на ризици поврзани со работата | 2024 година | **2025 година** |
|---|---|---|
| Вкупно ажурирани проценки на ризик | 29 | **213** |
| Вкупно пријавени избегнати несреќи | 38 | **50** |

# Изјава за медицина на трудот

Преку редовни и вонредни здравствени прегледи, проценка на здравствената способност за извршување на работните задачи и преку следење на здравствената состојба во однос на изложеноста на професионални ризици, се овозможува навремено откривање на потенцијалните негативни влијанија врз здравјето на вработените и преземање соодветни превентивни и корективни мерки. Активностите по медицина на трудот се насочени кон превенција на професионални заболувања, одржување на работната способност и унапредување на општата здравствена состојба на вработените.

Услугите по медицина на трудот се обезбедуваат преку овластени здравствени установи и стручни лица, во координација со Одделот за безбедност и здравје при работа и со раководството на компанијата. Резултатите и препораките од спроведените здравствени активности се користат како основа за подобрување на условите за работа, приспособување на работните места и за дополнително зајакнување на превентивните мерки, со цел континуирано унапредување на системот за безбедност и здравје при работа и заштита на здравјето на вработените.

| Податоци за превентивните здравствени прегледи | 2024 година | **2025 година** |
|---|---|---|
| Склучени договори со здравствени установи за медицина на труд | 4 | **5** |
| Вкупно извршени превентивни здравствени прегледи меѓу вработените | 2020 | **2050** |
| Издадени препораки за контролен преглед или каква било друга препорака | 12 | **29** |

## Учество, информирање и консултирање на вработените



Во АЛКАЛОИД АД Скопје активното учество на вработените е значаен фактор во континуираното унапредување на безбедноста и здравјето при работа. Преку воспоставените канали за информирање и консултирање, вработените и нивните формално избрани претставници се вклучени во процесите на идентификација на ризици, предложување мерки и донесување одлуки поврзани со работните услови.

Работниците имаат можност да пријавуваат потенцијални опасности, небезбедни услови или инциденти без страв од негативни последици, но и да учествуваат во процесите на анализа и предложување корективни и превентивни мерки. Овој пристап придонесува за развој на културата на превенција, одговорност и транспарентност во областа на здравјето и безбедноста при работа.

Одборот за безбедност и здравје при работа, составен од претставници на вработените, стручно лице за безбедност при работа и претставници на менаџментот, одржува редовни средби и ја следи примената на мерките и законските барања. Врз основа на разгледаните состојби и предлози, Одборот донесува заклучоци и препораки за унапредување на системот за управување, а по потреба се вклучуваат и стручни лица од различни области.

# Обука на вработените за безбедност и здравје при работа

Обуките за безбедност и здравје при работа претставуваат еден континуиран процес во компанијата, кој поддржува безбедна изведба на сите работни активности. Програмите за обука се креирани за да обезбедат навремено информирање и практична подготвеност на вработените за ризиците поврзани со нивните работни задачи, во согласност со законските барања и интерните процедури.

Структурираните обуки задолжително се спроведуваат при интеграција на нови вработени во процесите, при организациски или технолошки промени, како и при воведување нови средства за работа. Дополнително, преку интерни програми, вработените редовно се запознаваат со безбедносните процедури, мерките за заштита од пожари и експлозии и со утврдените постапки за итни состојби и евакуација.

Со овој пристап компанијата обезбедува постојано одржување и унапредување на нивото на безбедносна подготвеност, со што се намалува веројатноста од несакани настани и се зајакнува стабилната и безбедна работна средина.

| Обуки за безбедност и здравје при работа | 2024 година | **2025 година** |
|---|---|---|
| Број на реализирани обуки за вработените во согласност со законската регулатива | 789 | **1758** |
| Број на реализирани специфични обуки за безбедност и здравје при работа за вработените | 620 | **1103** |
| Број на реализирани обуки за прва помош за вработените | 150 | **447** |
| Број на реализирани обуки за заштита од пожар и експлозии и за евакуација на вработените | 739 | **866** |

## Промоција и унапредување на здравјето на вработените

Во АЛКАЛОИД АД Скопје грижата за здравјето на вработените е интегрален дел од корпоративните вредности и од долгорочниот пристап спрема одржливиот развој. Компанијата препознава дека физичката и менталната благосостојба на вработените имаат директно влијание врз нивната работна ефикасност и мотивација и врз севкупниот квалитет на живот.

Со цел обезбедување навремена и квалитетна здравствена заштита, на сите вработени им е овозможено доброволно приватно здравствено осигурување, целосно финансирано од компанијата, кое овозможува поедноставен пристап до здравствените услуги. Паралелно со тоа се поттикнува активен и здрав начин на живот преку поддршка на рекреативни и спортски активности, вклучително и користење спортски објекти, учество на спортски и на рекреативни настани и промоција на одржливи навики, како на пример користење велосипед за секојдневно движење.

Овие активности претставуваат дел од сеопфатниот пристап на компанијата за поддршка на здравјето и благосостојбата на вработените.

## Превенција и намалување на безбедносните влијанија директно поврзани со деловните односи

Компанијата воспоставува сеопфатен систем за управување со безбедноста и здравјето при работа, кој ги опфаќа и сите надворешни изведувачи и подизведувачи со кои има формален договор за деловна соработка. Во рамките на договорните односи се дефинираат јасни безбедносни барања, вклучувајќи професионална и техничка стручност, задолжително користење лична заштитна опрема, изработка на план за БЗР пред започнување на активностите, надзор над изведувањето на работите и исправност на опремата.

Пред започнувањето на активностите, надворешните изведувачи се запознаваат со потенцијалните ризици, внатрешните правила за безбедност, како и со постапките за постапување во случај на опасност. Компанијата спроведува континуиран надзор и контрола врз примената на безбедносните мерки, со цел навремено спречување и намалување на ризиците поврзани со деловните односи, придонесувајќи за создавање безбедна, одговорна и одржлива работна средина.



## Вработени опфатени со системот за управување со безбедноста и здравјето при работа

Системот за управување со безбедноста и здравјето при работа ги опфаќа сите вработени ангажирани преку компанијата, како и лицата вработени во други правни субјекти, но кои врз основа на договор извршуваат работни активности во рамките на компанијата. Опфатот е независен од видот на вработувањето, бројот на работни часови или од локацијата на извршување на работата.

Системот е применлив на сите организациски нивоа и оддели, вклучувајќи го и највисокото раководство, со цел обезбедување унифицирани безбедносни стандарди и протоколи за сите. Неговата ефикасност редовно се оценува преку интерни и екстерни проверки, со што се обезбедува континуирано подобрување и унапредување на безбедноста, здравјето и благосостојбата на сите лица опфатени со системот.

## Повреди при работа

| Повреди поврзани со работата на вработените во компанијата | 2024 | **2025** |
|---|---|---|
| Број и стапка на смртни случаи | 0 | **0** |
| Број на повреди со тешки последици | 0 | **0** |
| Стапка на повреди со тешки последици | 0 | **0** |
| Број на евидентирани повреди | 29 | **33** |
| Стапка на евидентирани повреди (пресметка (фреквенција) на 1.000.000) | 6,7 | **8,23** |
| Стапка на тежина на повредите (пресметка на 100.000) | 11,27 | **13,06** |
| Број на работни часови | 4.329.441 | **4.010.705** |
| Главна причина за повреди при работа | Лизгање, сопнување, паѓање и небезбедно ракување | |
| **Повреди поврзани со работата на работниците кои не се вработени, но кои се под контрола на компанијата** | **2024** | **2025** |
| Број и стапка на смртни случаи | 0 | **0** |
| Број на евидентирани повреди/повреди со тешки последици | 0 | **1** |
| Стапка на фреквенција на повреди на вработените на добавувачите | 0 | **7,01** |

## Професионални заболувања

| Професионални заболувања поврзани со работата на вработените во компанијата | 2024 | **2025** |
|---|---|---|
| Евидентирани професионални заболувања | 0 | **0** |
| Број и стапка на смртни случаи како резултат на професионални заболувања | 0 | **0** |
| **Професионални заболувања поврзани со работата на работниците кои не се вработени, но кои се под контрола на компанијата** | | |
| Евидентирани професионални заболувања | 0 | **0** |
| Број и стапка на смртни случаи како резултат на професионални заболувања | 0 | **0** |

## Работници за обезбедување и заштита обучени во согласност со политиките за заштита на човековите права

При извршување на своите овластувања лицата ангажирани во приватното обезбедување постапуваат со целосно почитување на човековите права и на основните слободи на сите лица и заедници врз кои може да имаат влијание нивните активности. Компанијата применува политика на нулта толеранција спрема дискриминацијата на која било основа, обезбедува употреба на средства за присилба исклучиво како последна и законски оправдана мерка и гарантира заштита на приватноста, личните податоци и достоинството на сите засегнати страни.

Во рамките на системот за управување со одржливоста, компанијата воспоставува и применува механизми за информирање, редовна обука, како и надзор и внатрешен надзор над работниците за обезбедување, со цел идентификација, спречување и ублажување на потенцијалните негативни влијанија врз човековите права, како и навремено постапување по утврдени или пријавени прекршувања, во согласност со принципите на длабинска анализа *(human rights due diligence).*

| Области | Индикатори | |
|---|---|---|
| Усогласување на интерните акти со измените во законските и во подзаконските прописи и други стандарди | 100% | |
| Обуки, работилници и вежби од доменот на употребата на сила и на средства за присилба, комуникациските вештини, човековите права и слободи и заштитата на личните податоци | Број на вработени | Процент на обучени работници |
| | 55 | 100% |
| Пријави за прекумерна употреба на сила, нечовечко или понижувачко постапување, дискриминација и злоупотреба на лични податоци | 0 пријави | |



*Компанијата применува политика на нулта толеранција спрема дискриминацијата на која било основа, обезбедува употреба на средства за присилба исклучиво како последна и законски оправдана мерка и гарантира заштита на приватноста, личните податоци и достоинството на сите засегнати страни*





# V. Управување

# Корпоративно управување

АЛКАЛОИД АД Скопје во 2025 година продолжи со примена на начелата за добро корпоративно управување, кои се утврдени во Статутот и во внатрешните акти на компанијата, а воедно продолжи и со примена на добрата корпоративна пракса во целиот систем и во сите процеси во компанијата.

Годишното собрание на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје, кое се одржа на 1.4.2025 година, беше организирано во согласност со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје и со сите внатрешни акти, како и во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, а, меѓу другото, беа преземени  и активности за техничко усогласување на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, во делот на шифрите и називите на дејностите на компанијата, со Националната класификација на дејностите (НКД) рев. 2.1, која стапи во сила од 1.1.2025 година.

Во рамките на подготвителните активности за Годишното собрание на акционери, интердисциплинарна група во рамките на компанијата продолжи со доследно пополнување на прашалниците објавени на Македонската берза, во насока на известување за усогласеноста со Кодексот за корпоративно управување.

Исто така, АЛКАЛОИД АД Скопје, во согласност со својата стратешка заложба за континуиран одржлив развој, во декември 2025 година организираше ESG-месец, во чиј фокус не беше само подигнувањето на свеста за ESG-темите во рамките на компанијата, како и во капитално поврзаните друштва, туку и подигнувањето на самодовербата на вработените преку презентација на веќе постигнатите цели и заложби во текот на 2025 година, токму преку реализираните ангажмани и заложби на вработените.

Во текот на мај 2025 година претставници на ESG-одборот спроведоа обука за вработените во компанијата во врска со Кодот за етичко и деловно однесување, Политиката за забрана на злоупотреба на детскиот труд и на младите лица, со Политиката за заштита и за унапредување на човековите права, Политиката за модерно ропство, како и со Политиката за недискриминација и за промовирање различност, еднакви можности и инклузија, како потсетување на важните принципи што ги има усвоено компанијата од областа на човековите права како фундаментална вредност, а преку кои се грижи за здравјето и за квалитетот на живот на вработените, потрошувачите на нашите производи, нивните семејства и човештвото во целост.

Членовите на органите на управување на компанијата продолжија со активно и конструктивно реализирање на обврските и одговорностите од делокругот на органот во кој членуваат, во согласност со Статутот и со Деловникот на работа на соодветниот орган. Органите на управување и во 2025 година беа активно вклучени во следењето и во надгледувањето на ESG-стратегијата, како и во процесите на управување со ESG-ризиците, проценките и известувањето за ESG-процесите.

Исто така, во текот на 2025 година АЛКАЛОИД АД Скопје продолжи да ја демонстрира заложбата за воспоставување одржлив синџир на снабдување, во чии рамки нашите сегашни и идни добавувачи, како и нивните партнери и соработници континуирано ќе обезбедуваат примена на еколошките и социјалните стандарди, како и на стандардите и принципите за добро корпоративно управување.

## Корпоративна усогласеност

Еден од основните предуслови за деловните успеси на АЛКАЛОИД АД Скопје е да се дејствува со инегритет и чесност. Најважните постулати врз кои нашата компанија ги темели своите деловни активности се целосна усогласеност со локалните и со меѓународните прописи, но и со внатрешните акти, како и целосна доброволна заложба и посветеност на раководната структура и на вработените за почитување на етичките принципи и стандарди.



# Код на етичко и деловно однесување

АЛКАЛОИД АД Скопје, во рамките на деловните операции, продолжува да ги применува највисоките етички норми и стандарди. Кодот за етичко и деловно однесување, како клучен елемент во градењето на етичката корпоративна култура, преку промоција на клучните вредности во свои рамки, а со поддршка од системот за усогласеност, има цел да овозможи секој наш вработен и секое раководно лице самостојно да носи етички одлуки во секојдневното работење, а со тоа да се остварува и нашата заедничка мисија и визија за градење корпоративен интегритет и култура.

Платформата AlkaSpeakUp е компаниска веб-форма и канал за комуникација преку кој нашите вработени и надворешни соработници можат да пријават незаконско или неетичко однесување од вработените или од раководните лица во компанијата. Ги охрабруваме Пријавувачите да пријават какво било однесување кое е спротивно на принципите утврдени со Кодот за етичко и деловно однесување, а во врска со него постапува и одлучува Комисијата за корпоративна усогласеност, врз основа на точно утврдени правила и принципи.

Во текот на последниот квартал од 2025 година, во рамките на компанијата експерти од Одделот за информатичка технологија и телекомуникации, со кориснички барања дадени од офицерот за корпоративна усогласеност и од членовите на Комисијата за корпоративна усогласеност, дизајнираа нова платформа Alka-SpeakUp, чија примена ќе започне од 2026 година. Со новата платформа ќе се надминат сите недоследности и технички ограничувања на претходната платформа. Со тоа и на пријавувачите на повреди, а и на офицерот за корпоративна усогласеност и на Комисијата за корпоративна усогласеност ќе им се овозможат функционалности и искуства кои ќе обезбедат од една страна поднесување квалитетни пријави, а од друга страна можност телата на процесот на корпоративна усогласеност да спроведуваат квалитетни постапки за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување преку располагање со квалитетни податоци и информации врз кои ќе ги базираат своите наоди.

Најважна карактеристика на новата платформа е можноста во процесот на пријави за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување, како корпоративен акт, да се вклучат и сите капитално поврзани друштва и на тој начин да се централизира процесот на имплементација на Кодот за етичко и деловно однесување на целата групација, преку водење постапки од централните тела на процесот на корпрорaтивна усогласеност, секако, со поддршка од локалните офицери за усогласеност од друштвата од кои потекнуваат пријавите.

Со почетокот на примената на новата платформа во 2026 година сите податоци содржани во досегашната платформа ќе бидат архивирани и достапни за проверка од надлежните засегнати страни и аудити.



# Преглед на постапките за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување

Во текот на 2025 година Комисијата за корпоративна усогласеност на АЛКАЛОИД АД Скопје ги заврши и ги затвори постапките за сите пријави пренесени од претходната година, освен за една пријава, чие постапување се пренесува за наредната година.

Во однос на пријавите пристигнати во 2025 година, Комисијата за корпоративна усогласеност преку платформата AlkaSpeak-Up прими вкупно шест содржини, од кои за две утврди дека ги задоволуваат сите потребни услови за да бидат квалификувани како пријави за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување. Во однос на содржините кои не беа квалификувани како пријави, но кои имаа цел да пренесат корисни пораки од вработените за подобрување на процесите и на практиката во компанијата, Комисијата спроведе координација со соодветните надлежни служби и во рамките на таа иницијатива беа реализирани соодветни активности.

Комисијата за корпоративна усогласеност во 2025 година дополнително постапуваше и за пријава примена надвор од платформата AlkaSpeakUp, за која истрагата е затворена, а предметот се наоѓа во крајната фаза на постапување. Во однос на истрагата која беше спроведена во рамките на оваа постапка, Комисијата помогна и во утврдувањето на фактичката состојба по повод независно иницираната дисциплинска постапка, на барање на раководното лице во организациската единица, во согласност со овластувањата што ги има Комисијата утврдени со член 6 став 6 од Правилникот за корпоративно заштитено внатрешно пријавување.

## Антикорупциска политика

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која целосно е посветена на одржување на највисоките стандарди на правно и етичко однесување. Антикорупциската политика има цел поблиску да ги образложи аспектите на одредени начела кои се уредени во Кодот за етичко и деловно однесување и во Кодексот за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција. Во оваа политика се уредени сите аспекти на превенцијата и санкцијата за недозволена исплата и за поткуп на јавни службеници и носители на јавни функции, но и за кои било други форми на корупција, како и основните параметри на нашата интеракција со државната структура и со општеството во целина. Со примена на оваа политика се продолжува да се зајакнува заложбата на компанијата за обезбедување и за натамошно градење корпоративен интегритет и репутација, кои се темелат на чесност, фер однесување и личен интегритет, а кои се применуваат на работните позиции што ги вршат сите вработени и раководни лица, како и сите други лица кои се поврзани на кој било начин со компанијата.

## Кодекс за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција

Овој кодекс за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција поставува стандарди што се однесуваат на интеракцијата со здравствената заедница, па поради тоа е од исклучително значење за компанијата. Кодексот за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција ги уредува промоцијата, комуникацијата и нашите интеракции со здравствените работници, здравствените организации и со здравствената заедница во целина. Нашата компанија исклучително се залага за континуирана едукација на медицинските претставници и преку спроведување обуки обезбедува нивна усогласеност со сите релеватни кодекси на индустријата, како и со важечките законски прописи.

## Заштита на лични податоци

АЛКАЛОИД АД Скопје континуирано ја одржува и ја унапредува својата стратегија за заштита на личните податоци, со што обезбедува високо ниво на безбедност, доверливост и усогласеност со релевантните законски прописи и добрите практики. Во 2025 година компанијата продолжи со имплементација на голем број технички, организациски и процедурални мерки, во согласност со регулативата за заштита на личните податоци, со посебен акцент врз зајакнувањето на контролите во средините каде што се складираат, се обработуваат и се разменуваат лични податоци.

Во текот на годината беше забележан и значаен регулаторен развој во областа. Агенцијата за заштита на личните податоци донесе нов Правилник за безбедност на обработката на личните податоци, кој започна да се применува од 1 јули 2025 година. Како резултат на новите барања и обврски, АЛКАЛОИД АД Скопје спроведе повеќе активности за усогласување на работењето со пропишаните стандарди, вклучувајќи ги и донесувањето и ажурирањето на релевантните интерни акти и процедури, со цел систематско и одржливо управување со безбедноста и приватноста.

Во насока на продолжување на активностите за целосна усогласеност на компанијата со системот за заштита на лични податоци, во 2025 година беа реализирани следниве клучни активности:

- **Ажурирање и воведување нови интерни акти и процедури**
  Во согласност со новите регулаторни барања, беа донесени и ревидирани интерни политики, правила и процедури кои ја уредуваат безбедноста на обработката на личните податоци, дефинирајќи јасни одговорности, контролни механизми и практични насоки за постапување низ целата организација.

- **Континуирана проценка на обработувачи и потенцијални партнери (due diligence)**
  АЛКАЛОИД продолжи со редовно спроведување на due diligence за соработниците кои имаат улога на обработувачи на лични податоци, како и со систематска проверка на усогласеноста на потенцијалните партнери со Законот за заштита на личните податоци и со применливите стандарди пред секоја нова соработка. На овој начин се зајакнува контролата врз третите страни и се минимизираат ризиците поврзани со обработката на лични податоци надвор од компанијата.

- **Обуки и подигнување на свеста кај вработените**
  Во текот на 2025 година продолжија редовните обуки и активности за подигнување на свеста кај вработените за правилно постапување со личните податоци. Дополнително, обуката за заштита на личните податоци беше интегрирана како составен дел од стандардната Програма за воведување на секој нововработен, со што се обезбедува рана и конзистентна изградба на култура на заштита на личните податоци во компанијата.

- **Координација и усогласување во рамките на групацијата**
  Во тесна соработка со офицерите за заштита на личните податоци (ОЗЛП) и со одговорните лица во другите држави, продолжија активностите за унапредување и за усогласување на системите и на процесите за заштита на личните податоци во капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД. Во 2025 година посебен акцент беше ставен врз Босна и Херцеговина, Албанија и Косово, со цел изедначување на практиките, унапредување на контролите и применување стандардизиран пристап спрема усогласеноста.

Со сите преземени мерки во 2025 година АЛКАЛОИД АД Скопје ја потврди својата посветеност на високите стандарди за заштита на личните податоци и за информациска безбедност, овозможувајќи стабилна и сигурна околина за своите вработени, партнери и клиенти. Преку навремено усогласување со новите регулаторни барања, зајакнати механизми за контрола на трети страни и преку континуирана едукација на вработените, компанијата продолжува да гради систем кој поддржува доверба, транспарентност и одговорно управување со личните податоци.

## Јавни давачки

Групацијата „Алкалоид“ како мултинационална компанија ги применува законите и прописите во земјите каде што работи и ги плаќа соодветните даноци и давачки според важечките прописи. Бидејќи имаме присуство во бизнисот и вработувањето во многу земји, плаќаме даноци вклучувајќи данок на добивка, индиректни даноци (ДДВ), како и даноци и социјални придонеси поврзани со нашите вработени.

Основните принципи кои ги следи групацијата „Алкалоид“ во областа на оданочувањето се: навремено плаќање даноци и поднесување даночни пријави до даночните власти во согласност со законите и прописите, избегнување ризични даночни одлуки, следење на промените во даночното законодавство, обезбедување континуирана обука за вработените вклучени во областа на даноците, како и градење и одржување транспарентни и конструктивни односи со даночните власти. Интегритетот, искреноста и довербата се основните вредности и принципи наведени во Кодексот на етика и професионално однесување на „Алкалоид“, кои ги применуваме и во сферата на оданочувањето.

Групацијата „Алкалоид“ ги следи принципите на меѓународно оданочување вградени во соодветните билатерални договори за избегнување на двојното оданочување, врз основа на моделот на даночната конвенција на ОЕЦД за приход и капитал. На тој начин се избегнува двојното оданочување и се обезбедува соодветна даночна основа во секоја јурисдикција.

За сите интеркомпаниски трансакции групацијата „Алкалоид“ ги применува Упатствата за трансферни цени на ОЕЦД и специфичното законодавство за конкретната земја, применувајќи го принципот дофат на рака. Нашата политика за трансферни цени е документирана и поткрепена со економски анализи и извештаи. Документацијата за трансферни цени, која вклучува главен фајл и локални фајлови, се ревидира и се ажурира секоја година.

Групацијата „Алкалоид“ има воспоставено интерни сметководствени контроли, кои вклучуваат и интерни даночни контроли на секое ниво на работење и во сите друштва, со цел управување со финансиските и со даночните ризици.

Одделот за даноци во „Алкалоид“, надгледуван од главниот финансиски директор, е одговорен за даночните работи и ги спроведува начелата и принципите утврдени со внатрешните акти, кои се донесени од Управниот одбор на „Алкалоид“, вклучувајќи ги Статутот на компанијата, Кодот за етичко и деловно однесување и ESG-политиката, а во согласност со Политиката за интегриран систем за управување на „Алкалоид“.

Даноците на добивка се детално опишани во нашите консолидирани финансиски извештаи. Даночните информации кои се обелоденети во финансиските извештаи се предмет на независна ревизија.


2.102
1.419
4.654
8.460
1.661

# ESG-ризици за 2025 година

**Управување со ризици**

Во текот на 2025 година групацијата систематски ги идентификуваше, анализираше и управуваше со ризиците што се однесуваат на клучните аспекти на животната средина, општествената одговорност и корпоративното управување (ESG).

Процесот на управување со ESG-ризиците е интегриран во корпоративната стратегија и ги опфаќа следниве чекори:

- **Идентификација на ESG-ризиците:** сите релевантни ризици поврзани со климатските промени, енергетската ефикасност, работничките права, етичкото управување и со транспарентноста се евидентирани во регистарот на ризици.

- **Проценка и анализа:** за секој ESG-ризик се спроведува проценка на веројатноста и на влијанието со користење стандардизирана методологија. Високите и критични ризици се приоритизираат за акција.

- **Мерки и акциски планови:** за секој значаен ESG-ризик се дефинирани конкретни мерки за ублажување, одговорни лица и рокови за имплементација.

- **Надзор и известување:** најмалку еднаш годишно сопствениците на ESG-ризиците известуваат за промените и за преземените мерки за ублажување.

Повеќе детали за управувањето со ризиците се дадени во годишниот извештај на групацијата.

## Идентификација на ESG-ризиците

ESG-ризиците ги идентификуваат раководителите на соодветните организациски единици, кои се надлежни за реализирање одредени ESG-барања на ист начин и со примена на истата процедура и методологија како и за другите ризици во групацијата.

Со членовите на ESG-одборот се дискутира за начинот на третман на ESG-ризиците. Одборот редовно го прати движењето на овие ризици, како и мерките што се преземаат за намалување на нивното влијание врз работењето на групацијата.

Во 2025 година друштвото идентификуваше вкупно 37 ESG-ризици (во 2024 г. вкупно 31), кои се прикажани во следнава табела:

| ESG-категории | Број на ESG-ризици | | | Промена на оцената |
|---|---|---|---|---|
| | 2024 | 2025 | Промена | |
| Животна средина | 7 | 7 | - | ↔ / ↑ |
| Корпоративно управување | 10 | 10 | - | ↔ |
| Социјални прашања | 14 | 20 | 42 % | ↔ / ↓ |
| **Вкупно** | **31** | **37** | **20 %** | |

*Значење на симболите за промена на ESG-ризиците:*

↑ - зголемување; ↓ - намалување; ↔ - без промена

Промената на оценката на ризиците настанала под дејство на промените во делот на барањата, подобрувањето на контролите или на комплетирањето на мерките што се преземени за нивно намалување. Сите ризици задолжително се преоценуваат најмалку еднаш годишно.

Повеќе од 87 % од ESG-ризиците се оценети во пониската група на ризици (во 2024 г. вкупно 84 %) поради добрите политики, процеси и контроли во делот на усогласеноста со барањата на ESG-стандардите што се применуваат во групацијата.

## Подобрувања кај ESG-ризиците во 2026 година

Друштвото ќе започне со дигитализација на процесот на управување со ризиците со користење платформа преку која сите ризици ќе се евидентираат, анализираат, следат и управуваат централизирано, овозможувајќи автоматско доделување на одговорностите, следење на статусот на мерките, генерирање извештаи и обезбедување целосна трага заради ревизија и усогласеност со релевантните стандарди и регулативи.

# Годишен извештај за примена на Кодот за однесување на добавувачите на АЛКАЛОИД АД Скопје

Кодот за однесување на добавувачите на АЛКАЛОИД АД Скопје ги дефинира основните принципи поврзани со почитувањето на човековите права, работните услови, здравјето и безбедноста при работа, со заштитата на животната средина, етичкото однесување, со спречувањето корупција и усогласеноста со важечката регулатива.

Во текот на 2025 година компанијата континуирано ја применуваше и ја следеше имплементацијата на Кодот за однесување на добавувачите на АЛКАЛОИД АД Скопје, со цел обезбедување одговорно, етичко и усогласено работење во синџирот на снабдување, во согласност со законските прописи, корпоративните вредности и меѓународно прифатените стандарди.

Во текот на годината компанијата спроведе активности за информирање и за следење на усогласеноста на добавувачите со одредбите на Кодот преку задолжително внесување договорни клаузули, потпишување изјави за усогласеност, како и редовна комуникација со клучните деловни партнери. Вкупно 990 домашни и странски добавувачи беа информирани за обврската за почитување на Кодот како составен дел од деловната соработка, а дополнително, во текот на целата година, во 241 договори со добавувачите (нови договори со постојните добавувачи, анекси на постојните договори, нови договори со нови добавувачи) беше внесена клаузула за почитување на ESG-принципите и на принципите содржани во Кодот.

Компанијата останува посветена на навремено адресирање на сите потенцијални ризици поврзани со синџирот на снабдување.

Во годините што следуваат компанијата ќе продолжи со унапредување на механизмите за следење на усогласеноста на добавувачите, јакнење на транспарентноста и интегрирање на принципите од Кодот во процесите на избор, како и со евалуација и континуирана соработка со добавувачите, со цел одржлив и одговорен развој на деловните односи во целиот синџир на снабдување.

# ESG-обука и усогласеност со GRI/ ESRS-стандардите во службата Снабдување

Во текот на 2025 година беше спроведена сеопфатна ESG-обука за сите вработени во службата Снабдување, со цел јакнење на капацитетите за интеграција на принципите за животната средина (Environment), општествената одговорност (Social) и за корпоративното управување (Governance) во процесите на набавка и на управување со синџирот на снабдување.

Обуката беше структурирана во согласност со релевантните GRI-стандарди, а акцентот беше ставен врз практичната примена на ESG-критериумите во процесите на снабдување, вклучително:

- одговорен избор и евалуација на добавувачите;
- примена и надзор на Кодот за однесување на добавувачите на АЛКАЛОИД АД Скопје;
- идентификација, процена и управување со ESG-ризиците во синџирот на снабдување;
- почитување на човековите и на работничките права во синџирот на вредности;
- зголемување на транспарентноста и на следливоста на набавните активности.

Со цел зајакнување на подготвеноста и обученоста за синџирот на снабдување, вработените беа обучени да препознаваат потенцијални ESG-ризици кај добавувачите, да применуваат превентивни и корективни мерки и да придонесуваат за континуирано унапредување на одржливите набавни практики.

Ова овозможува поефикасно управување со ризиците, зголемена усогласеност со регулаторните барања и поголема отпорност за синџирот на снабдување на долгорочен план.

Со спроведената ESG-обука компанијата воспостави унифициран пристап и јасни одговорности во снабдувањето, со што се создава цврста основа за усогласено ESG-известување и за континуирано подобрување во согласност со GRI- и со ESRS-стандардите.





# VI. Податоци за капитално поврзаните друштва и претставништва



# VI
# Податоци за капитално поврзаните друштва и претставништва

